# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Триесеттата седница на
Собранието на Република Македонија,
одржана на 17 јули 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Есад Рахиќ, Неждет Мустафа, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Никола Георгиевски, Блаже Стојаноски, Петар Наумоски, Љубе Бошковски, Фазли Велиу ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по Петтата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот Џ на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при Што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаЃаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за образование и наука господинот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Денеска пред Вас е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование како една од обврските на Владата во определени сегменти, а овој пат во образованието, преку промена на постојната

регулатива, во функција на надминување и подобрување на некои состојби и решенија, денеска предлагаме заедно да учествуваме во подобрувањето на академскиот живот на високото образование и на целокупниот развој на Република Македонија преку ефектуирање на таквите заложби во овој закон.

Законот за високото образование, како што сите знаете, е донесен во 2000 година каде се направи добар обид и се постигна да се направи закон со некои решенија Македонија ја вклопи во земји кои добија таков закон и каде се предложија решанија кои во склопот на ингеренциите во овој домен решаваат доста суптилни аспекти од високото образование и целокупниот академски живот во Република Македонија.

Од тоа време до сега некои решенија во законот се покажаа дека  не се најсоодветни или не профункционираа така како што беше замислено или од други причини останаа предмет на некоректни и неуредени односи меѓу одредени сегменти и структури на тие што се надлежни за организација и спроведување на политиката во високото образование.

Затоа, ова како прва измена е мотивирана и од овој аспект. Прво, како што и вие знаете дека подолго време се очигледни и јасни проблемите што произлегуваат во односите меѓу институциите, меѓу Владата и универзитетите, значи тие што го организираат високото образование со решенија кои беа предложени во законот, а во исто време не профункционираа. Тоа е проблемот со финансирање на високото образование не семо во јавноста, туку и во сите наши контакти со одрдени одговорни структури во високото образование беа пред нас со барања дека овој сегмент треба да се регулира на начин да функционира самиот закон, а  и да уредува состојби кои се многу потребни не само за високото образование само по себе или како власт, туку и поради фактот што сме земја, што претрендираме да се вклучиме сериозно кон Болоњскиот процес, а еден од основните елементи на Болоњскиот процес освен другите карактеристики е коректни и нормални односи меѓу Владата и институциите кои треба да го спроведат Законот за високото образование.

Не може ни една влада да претендира или ни еден универзитет дека прави реформи ако односите на Владата и универзитетите се во неповолна состојба и некоректни. Нерешениот проблем со финансирањето преку наречениот фонд кој е во постојниот закон создаваше односи не само што беа субјективизирани проблемите, туку објективно неможеше да се планира, да се чекори кон одредена реформа  која е многу потребна за нас и која сигурно ќе треба да ја спроведеме.

Други решенија од Законот и причини кои беа мотив за промена на овој закон се некои решенија што иако не беа лошо поставени во законот, но очигледно не ги дадоа

очекуваните резултати во однос на можности на младиот кадар, во однос на други решенија, па така таа потреба долго време во јавноста а и во односите меѓу Владата - Министерството - Универзиетот во сите наши заеднички контакти беа покренати како нешта што се ургентни и бараат итно решение во функција на стабилизирање на тој дел од младиот кадар затоа што ефектот или тој синдром на бегања на младите кадри може да се спречи или да се ублажи ако одредени решенија во законот се такви што би можеле преку решанија да воспоставиме поадекватен механизам за да го стабилизираме овој контингент и универзитетите бидат и научните кадри да имаат можност посигурно да ги обавуваат своите активности и да служат на оваа земја како такви кадри, па затоа мислам решавањето на ваквиот статус на младите кадри преку овој закон беше и итен и потребен и ние правиме такви решенија.

Сигурен мотив за промена на законот како трето е неконзистентноста во некои решенија кои се покажаа како такви и преку решенијата на Уставниот суд каде се укинаа три члена и само по себе подразбира дека Министерството мора да преземе чекори за надминување на таквите неконзистентни решенија и на членовите избришани од законот да се додадат членови кои соодветно ќе ја решат оваа материја и ќе може законот во целина да функционира и да ги даде потребните резултати на полето на нострификацијата.

Потребата во овој домен да биде имплементирана таа димензија на Охридскиот договор мислам дека е од голема важност и заедно со претходните компоненти е слика која во себе ја содржи потребата за донесување на овој закон во редовна постапка, со една фаза а за што мислиме дека има аргументи, а аргументите се тие што ги реков, а секојдневно беа поставувани и како потреба од високообразовните институции, од научниците, а сигурно и од пратениците преку нивни излагања, а и од медиумите, како што реков.

Кога реков начинот на кој се решава финансирањето го уредува односот меѓу Владата и Универзитетот на кој да биде и функционален и продуктивен и во однос на автономноста на факултетот, но и во однос на потребата за сроведување на реформи. Без ваквиот однос тоа нешто не може да се замисли.

Имплементацијата на Охридскиот договор кој е политичкиот дел на самиот закон кој произлегува и основата му е во уставните решенија и во самиот Рамковен договор, политичката волја на оваа владина коалиција која се одлучи решението базирано врз овој документ да биде и конзистентно и правично со што мислиме дека обрразованието на крајот на краиштата да го поместиме од тој политички и поволен амбиент за политизирање на поле кое сигурно ќе биде предмет и можност образованието да се свати

како универзална категорија, вредност и со тоа не само да ги исполнуваме нашите потреби како држава и како граѓани на Република Македонија, туку и да имплементираме еден политички процес, да хармонизираме обврски спрема меѓународни договори, конвенции, резолуции од разни меѓународни институции, како што се ОН, Советот на Европа, УНЕСКО. Образованието секогаш се третира како универзална категорија за човештвото и мислам дека со ова правиме чекор кон приближување на Македонија со исполнување на овој сегмент на овој начин и приближување на Македонија кон овие стандарди и самите структури за кои мислам дека е стратешка определба не само на Владата, на овој Парламент и на целата земја.

Има елементи во законот кои сигурно се во функција на подобрување и зајакнување на компоненти од Болоњскиот процес, процес кој во себе создава можности за редизајнирање и пристап кон високо образование за да полесно го стави во функција на тековните и развојните потреби на државата и да овозможи реформа на квалитетот на образованието и на други стандарди кои се наша обврска и наша претход засница Македонија да биде членка на ЕУ и да го води тој процес на начин на кој навистина овој пат да го олесни патот на земјата во целина, за економијата, за трансферот и мобилноста на кадрите, на студентите, создавање на можности за придобивање на искуства од другите земји и наши искуства во тие земји и во таа функција правиме промени кои можат да ги зацврстат овие елементи и со тоа да овозможиме образованието да биде претходник на активности кон приближување на евроатлански и европски интеграции.

Затоа мислам дека ние во септември сме една од ретките земји која уште не сме го потпишале тој Болоњски процес и поради тој застој што беше и поради фактот што таквите решенија не беше можно да се оди чекор напред, сега во септември сме поканети, сите чекори се оценети од Комисијата за ЕУ за образование и од Советот на образованието и мислам дека се оценети како многу позитивни и како што реков ќе го потпишеме Болоњскиот процес што е наша заедничка обврска кон тие стандарди што тука се промовират полека да ги исполнуваме. Со овие решенија ние веќе правиме законски претпоставки во таа насока да направиме добра и образованието да се приклучи кон тоа што значи интеграциона филозофија.

Тргнувајќи од сите аргументи и елементи кои не се ниту нови или јас прв пат ги кажувам овде, туку долго време се во круговите на научниот и академскиот живот во Република Македонија како проблеми, мотивирани од потребата тие работи да бидат надминати, Владата и Министерството ги предлагаат овие промени на законот кои мислам дека ќе бидат за доброто на граѓаните и Република Македонија и ќе служи за приближување на Македонија кон европските интеграции.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на министерот Положани.

Има збор господинот Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван господине претседател, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Најпрвин би сакал да го свртам Вашето внимание и да потенцирам дека пред нас денеска имаме еден исклучително важен предлог на закон за кој треба да продискутираме и да се произнесеме денес.

Како една од основните причини за донесување на овој закон предлагачот ги наведува седните факти:

Прво, не функционирање на системот на финансирање на високото образование според досегашниот закон за високо образование од 2000 година.

Потоа, како друга причина се наведени потребите за посуштинско остварување на автономијата на Универзитетот, тука би сакал да го свртам вашето внимание, значи посуштинско остварување на Универзитетот и трето, што е исто така многу важно приклучување кон европските текови во високообразовниот процес посебно придржување и приклонување кон принципите на веќе спомнатата Болоњска декларација од 1996 година.

Значи, врз основа на овој исклучително важен закон и врз основа  на овие важни причини и потреби за носење на овој закон, денеска го имаме овој закон пред нас да се произнесеме и продискутираме и да одлучиме по скратена постапка. Значи, по скратена постапка за еден есенцијален закон за РМ посебн во оваа фаза.

Во текот на вчерашниот ден госпоѓата Иванова која дискутираше за еден не толку важен закон тоа е Законот за азил и за привремена заштита, вчера го пофали овој закон и потенцираше дека тој е пример на кој треба да работи Собранието на РМ, значи во една регуларна постапка, со расправа, со следење на сите фази потребни за донесување на еден закон.

Значи, имаме принцип на двојни аршини. Вчера имавме закон кој г следеше сите принципи и текови  на работата на Собрането, денеска носиме еден исклучително важен по скратена постаока во еден несоодветен период пред годишните одмори.

Тоа е една од нашите основни забелешки при рас;правата и донесувањето на овој закон.

Веднаш би сакал да кажам дека ние како пратеничка група и како најголема опозициона партија ги поздравуваме сите иницијативи и сите правци кои водат кон подобрување на квалитетот на високото образование. Инаку, мислам дека сите сме согласни дека степенот и нивото на високото образование во моментот во РМ не бележи прогрес, напротив, имаме една стагнација и високото образование во глобала во РМ се наоѓа во криза.

Во однос на предложениот закон најпрвин би се задржал за најактуелниот член за кој министерот неколку пати го елабораше и еден од членовите кој беше најекстензивно елабориран и на Комисијата за образование, наука и спорт, тоа е членот 95.

Најпрвин би сакал да ве потсетам за содржината и текстот на постојниот член 95 од Законот за високото образование од 2000 година. Тој член се однесува исклучиво за примена на јазиците на кој се врши високото образование во РМ. Значи, само за примена на јазиците. Тука немаме никаква забелешка во однос на предложените измени од страна на предлагачот во однос на примена на јазиците, меѓутоа, направен е преседан и во овој член во еден пасус е вклучен најсуштествениот дел што го имаме пред нас во однос на разгледување на овој закон, тоа е финансирањето на високото образование на останатите заедници во РМ.

Во изминатите денови на Комисијата бевме сведоци на јавни елаборирања на претставници на извршната и законодавната власт кој толкуваа во јавноста дека законот е во согласност со принципите на Рамковниот договор посебно со принципите наведени во амандманот 8 од Уставот на РМ.

Јас по професија не сум правник, меѓутоа не треба голема правна експертиза да се толкуваат наведените компетентни членови од Рамковниот договор и амандманот 8 при што во Рамковниот договор во точка 6.2 стои дека државата презема одговорност за финансирање на високото образование на заедниците застапени со најмалку 20% во РМ, тоа не е спорно, меѓутоа, со начин на постигнување на посебна спогодба при одлучување за финансирање на високото образование на овие заедници. Значи, не носење на закон и измени во Законот за високото образование  за остварување на некои други цели со посебна спогодба.

Ако го погледнеме амандманот 8 од Уставот на Република Македонија, стои дека република Македонија е должна да го негув аи издигнува идентитетот на сите заедници кои живеат во Република Македонија и да подржува отворање нови образовни институции. Значи, во суштина, амандманот 8 се однесува на идентитетот на заедниците.

Моето прашање до сите вас е дали сметате дека високото образование е категорија што се упатува и го адресира идентитетот на една заедница или тоа е највисок степен на едукација што овозможува висока професионализација и подготвеност тие кадри да се впуштат во најсовремените текови на демократското живеење? Значи, идентитетот не може да се поистоветува со високото образование. Високото образование претставува друга категорија на едукација.

Од друга страна , во Предлогот на законот за измени и дополнвуања на Законто за високо образование се направени  измени во членот 83. Лично сметам дека овие измени одговараат на потребите и обврските што ги имаме земено во Рамковниот договор, во точката 6 .2. со тоа што во членот 83 стои дека државата презема одговорности за финансирање на високото образование на заедниците застапени најмалку 20% во Република Македонија, меѓутоа би го свртил вашето внимание на фактот дека сето ова се заснива на претходно разгледување на сите планови и програми на високообразовните институции. Значи, Владата на Република Макеоднија остава можност да финансира високо образование на сите заедници ако Владата оцени дека има посебен интерес во високото образование. Значи, тука не постои дилема дека бегаме од обврската за финансирање во високото образование на заедниците застапени со најмалку 20% во Република Македонија. Би сакал уште еднаш да ве потсетам за потезите на претходната владеачка  гарнитура во однос на решавање на проблемто на високото образование, бидјеки тоа беше и е сигурно еден од значајните проблеми во Република Македонија.

Тука би сакал да се задржам на отворањето на Ван Дер Штул-овиот универзитет и квалитетот и промените што следуваа после  отворањето на оваа институција. Наша оценка, а мислам дека мислењето на пошироката јавност е дека оваа високо образовна институција даде нова димензија во степенот и квалитетот на високото образование во Република Макеоднија и  институција што  не само започна во значителна мера го решава проблемто на високото образование на останатите заедници, туку даде и дава голем придонес во интегративните процеси во Република Макеоднија. Значи, тоа е еден друг сегмент за кој што треба добро да размислиме при разгледувањето на овој Предлог на закон,како овој предлог на закон ќе се одрази на интегративните процеси за кои што сегашната владеачка гарнитура и мислам сите ние инсистираме да ги подигнеме на многу повисоко ниво. Значи, нашиот став е дека во понатамошно унапредување, подобрување и помагање на Ван Дер штул-овиот убниверзитет ние во значителна мера ќе го подобриме степенот на високото образование, меѓутоа не само на заедниците, туку на сите граѓани на Република Макеоднија.

Од друга страна би потсетил и за начинот на финансирање на Ван Дер Штиул-овиот универзитет. Во почетокот во првите четири години, оваа високо образовна институција, квалитетна , се финансираше од ЕУ. А после тоа, по автоматизам, обврските за финансирање на тој високо квалитетен универзитет преминуваат на Република Макеоднија. Значи, немаме дилеми дека ние бегаме од обврските за финансирање на високото образование на сите заедници,посебно на заедниците што се застапени со најмалку 20% во Република Македонија. Значи, проблемот со фиансирање на високото образование воопшто не е проблем. Тој проблем е започнато да се решава со отворање на Ван Дер Штул-овиот универзитет, со дигањето на квалитетот на тој универзитет и земањето на обврската од сите нас, и на позицијата и на опозицијата да продолжиме со финансирање и унапредување на високото образование.

Дискусијата би ја завршил со заклучоците. Значи, ние инсистраме на суштествено пуштање на овој закон во регуларна постапка. Задолжително обезбедување на мислења и ставови на релевантните фактори и релевантните институции што се цитирани во причината за донесувањето на овој закон. Тоа е Универзитетската конференција, Интер универзитетската конференција. Значи, ние не можеме да одлучиме да донесеме закон со кој што ќе овозможиме по суштествено остварување на автономијата на универзитетот без да го имаме пред нас  ставот на универзитетот. Тоа е едне сериозен пропуст во процедурата на носењето наовој закон.

Понатаму, мислам дека треба да  се подржи и помогне Министерството за образование и наука и понатаму да носи квалитетни законски измени што ќе бидат насочени кон подигање на квалитетот на високото образованеи, не само за решавање на некои неизвесни ситуации во Република Макеоднија.

И конечно, кога сме кај Болоњската декларација, како едно од причините за носење на овојзакон, Болоњската декларација, документ што обврзува на нешто сосема обратно од ова што сега се носи. Болоњската декалрација предлага и обврзува при нострифицирање и признавање на високо образовни институти да се оди по обратниот редослед. Значи, најпрво формирање одбор за акредитација, носење на елаборат, презентирање на елаборатот пред Валдата, усвојување на Влада и на крај овластување на минситерот за потпишување дозвола за работа на високо образовната институција.

Би сакал да потенцирам дека еден сегмент од мојата дискусиај беше антиципиран, бидјеки голем дел , всушност, Законот за измени и дополнување на Законот за високо образование не се однесува за признавање други универзитети, меѓутоа на сите ни е јасно дека измените во сегментот на финансирањето, наведни во членот 95, се насочени токму кон тоа. Затоа, уште еднаш апалирам до сите пратеници да сме свесни за својата

одговорност при носењето на овој закон од исклучителна важност за Република Македонија.

И, конечното прашање што ќе го упатам до сите вас, посебно до минситерот за образование, даи сметате дека со носењето на овој Предлог на закон се подобруваат и остваруваат интегративните процеси во Република Македонија или носењето на овој закон води кон дезинтеграција во Република Македонија.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор госпоѓа Којзеклиска Марија.

Само момент, за реплика се јави госпоѓа Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Се почувствував повикана да одговорам во еден сегмент од расправата на господинот Кедев што се однесвуаше на тоа дека треба да не го разгледуваме овој закон доколку немаме мислење од Универзитетот.

Овде имам еден допис од Универзитетот доставен до Собранието на 22.08.2001 година кога претходнито минситер, г-динот Ненад Новковски достави на ова Собрание Предлог за измени и дополнување на Законот за високото образование, во кои се предвидуваше укинување на Фондот, практично одземање ан автономијата на Универзитетот. Во него стои дека Универзитетот е информиран од медиумите, значи потенцирам од медиумите дека Владата на Република Макеоднија на една од своите седници во почетокто на август оваа година усвоила Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование и т.н. и т.н. Исто така е доставено писмо до претседателот а Комисијата за образование и наука, предсетаделот на Владата на Република Македонија и координаторите на пратеничките групи, во кое што се дава негативно мислење за измените што се предвидуваат во тојпредлог за измени и дополнувања на Законто што е доставен тогаш.

Сакам да укажам дека Универзитетот беше поканет на Комисијата за образование и наука и до ден денеска ние не сме добиле негативно мислење за предложените измени и дополнувања на Законот за високо образование.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Ако може само една мала реплика.

Бидејки јас бев присутен на седницата на Комисиајта за образованеи и наука каде што беше присутен секретарот на Универзитетот при што секретарот бараше одложување на расправата по овој Предлог на закон, бидејки во Универзитетот Предлогот на закон бил стигнат предходниот ден, значи пред одржување на Комисиајта за образованеи и наука.

Мислам дека е несериозно , во најмала рака еден ваков суштински закон да разгледуваме без мислење на еден од најрелевантните фактори што е наведен во една од причините за носење на овој закон, а тоа е Универзитетот. Не гледам причина зошто во мементов е толку важно и есенцијално носење по скратена постапка на ваков суштински закон за Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Збор за реплика бара госпоѓа Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Јас, како претседател на Комисијата за образование, наука и спорт, се чувствувам повикана како известител од Комисиајта да дадам одговор на овие упатени критики, на некој начин, кон повикување на Универзитетот.  По Деловникот претседателот на Комисиајта  ја свикува Комисијата и може да процени и утврди дали треба и на кои тоа релевантни чинители, по однос на одреден закон, треба да ги покани.

Од моја страна, јас согледав дека треба да бидат поканети претставници на универзитетите и тие беа поканети. Кога и како стасале кај нив материјалите незнам, меѓутоа претставници на Универзитетот беа присутни на седницата на Комисијата. Не навлегувам во тоа дали треба или требаше да се разгледува во две или повеќе фази и дали тоа беше подобро или не. Меѓутоа, претставници на Универзитетот беа поканети и од нивна страна беше побарано одлагање. меѓутоа Деловникот укажува и на тоа дека во одреден период треба да заврши седницата за да се доставаат амандмани.

Тоа што беше побарано ние деловнички не можевме да го овозможиме и затоа од наша страна беше сугерирано доколку има мислење од Универзитетот, да бидат доставени како такви. За разликаод претходните доставувања, во претходниот мандат

кога Универзитетот почувствувал потреба да достави свои мислења по одредени предлози на промени на закон, овој пат универзитетите до Комисијата и до Парламентот не доставија таков пишан документ. Навистина, поради информирање на јавноста, сакам да кажам дека од страна на Комисиајта беа поканети претставници на Универзитетот и од Универзитетот “СВ Кирил и Методиј” тие на седницата на Комисиајта беа присутни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали има друг за реплика? (Нема)

(Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец бара збор за реплика).

На кого реплика?

На кого?

(Пратеникот изјавува дека сака да реплицира на репликата)

На реплика нема реплика, само на излагања.

(Пратеникот Оровчанец изјавува дека има реплика на господинот Кедев).

Не.Тоа е невозможно.

(Пратеникот Оровчанец од место без вклучен микорфон изјавува дека има право на тоа).

Немате право.

Дозволете, по редослед на пријавени дискутанти за дискусија сте втор или трет, ќе дојдете на ред, ќе кажете. Ако ова го промовираме тогаш нема крај на дебатата.

Господинот Кедев настапуваше цело време “ние” , претпоставувам во има на вашата пратеничка група. Сега, ако вие реплицирате, незнам ..

(Пратеникот Оровчанец, од место без вклучен микорофн се заблагодарува).

Збор има госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре за образование и наука,

Денеска пред нас се наоѓа законот за високо образование, што, ќе мора да се согласите, предизвика бурни реакции и оправдани рекации пред јавноста.

Овој закон, очигледно дека е предложен од коалициониот партнер ДУИ од кои пред се, преку неговите претставници во Владата односно од  и за припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Макеоднија и можеби е ова за нив еден

од најважните закони, затоа што со него ќе се легализира таканаречениот тетовски универзитет или парауниверзитет.

Од самиот Прелдог како што е доставен од Министерството за образование и наука, првично и неминовно се наметнуваат две прашања:

Првото, дали Валдата извршила суштинска анализа за потребата од финансирање од државна каса на овој универзитет и

Второ, дали Владата воопшто ќе води сметка, води сега и ќе води сметка за квалитетот на образовните кадри, ако се земе предвид квалитетот на наставата што се одвива во така нареченито тетовски универзитет и квалитетот на наставата што го нуди Универзитетот на Југоисточна Европа.

Кога сме веќе кај овој Универзитет, Универзитетот на Југоисточна Европа, не може а да не се спомене фактот дека овој Универзитет беше основан од стран ана господинот Вандр Штул со цел дефинитивно и конечно проблемот на високото образование на албанците во Република Македониај. Во прилго на ова би сакала да го изнесм и мислењето на г-динот Тито Беличанец кој е претседател на Одборот за акредитација за високо образовниинституции.

Според оваа негова оценка, не е дискутабилно прашањето кои книги и кој ќе им предава на студентите, туку пред се квалитетот на студиите и можноста дипломите од таканаречениот тетовски универзитет да парираат на студиските програми на постојните два наши државни универзитети. Поради тоа дипломите од овој парауниверзитет не може автоматски да се признаваат, што би се случило доколку денеска помине овој Предлог на закон и не би можело експресно да се легитимира како државен универзитет, освен ако не станува збор за политичка одлука.

Според оценакта на г-динот Беличанец, прашањето на високо образование на албанците односно припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија би можело да се заокружи и со проширување на веќе постојнито Универзитет на Југоисточна Европа, а не задолжително одтворање на нов и тоа државен универзитет, кога и првичната замисла на Штуловито универзитет е замислена да се финансира после четири години од државни пари. Со новиот државен универзитет би настанало оптоварување на Буџетот што и така е мал за постојните два државни универзитети, а знаеме дека оваа Влада штеди.

Затоа не ја гледам потребата за признавање на овој парауниверзитет пред се, уште еднаш ќе повторам, зарадиквалитетот на студиите што се одвива на тој парауниверзитет и за квалитетот на наставата, спореден со квалитетот на наставата што се одвива на Штуловиот универзитет.

Овде би сакала да расчистиме и некои други работи. Имено, во Предлогот за измена и дополнвување на Законот за високо образованеи, во членот 23 од Предлогот се вели дека со овој член се менвуа членот 95, оспорениот член од Законто за високо образование, со цел за усогасување со амандманот 8 од Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор. Само би сакал да го цитирам амандманто 8, точка 3 каде што вели припадниците на заедниците имаат право да оснвоаат културни уметнички и образовни институции, како и научни и други здруженииај заради изразување, негување и развивање на својот идентитет. Значи, тие имаат право , имаат право да оснвоаат, тоа не значи дека задолжително мроа да го оснвоаат, затоа што уставотворецот им го дал правото да основаат универзитет за да не може, во случај на нерегулирање на одредбите од Уставот, да не бидат санкционирани во спротивни случаи.

Значи правото им е дадено со цел да не бидат санкционирани. Од друга страна во Рамковниот договор во точка 2, финансирањето од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазиците на кои зборуваат најмалку 20% од населението во Република Македонија, а врз основа на посебни спогодби.

Ако ова е така, и ако овој Рамковен договор треба да се спроведе, ние можеме едноставно, да го решиме на начинот на кој зборував претходно Државата да започне да го финансира Универзитетот во Југоисточна Европа. И во иднина да не се прават експерименти со образованието, потенцирам, со високото образование на албанците, кога веќе таква институција постои и функционира веќе две години.

Имено, и поранешниот министер за внатрешни работи, господинот Љубомир Фрчковски, кога се основаше тој парауниверзитет, имаше изјава во која велеше дека неколку луѓе се собрале на приватна или роденденска забава, меѓутоа таа забава нас можеби ќе не чини многу и од приватна, ќе стане државна забава. Затоа сметам дека господа пратеници доста веќе експериментиравме со тоа високо образование на припадниците на заедниците, кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ако се направи анализа на можностите за стекнување на соодветни знаења од високото образование и воопшто целта на високото образование е дојдеме до сознание дека македонците ќе можат да се стекнуваат со високо образование на Универзитетот “Кирил и Методиј”, на Универзитетот “Св.Климент”, на Универзитетот на Југоисточна Европа, додека припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија ќе можат да се стекнат со високо образование и на Универзитетот “Св.Климент” и на Универзитетот “Кирил и Методиј” и на Универзитетот за Југоисточна Европа и на овој парауниверзитет во Тетово, како и на Педагошката академија, каде што студиите се однесуваат и има посебни студии на албански јазик, со кои студентите кои

студираат таму се стекнуваат со посебни дипломи остручени за натамошни професори. Сега во таков однос на 3:5 кој овде е позитивно дискриминиран.

Ќе предложам анализа на останатите делови од Предлогот на законот. Во член 16 од Предлогот се потврдува фактот дека извршната власт полека но сигурно ја превзема улогата на законодавната власт. Конкретно во овој член се предлага дека наместо досега Собранието на Република Македонија да ја донесува програмата за остварување и развој на високообразовната дејност во Република Македонија, тоа одсега со овој предлог-закон треба да го прави Владата на Република Македонија.  Како е можно највисокиот законодавен дом во Република Македонија, така лесно да биде дискредитиран и дрско да биде елиминиран од страна на извршната власт, која патем исто треба да ја контролира, посебно кога се работи за толку важна работа, од толку витален интерес за целата Република Македонија. Посебно, зата што се однесува за високото образование. Дали ова наше Собрание се сведе на толку ниски гранки кога останува само нем сведок на она што го предлага Владата на Република Македонија, со оглед на тоа дека народот после 15 септември ја зеде судбината во свои раце и треба да го поправи се она што претходната Влада априори го направила и априори е лошо. Но сметам господа дека времето и фактите за жал не работат со вас. Можеби и вие ќе бидете запаметени во историјата, зашто тоа нешто допрва народот ќе го каже.  И не се престанува со праксата на мала врата да се спроведуваат големи работи како што е случајот со овој предлог. Пред неколку седници имавме случаи пред овој Парламент кога помина Законот за измена и дополнување на Законот за Рпуглички судски совет во кој, доколку членот на Репуибличкиот судски совет ги исполнуваше условите за пензија, му престанува функцијата на Републичкиот судски совет и со тоа автоматски  и на другите членови и Уставниот суд вчера потврди дека не покренува иницијатива затоа што  Предлогот на законот за изменување и дополнување бил во согласност со Уставот. Значи овде беше проблем пензијата. Ги исполнувале условите за старосна пензија.

Сега Владата предлага во член 33 од овој закон дека редовните професори во пензија, значи веќе се корисници на пензија во вршењето на додипломските студии да бидат ангажирани од страна на високообразовната установа, доколку Наставно-научниот совет утврди дека на јавниот конкурс не се јавил кандидат кој ги исполнува формалните услови за избор во наставно-научно звање и тоа ниту помалку ниту повеќе но не повеќе од три учебни години. Можеби грешката е во самите професори, што не го пренесуваат своето знаење, искуство на своите помлади колеги, односно не ги обучуваат за да можат да го продолжат она каде застанале, но факт е дека тука имаме случна работа но со два аршина која во крајна линија сметам дека е сепак дневно политички мотивирана без да се

води сметка за виталните интереси, посебно на образованието во Република Македонија. Посебен акцент имаат членовите 35, 36 и 37 од овој предлог каде се работи за постапката за признавање на високообразовните квалификации стекнати во странство, односно признавање на дипломи и други јавни исправи дадени од странски високообразовни институции.

Во член 35 прво би сакала да кажам дека ние сега за сега имаме едно министерство кое е надлежно. Тоа е Министерството за образование и наука. Тоа министерство е надлежно за работите од образованието и тоа така треба да се наведе во членот 158 кој се предлага, освен ако предлагачот не знае нешто повеќе што ние овде не го знаеме.

Второ, во вториот член 168-б кој се предлага, не е наведен бројот на членовите на стручната комисија која ќе се формира за признавање, според која оваа комисија е надлежна за да може да ја спроведе постапката за признавање на квалификациите.

Сметам дека оваа комисија треба да има малку поголем број , иако бројот не е наведен во предлогот, со оглед на тоа дека се врши признавање на диплома и заради отстранување на секаков вид на сомнеж, а истото и во функција на прокламирањето на транспарентноста во работата на Владата а со тоа и транспарентноста на работата на оваа комисија.

Трето, од овој член 168-в, повторно се враќаме на потребата од унифицираност на постапката за признавање.  Имено, во тој член 168-в се вели дека :"Признавање на професионалните високообразовни квалификации или дел од професионалните високообразовни студии стекнати во странство може да се врши и во министерствата, односно соодветните институции во Македонија." Посебни прописи за признавање на професионалните високообразовни квалификации или дел од високообразовните квалификации стекнати во странство донесува органот надлежен за работите на високото образование.

Зошто еден дел од признавањето на високообразовните квалификации или дел од професионалните високообразовни студии стекнати во странство може да се врши и во министерството, или во други органи, ако веќе е претходно утврдена постапката за начинот на нострификација, или признавање на тие професионално високи образовни студии, зошто сега да постои овој паралелизам. За едно е надлежна стручната комисија, за друго е надлежно министерството. Во контекс на ова за мене нејасен е и членот 168-г каде што се вели признавањето на високообразовните квалификации и дел од високообразовните студии стекнати во странство се врши ако не постојат битни разлики

помеѓу високообразовните квалификации стекнати во Република Македонија и високообразовните квалификации за кои се бара признавање.

Овде се поставуваат две прашања. За каков вид на признавање ќе се работи. Кој утврдува дали има или нема битни разлики во високообразовните квалификации. Дали овде се работи за автоматизам со избегнување на веќе претходно утврдената постапка. Можеби намерите на предлагачот биле искрени, но факт е дека реализацијата пред се, сметам дека е несинхронизирана, во одреден дел можеби ќе дадам квалификација нестручна, што навистина од овој предлог-закон звучи разочарувачки, како што е ставен на хартија. За крајниот ефект допрва треба да се зборува. Затоа сметам дека овој закон треба да оди во редовна процедура, за разлика од процедурата која ја бара Владата.

И на крајот би сакала да апелирам на колегите пратеници добро уште еднаш да размислат при гласањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за високо образование, кој се бара да биде донесен по итна постапка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И благодарам на госпоѓа Којзеклиска.

За збор се јави госпоѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мојот говор пред вас ќе го започнам со една стара изрека која вели дека учењето, образованието е светлост која го осветлува нашиот ум и нашиот живот. Нели токму образованието почитувани колеги е тоа што не вади од длабоката темнина на незнаењето и не носи кон светлиот пат на знаењето, интеграцијата и просперитетот. Тргнувајќи од оваа имулативна функција на образованието, тука пред една година и пишувајќи ја програмата на ДУИ го истакнавме значењето и улогата на образованието во општеството и јасно покажавме дека ќе се ангажираме за создавање јасна рамка која ќе обезбеди високо образование, односно квалитетно високо образование на албански јазик во Република Македонија и тоа во согласност со меѓународните стандарди.

Затоа денеска ќе ги поддржиме измените на Законот за високо образование, затоа што една година после изградбата на нашиот концепт, ние денеска разговараме за овие измени со кои се обезбедува еднаква употреба на албанскиот јазик во државните универзитетски институции што требаше да се направи дури пред 10 години, но за жал тогаш немаше политичка подготвеност и свест за овие измени. Мислам дека со членот 95, односно со неговата измена се имплементираат основните начела на Рамковниот

договор и начелото на албанскиот јазик како една од главнитге достигнувања на овој договор и

Второто начело со кое се обврзува државата да обезбеди финансиски средства за универзитетско образование на заедницата која претставува над 20% на населението.

Почитувани колеги, за нас овдека како претставници на албанското население овој закон има посебно значење, затоа што со него се создава рамка за легализирање и регистрирање на Тетовскиот универзитет. Нелегализирањето на Тетовскиот универзитет во тек на изминатите осум години се покажа како политичка и стратешка грешка на поранешните влад, кои за жал, не покажаа политичка волја да се согласат со фактот дека универзитетското образование финансирано од државата за албанците претставува државен интерес и една врвна инвестиција во долгорочниот развој на оваа земја. Но дали има поголема инвестиција, поуспешна инвестиција, од инвестицијата во идните генерации за дошколуање. Каде ќе ги однесете идните генерации, доколку не инвестирате во образование. Се разбира, дека ќе ги натерате да одат во други земји. Истовремено, ова беше и едно од главните барања на албанските граѓани и ова беше докажано од фактот дека универзитетот во тек на осум години функционираше и живвееше како нерегистриран од страна на државата, затоа што тој беше воден од волјата, желбата на албанското население, а тоа беше резултат и на желбата на граѓаните од Тетово, каде што се наоѓа овој универзитет и како резултат на жртвувањето, на спремноста на луѓето кои што беа спремни да дадат од тоа колку што можат, затоа што токму поради нивната голема желба да имаат универзитет, односно високообразовна установа на албански јазик. Затоа, знаејќи за оваа жртва, познавајќи ја таа човечка димензија што не го искористи ова прашање за предизборен маркетинг, затоа што тоа го правеа другите политички партии, само го искористуваа и го ставаа на пола пат. Напротив, рече дека ќе работи за решавањето на ова прашање и мислиме дека со овој закон ние го исполнуваме нашиот дел од политичката задача која ја зададовме како наша цел и да ги надминеме проблемите кои што беа нерешени.

Во ова мое обраќање би сакала да го поздравам и ангажманот на Меѓународната заедница, која познавајќи ја потребата на албанците во Република Македонија за интеграција и образование на нивниот мајчин јазик, го финансираа и го поддржаа проектот за универзитетот на Југоисточна Европа, затоа што меѓународниот фактор пред самите власти ја разбраа оваа потреба и затоа ја финансираа реализацијата на овој проект. Сега се наоѓаме во една многу значајна фаза. Сега се наоѓаме во фаза кога треба да направиме чекор напред, да изградиме соработка меѓу овие институции а државата да ги превземе сопствените обврски. Државата треба да ги превземе обврските кои ги има

спрема граѓаните да ги финансираат со државни фондови нивното образование, затоа што нивото на образование на граѓаните претставува пред се обврска на државата, а не само обврска на меѓународниот фактор. Со сета почит, со сета работа, со сето пожртвување и натаму, се разбира дека ќе ја поддржиме таа соработка со меѓународниот фактор, меѓутоа, пред се, граѓаните на оваа земја претставуваат обврска за оваа држава.

Почитувани колеги, почитуван министре, Наша политичка ориентација претставува деполитизацијата на образованието општо и деполитизација на универзитетското образование. Во точките на законот кој вие ни го нудите, ние посебно ги поддржуваме точките кои се однесуваат на автономијата на универзитетот. Тоа треба да се почитува, затоа што ние мислиме дека тоа е основното начело за функционирање на универзитетот.

Господине министре, ние ве поддржуваме во соработка со универзитетите да ги спроведете и да ги спроведеме сите заедно длабоките реформи во сите универзитети на Македонија, со цел тие да бидат отворени за сите. Да нудат квалитет и да одат напред во согласност со основните стандарди на високото образование. Фокус на работата на Министерството треба да биде студентот, затоа што студентот е самиот фактор кој го создава универзитетот. Универзитетите постојат заради студентите, а не студентите заради универзитетите. Ова треба да биде главното начело кое треба високото образование да го следи и самите реформи во него. Универзитетите, почитувани колеги треба да ги направиме интелектуални центри, каде што ќе се гради интегритетот, храброста и визијата за иднината која треба да ја имаат нашите идни генерации кои треба да се носители на интеграционите процеси. Со универзитетската автономија ние треба да обезбедиме развивање на критичката мисла затоа што на нашето општество му требаат интелектуалци што на политиката и даваат мислења, нови опции и нови визии, а не интелектуалци кои им се потчинуваат на политичарите, затоа што ние имаме истакнато дека ДУИ фактички со интелектуалците соработува и го гради начелото на партнерството, а не соработката врз основа на потчинетост. На интелектуалците и универзитетските центри треба да им помогнеме, секогаш да бидеме подготвени за нивното критичко мислење кое треба да не носи напред.

Почитувани колеги, моето обраќање пред вас сакам да го завршам со мислењето на еден новелист кој што вели дека треба да ги научите студентите дека учењето е клучот, не учете ги дека треба тие да мислат дека нивната религија и нивната раса се најдобри и дека тие заслужуваат учење, а другите не. Треба да ги потсетите дека сите имаат еднакви права независно од нивната припадност и треба да им кажете дека сите имаме универзална одговорност за нашата иднина. Тргнувајќи од ова универзално

начекло и одговорноста, мислам дека овој закнски концепт треба да се поддржи од сите нас, независно од нашата етничка припадност.

Мислам дека ова претставува интерес не само на политичките партии на власт, туку и на опозиционите партии, затоа што независно од тоа дали припаѓаме на позицијата, на власта или на опозицијата, инвестирањето, решавањето на прашањата кои се дел од високото образование претставуваат заеднички интерес. Всушност ова право и оваа димензија на правото е тоа што интрегрира. Тоа не дезинтегрира. Дезинтегрира незнаењето, неможноста, немањето пристап кон институциите, а универзитетските институции биле секогаш тие што интегрирале. Дезинтегрирани се државите кои што се неразвиени и на кои што им биле потребни 15 години за да разберат дека Универзитетот претставува интелектуална општествена потреба.

Затоа мислам дека овој закон треба да се поддржи и мислам дека има перспектива и во насока на образовните проекти треба да се знае секогаш дека таму стои иднината.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави г. Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Ќе се обидам да дадам една кратка реплика на претходното излагање на пратеничката Теута Арифи, но најпрво да кажам дека многу го респектирам отворениот тек на дискусија каде што отворено можеме да дискутираме на денешната седница за признавање на универзитетот. Денеска официјално на дневен ред имаме Предлог на закон, меѓутоа сите сме свесни дека предлогот на законот овозможува признавање на тетовскиот универзитет. Токму затоа ја ценам оваа отвореност во претходната дискусија.

Недвосмислено е дека сите стоиме во интерес за подобрување на високото образование, бидејќи Македонија без разлика на етничката припадност на население. Значи, тука воопшто нема дилема. Нема дилема дали сметаме дека високото образование е вистинската инвестиција во идните генерации. Тука воопшто нема дилема. Никој не споменува, ниту се најавува дека има дилеми во тој правец. Меѓутоа, повторно ќе се навратам на суштината за која што треба да дискутираме.

Суштината е дали овој закон носи квалитет во високото образование. Квалитет во високото образование и посебно на заедниците застапени со над 20% во Република Македонија. И мој личен интерес, не само како пратеник и претставник на

опозиционата партија е да се подобри високото образование на сите заинтересирани граѓани во Република Македонија, посебн на високото образование на останатите заедници, бидејќи мој личен став, а мислам дека е став и на голем дел на пратениците дека тоа е начинот со кој што ќе излеземе од оваа голема криза во која што се наоѓа нашиот систем и нашата држава. Значи, вистинскиот излез во квалитетното високо образование, а не во високото образование пред се во финансирање на високото образование без разлика и аболонсија на квалитетот кој што се добива во образованието. Значи, нашиот фокус треба да биде поставен на квалитетот. Тука апелирам до сите пратеници, и позициски и опозициски дека фокусот треба да биде на квалитетот кој што ја овозможува легализацијата, овде отворено можеме да зборуваме, на тетовскиот универзитет. Јас лично немам против легализацијата на тетовскиот универзитет, меѓутоа легализација која што ќе оди според принципите на Болонската декларација. Болонската декларација ако ние имаме став и стратегија да ја потпишеме во Берлин во септември оваа година, ве прашувам како дискутираме за прифаќање на универзитет кој што се коси со основните начела на Болонската декларација. Тогаш имаме нечесност, двоен аршин во Парламентот на Република Македонија. Значи да се фокусираме на суштината на работите и да ја водиме постапката по ред. Ако тој универзитет ги задоволува критериумите наведени во Болонската декларација, ако ги задоволува сите критериуми кои што се во согласност со европските текови за високото образование тогаш сите ќе го поддржиме признавањето и легализирањето на тој универзитет. Меѓутоа, ве молам да не прифаќаме обратна процедура.

Во однос на интегративниот процес мојот коментар беше дека интеграција може да има ако имаме мешани студентски групи, како што сме сведоци во Штуловиот универзитет, поголем број на претставници од сите заедници заинтересирани за суштината и квалитетот на образованието одат да се запишуваат на тој универзитет. Лично сметам дека не е во интерес на албанската популација да добива неквалитетно високо образование, или на несигурно високо образование според официјалните европски и светски критериуми.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Кедев ќе ве молам да се придржувате по однос на времето, без разлика колку сме емотивни по однос на дискусиите затоа што има 15 пријавени и да не го злоупотребуваме правото на реплика, наспроти другите пријавени.

Госпоѓа Арифи бара збор за реплика.

ТЕУТА АРИФИ:

Сакам уште еднаш да наведам дека ние дискуритаме за законот за високото образование, како прво.

Втора работа никој ниту има дилеми ниту мисли дека ние сметаме да направиме институција која е надвор од стандардите и надвор од Болонските и меѓународните стандарди, затоа што со тоа си штетиме самите на себе. Ако оставите институција неригистрирана тогаш ризикувате такви момемти и такви димензии. Затоа дискусијата за квалитетот, дискусијата за држењето стандардите најпрво ние го потенцираме затоа што сметаме дека тоа е наш интерес, дека сметаме дека е интерес да имате високо образование кое е квалитативно. Не сакаме неквалитативно образование и затоа бараме регистрација на инситуција која би останала надвор од можноста за квалитетна контрола и за тоа сериозни сме и мислиме да го направиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ред е да кажеме по нешто, затоа што слушнавме различни дискусии за овој закон, и добро е да се слушнат. Јас ќе направам напор да придонесам нешто.

Познато им е на сите дека изминаа три години од донесувањето на Законот за високото образование и дека ова е прва негова измена и дополнување. Според мене три години се доволен период да се утврдат недостатоците и да се настојува тие да се отстранат, а посебно да се дополни тој закон и да се изменат оние одредби кои во практиката не заживеаја или пак се покажаа како недоволно реформски. Поаѓајќи токму од таквата потреба за овој закон се изменуваат и дополнуваат некои одредби од законот за високото образование.

Најпрво би истакнал дека во постојниот закон за високото образование не беше на адекватен начин решен проблемот со финансирањето на високо образовната дејност. Со постојниот закон беше предвидено постоење на Фонд за високо образовна дејност, кој што воопшто не профункционира и според согледувањата на голем број на факултети многу неповолно се одрази и доведе до потешкотии до остварувањето на високо образовната дејност. Значи со постојните решенија беше предвидено финансирањето на високо образовната дејност во рамките на министерството надлежно за високото образование да се формира фонд за високо образовна дејност. Со него

требаше да управува управен одбор составен од 15 членови од редот на научните работници од сите членки на универзитетите во нашата држава со тоа што 8 членови требаше да бидат од редот на професорите, а 6 члена и претседателот требаше да ги предложи министерот за образование. Меѓутоа, статусот и надлежностите на фондот не беа доволно јасно дефинирани и може да се каже дека не коренспондира со постојниот систем на финансирање. Тоа на министерот му даваше можност за арбитражни одлуки во финансирањето и за надминување на ваквата состојба неопходни се покоегзистентни законски решенија кои ќе бидат во согласност со буџетскиот и финансискиот систем на нашата држава.

Како такви ги оценувам решенијата кои се предлагаат. Сега наместо управен одбор треба да се формира совет кој ќе има значајни надлежности почнувајќи од донесување на програмата за високо образовна дејност. Меѓу другото ќе одлучува за распределба на средствата, при што е особено значајно што тој совет ќе изработи мерила и критериуми за финансирање на дејноста на универзитетите и ќе одлучува за распределбата на средствата, како и за инвестиции и одржување на постојбата опрема, како и за некои други важни прашања.

Меѓу решенијата има и некои, за кои благо речено се дискутабилни. Поаѓајќи од мисијата која што ја има образованието мора да се инсистира пред се на квалитет, што и моите колеги потенцираа. Треба да се воспостават современи стандарди на квалитет, а тоа би се постигнало со израдување на современ систем на проценување, следење и вреднување на квалитетот преку екстремни контроли кои би биле обезбедени преку акредитација на воспитно образованите орзанизации, стандарди за наставници и формирање на организации од областа на високото образование и слично и самоеволуациај на воспитно образовните организации и наставниците.

Сметам дека со новите решенија не се прави исчекор многу напред во таа насока. Имено, сега наместо 5 наставници и 5 соработници во наставно наужните звања да бидат во редовен работен однос, ако се исполнети другите услови за акредитација, можно е основање високо образовна институција и со избрани по 3 наставници и соработници во прва и втора година. Дури тие и не мора да се во редовен работен однос, туку можат да стапат на работа 2 месеци најдоцна пред почетокот на првата односно на втората учебна година. Тоа во некоја рака ги намалува стандардите и тешко може да се оправда.

На некој начин новина во овој закон е обезбедувањето средства за финансирање на приватни високо образовни установи за оние студиски програми за кои Владата на Република Македонија утврдила дека има интерес и дека ќе задоволат

определени потреби од високо образовната дејност. Македонија е меѓу земјите кои најмалку направиле на планот на приватизација на високо образовната дејност. Ова ќе има позитивно влијание ако се финансираат некои такви студиски програми.

Понатаму, една од причините за итноста од донесување на овој закон е фактот што Уставниот суд во март оваа година донесе одлука за укинување на неколку членови со кои се признаваа образовни квалификации кои се стекнати во странски високо образовни организации. Предложените решенија сметам дека се добри, дека се во согласност со ратификуваната Лисабонска конвенција и дека ќе го потполнат правниот вакум во уредувањето на оваа материја.

Во новото решение предвидено е признавањето да го врши комисија за признавање формирана од страна на наставно научниот совет на државната високо образовна институција, која што е најблиска до наставно научната област за признавање на странската високо образовна квалификација. Таа треба да ги заврши сите стручни работи за признавањето потпирајќи се на документацијата добиена од информативниот центар кој треба да ги информира за сите битни аспекти за донесување на одлука за признавање.

Сметам дека е разумен и рокот што е предвиден за довршување на постапката. Во првата верзија беше предвидено 4, по расправата во комисиите министерот се согласи таа постапка да не трае повеќе од  три месеци за да може да се добие нострификација.

За мене исто така новина е решението наставно научниот совет ако на конкурс не се јави кандидат кој ги исполнува условите за одредена наставна дисциплина да ангажира и професор во пензија за една учебна година, но не подолго од три години. Тоа решение сметам дека треба да го потполни вакумот кој би се појавил со одењето на професорите во пензија, бидејќи поголем период беше оневозможено прием на млад научен кадар на факултетите. Имено, за да дојде некој до професор на факултет најмалку му треба да инвестира 10 години во своето стручно оспособување.

Меѓутоа овде може некој да забележи дека постои можност за злоупотреба и јас би ја споменал таа можност.

На крај да истакнам дека од повеќе причини сметам дека треба да се поддржи донесувањето на овој закон и пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи овој закон и ќе гласа по истиот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Ѓорѓи Оровчанец

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Очигледно е дека оваа дискусија води кон некоја консолидација и добрите намери на сите нас дека е потребно добро знаење и високо квалитетно високо образование. Тоа е она што е позитивно. Тоа е она за кое што овде очигледно постои консензус како политички така и во секој друг поглед.

Проблемот настанува она што госпоѓа Арифи го кажа, средствата кои треба да произлезат, а со кои се согласуваме, начинот и патот по кој треба да се стигне до сето тоа.

Овде се наметнува уште една теза дека образованието ни е во криза заради законот и сега со законските норми треба да го подобриме. Има такви моменти и јас се согласувам со тоа. Има работи со кои што со претходниот закон без разлика што беа донесени дел од нив успеаа да заживеат, можеби проблемот е во друга свера, меѓутоа на овој начин ние сигурно ќе внесеме еден додатен механизам со кој треба да се подобри тој систем. Меѓутоа сето ова не почнува од денеска. Јас ќе ве потсетам на една работа. Август месец 2000 година беше донесен Законот за високото образование. Во овој Парламент тој закон беше изгласан со консензус од сите политички партии и од сите етнички заедници. Според тоа тој закон, каков таков со решенијата кои што ги нудеше, очигледно е дека ги задоволуваше сите стандарди и норми кои што беа во тој момент верифицирани. Меѓутоа по се она што се случи во државата се полимизира и се става дека има и во таа свера некои промени кои се опфатени во Рамковниот договор од една страна, а понатаму преточени во уставните промени на Република Македонија од кои треба да произлезат некои промени во овој сегмен на законот за високо образование. Меѓутоа тоа не е точно и не е така. Тоа е само оправдување за работи кои практично не се реални  и не се прави како што треба да бидат. Јас затоа го земав и Рамковниот договор и Уставот и ќе ви прочитам буквално ќе се обидам да ви цитирам и треба да сватите дали е тоа реално или не е.

Што се однесува до образованието и употребата на јазиците, тоа е член 6, став 1 и 2, конкркетно во став 2 стои за финансирањето каде што се вели дека финансирањето од страна на државата ќе биде обезбедено за високо образование на јазиците на кои што зборуваат најмалку 20% од население во Македонија врз база на посебни спогодби.

Понатаму, имаме повикување конкретно за членот 95, на амандманот ВИИИ од Уставот на Република Македонија.

Ова што го кажувам не е против финансирањето на образованието на заедниците. Тоа е погрешниот приод по кој ние одиме или погрешниот пат по кој сме тргнале, а целта е една иста, висок квалитет на образование за сите граѓани на Република Македонија.

Овде сте тргнале на еден начин кој според мене е малку погрешен затоа што и врз база на претходниот член 95, решението на овие проблеми, практично е решение кое исто така е во согласност со Болоњската конвенција.

Што треба да направиме?

Оваа работа и сегашниот премиер, пред неполни три - четири месеци јавно изјави, околу прашањето за тетовскиот универзитет најконкретно, да, до колку се акредитира, до колку покаже квалитет и се обезбедат финансии. Тоа се условите за една високообразовна установа да функционира. Овде сега одиме по некј обвратен ред и дали е тоа 20% или не, воопшто не се засега во тоа. Наеднаш испаѓа дека нема ни конзистентност во предлогот што Владата го дава во однос на онаа изјава што претходно беше дадена од премиерот.

Суштината на работите е следна, имено, на кој принцип функционира нашето образование. Ние мораме да дадеме еден краток осврт за да сфатимер дали тука има елементи кои овде се пласираат, дека заедниците се оштетени и во фунансирање од 20%. Пред се, би рекол не е точно.

Обврските кои постојат во државата и во Законот и што е нормално, се обврски за основно и средно образование. Со матурата завршува тој формирачки и образован систем и формирање на личноста. Тука државата реално е должна да финансира едукација на мајчиниот јазик. Тоа е апсолутно во ред.

Дали е така со високото образование?

Високото образование не е предмет на етничка припадност. Тој е универзален. Во која смисла? Во стручен и во професионален. Во тој поглед ние, зарем таа правична застапеност имаме одредени мерки кои на некој начин отстапуваат од она што би било нормално во квалификативите, тоа е таканаречениот систем на позитивна дискриминација. Значи, за да има поправична застапеност на заедниците на универзитетите, формирана е таа позитивна дискриминација што значи, членови на заедниците кои во конкурирањето постигнале и помал успех, со цел да ја регистрираме односно да ја легализираме оваа правична застапеност, во државната квота, севкупна, на запишаните студенти им даваме привилегирано право, со еден процент кој е различен на

факултетите, меѓутоа функционира. Еве, на Медицинскиот факултет од 120 редовни приеми кои ги финансира државата, 9% ссе резервирани за квотата на заедницата на албанците.

Второ, постојат универзитети каде неопходно е, практично, тие да бидат реализирани на јазикот на заедницата. Тоа е реализирано со педагошката академија каде што мора да се остручуваат, професионализираат кадри кои ќе едуцираат и ќе ја обавуваат наставата која е законска обврска за средното и основното образование. Значи, методичко - дидактички приод.

Понатаму, ако се работи за одредени други сегменти, кадедра за албански јазик и т.н., што не значи и во стариот закон не постои, одредени програми, студии и т.н., врза база на согледувањата на Владата на Република Македонија и врз база на приликите кои постојат, не бидат со спогодба финансирани од страна на Владата на Република Македонија. Значи, сите механизми постојат и сега наеднаш се наметнува еден член, кој по мене и поради моето сомневање, почувствував потреба да се исконсултирам и со правници, меѓутоа правници од минатиот состав на Уставниот суд на Република Македонија. Овој член 95 не може да го помине Уставниот суд. Значи, не е ни предмет на повикување на Уставот, не е ни предмет на Рамковниот договор, а сите сме за високо квалитетно образование. Токму од тие причини, и од начинот на кој одиме во постапката, нетранспарентно, брзо, неефикасно, нема да стигнеме до правите позиции.

Мојата заложба беше, тоа беше и во Комисијата за образование, овој закон да се донесе во две фази, најтранспарентно, со мислење и на Универзитетската конференција, и на универзитетите за кој е наменет и до решение кој ќе го одберат правито начин и ќе стигнеме до правиот пат. Значи, не е ова повеќе дискусија околу потребите или дисквалификациите. Ова е дискусија за начинот на кој сме тргнале. Треба да дојдеме на прав начин до целта, без загуби во тој систем.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Ќе почнам со едно општо место, ама атмосферата е таква што заслужува. Уште старите рекле дека знаењето е моќ. А, една генерација блиска до нашата открила дека тој што го контролира знаењето, го контролира животот и општеството. Оттаму, ние

нема да бидеме ни првите, а се надевам, можеби последните кои ќе бидат изложени на манипулација со знаењето, за да се остваруваат одредени позиции.

Ние денеска, а овој Парламент изгледа ја има таа историска судбина да биде меѓу најуспешните, но и најодговорните, повторно се наоѓаме исправени со една, по мене и по мое длабоко убедување, голема одлука, извонредна одговорност, како и универзалното право на образование, значи на стекнување на знаење, да го одбраниме од дневната политика, како да ја спречиме манипулацијата која десет или 13 години не држи во една позиција која шахистите ја нарекуваат пат позиција, нема победа, нема пораз, тапкаме во место, светот не одминува. Значи, ако веќе, зборувам за апсурдите кои ова не општество, наречено пост комунизам ни ги носи како секојдневие. Би сакасл дури да кажам и слендово, па макар и бил погрешНо сфатен, но така е. Како Уставот, во делот кој го нарекуваме сеуште по инерција Рамковен договор, да го одбраниме од Мала Речица.

Ние треба да направиме сеопфатна реформа на целиот наш образовен систем, но најмногу треба да му се посветиме на високото обртазованое кое постојано го крпиме и го закрпуваме. Ние како опозиција, во претходниот мандат, свесни за ваквата одговорност кон знаењето и образованието, донесовме еден закон, меѓутоа, како општество запревме на него и ништо битно, а знам, потекнувам, имам образование и на нашите универзитети и во странство, во која мерка, држави кои во спроедба со некогашна СФРЈ, ги сметавме за светска периферија, денес се отидени далеку во овој домен кој, во овој момент во Европа е главна тема во политичкиот натпревар. Во образованието колку далеку се отидени, а ние 10-та година по ред водиме политичка војна со жртви околу тоа нашата застарена наука да се предава и на македонски и на албански. Или, да бидам до крај, кога веќе времето е такво, на силни зброови во областа на хуманитарните науки каде што навистина можам да зборувам со авторитет, бидејќи тоа го имам завршено, се бориме за тоа како сталинизмот како да го предаваме и на македонски и на албански јазик. Им се извинувам на сите млади професори кои сега се градат со свои напор во ова современие, обидувајќи се во овој, да речам закржлавен наш образовен систем, да остварат за себе универзален простор на кој ќе остварат контакт со светот и врз основа на таа своја самопрегорна работа да дојдат до новите вредности или да побегнат таму каде што се вредностите, а ние и натаму продолжуваме, еве и денес, стаписани во една ситуација која е повторно пат, нема ни пораз ни победа, иако не сакам на политиката да гледам како нечиј пораст или победа. Според тоа, морам да му признаам на министерот дека вложил голем напор и во образложението да ги одбегне овие две теми, Рамковниот договор, универзалното право на образование и Мала Речица, но Мала Речица и

Рамковниот договор се наша стварност и сега ние треба да се грижиме за тој правец. Оттаму, зошто ако веќе не е во прашање кнјуктурно политичко наддавање или остварување на времени поени во време на политичка осека, кога малку перформанси, од оној популистички тип се присутни, а многу одговорни работи ги вршиме. Ако тоа не е потреба, тогаш зошто брзаме, зошто не сакаме да прифатиме тие што знаат повеќе од нас, или кои го живеат овој сегмент од нашиот живот, универзитетските професори, академските граѓани, нашата јавност, чии деца, нашето високо образование треба да ги претвори во граѓани и темелник на демократијата, не ја вклучиме во оваа расправа. Јас би сакал да го вклучиме и она што го нарекуваме, по сила на трагичните настани, и албанската заедница во оваа расправа, да слушнеме што зборуваат нивните професори, да видиме што зборуваат студентите во Мала Речица, да видиме дали Владата на Република Македонија греши или е во право, кога од 11 факултети само на пет им дава шанса да бидат легитимирани. Што значи, другите шест не се способни. Значи ли тоа дека во мнозински дел, институцијата во Мала Речица не е до крај изведен универзитет. Ако е така, колку време треба во тој процес на таа акредитација, ако тоа ни е цел Мала Речица да стане универзитет што албанците во оваа наша држава, го заслужуваат. Ако е во прашање само финансирањето, како мислиме да ја финансираме таа високообразовна институција, или другите високообразовни институции, во време кога буџетот ни е во средина на годината, кгоа ќе треба со вонредни буџетски инструменти да најдеме пари да ја почнеме и реформата н Мала Речица, а камо ли таа на 1 октомври да запише студенти, овој пат легално. Значи, како ќе го решиме тоа прашање, како ќе ја расчистиме таа дилема, како ќе го спречиме тој расчекор, да не доведе до нови проблеми кои до година повторно ќе не вратат овде во салата, со нова аргументација дека законот не функционира и дека постојано ќе треба да го дотеруваме. Не господо. Ние треба да направиме високо образование, а законите ќе произлезат од начинот на кој ние ќе ги уредуваме односите. Но, ние треба да градиме квалитет и го имаме Вандершуловиот универзитет, кој според консензус на сите е решение, кој спроед консензусот на сите учесници во неговото создавање, од господинот Ван Дер Штул до неговите контакти со сите релевантни политички лидери во тоа време во Република Македонија, во албанската заедница, во македонската заедница, ние создадовме еден универзитет на кој сега гравитираат сите граѓани на Република Македонија. Што ќе правиме со него? Како сега ќе ја исполниме обврската и овој универзитет да се финансира од буџетот и да се финансира Мала Речица и да се финансира “Св.Кирил и Методиј” и да се финансира “Св.Кирил Охридски”.

Понатаму, се зборува дека ..

(Од место дофрла господинот Исмет Рамадани)

Господине Рамадани, имате говорница и кога ќе ви дојде редот кажете. Сега дозволете да се сослушаме.

Господине Рамадани, бидејќи на Мала Речица до сега и се пристапуваше како да е водовод, а не сакам да го употребам и другиот термин кј понекогаш асоцијативно оди заедно, ни се случуваат овие грешки, сега да немаме начин како да ги обезбедиме тие студенти, како да им обезбедиме високи стандарди како да им обезбедиме проточност во светот, кога во сопствената држава не им ги признаваме документите. Но, говорницата ќе биде потоа слободна и за вас, па кажете.

Значи, не можеме работите да ги правиме само заради тоа што политичката волја ни е таква иле заради тоа што така сакаме. Треба да бидеме реалистични, треба да знаеме до каде можеме и што можеме.

Но, моето пледоаје е, ние како опозиција, никогаш, и кога бевме на власт тоа го оствaривме, не бевме против правото на образование на сите можни јазици, под услов тоа да биде квалитетно. И сега нема да бидеме против тоа право. Ние сакаме нашава држава да оди напред и во неа сите граѓани еднакво да чекорат кон таа наша европска индина. Но, за да биде тоа квалитетно, за да не биде водовод, треба да седнеме и да направиме јавна расправа во која ќе ги вклучиме сите. Значи, пледоајето мое е да се направи уште една фаза во усвојување на овој закон. Што губиме со тоа? Таа ќе биде најверојатно во септемвир. Тоа можеби ќе го запре озаконувањето на Мала Речица, за почетокот на школската година, на 1 октомври, но тоа не е битно во однос на големата придобивка што ќе ја оствариме од таа јавна расправа, а тоа е да направиме квалитетна подлога во која ќе има 100 мали речици, ако сме во состојба како општество да ги исфинансираме, и како општество сме да ги нахраниме со професори и со знаење. И, во крајна линија, треба како што загатна еден говорник пред тоа од оваа говорница. Најмалку сме сториле во отворањето на нашиот образовен систем. Најмалку сме сториле во приватизирањето на начинот на кој ќе ги учиме нашите деца како да доаѓаат до знаење. Ние сеуште сметаме дека прв приоритет на нашето општество е заедницата што е заостаток од претходниот поредок, да ги финансира сите можни институции. Јас имам лични сведоштва и школо завршено во држава каде што најнеквалитетни, бидејќи државата нема доволно пари д ги финансира, се јавните институции, а светски ниво постигнуваат приватните, каде што потоа општеството низ разни хуманитарни невладини организации, фондови за наука, фондови за високо образование, фоднови за стипендирање, своите таленти ги праќа на тие институции и тие на тие институции завршуваат и стануваат светска вредност за таа нација, која во глобала е премногу

сиромашна за да има врвни високообразовни институции. Значи, моето пледоаје е кон квалитет, не толку кон политика.

И на крајот, заради дилемите, би требало од оваа говорница и овој простор овде, што е можно повеќе, иако тоа во политиката е извонредно тешко, да се работи, кога се работи за вакви крупни моменти во кои и нормална грешка може да предизвика проблеми до кои не сакаме да дојдеме, да ги отвораме сите аргументи. Ние треба да бидеме, кога ќе дојде на ред тој наш високообразовен систем во сите негови аспекти, особено во аспектот на комуницирањето, да видиме што, кого и на кои ученици, нашава сиромашна држава тоа им го овозможува. Да ја видиме структурата, да го видиме потеклото, да видиме каде гравитираат, па да направиме, со тие соседни држави, аранжмани, врз основа на кои таа ќе го подмирува трошокот што оваа заедница го има во образованието на нивните граѓани и т.н. Значи, во еден бегол обид се обидов да ви го отвора просторот што допрва ни претстои за да ја оствариме крајната цел, квалитетно високо образование. Ова сега за сега е само дневен политички чекор, кој, се плашам, со своите импликации, со погрешното разбирање, со погрешниот пристап повторно ќе генерира проблеми кои јас лично се надевам а и сите вие нема да сакате да ги видите присутни во нашата држава и во нашето општество. Затоа, да го искористиме овој ум од Република Македонија што останал овде, ако веќе не знаме да го цениме, барем да му дадеме задача, заедно со нас да бидеме сите попаметни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Чашуле, нема да ми замерите ако ве поправам во една работа. Знаењето е моќ уште од 16-от век не од ..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодрам почитуван претседателе. Почитувани пратеници и претставници на Влада.

Јас ќе бидам краток во дискусијата, но, прво, сметам дека она што го предлага овој Предлог закон за високото образование, со интервенцијата во двете значајни свери, финансирањето ви високообразовните установи и признавањето на високообразовните квалификации, стекнати во странство се прави класичен дилетантски упад ви високообразовниот систем во Република Македонија. И, овде во овој случај, сите интервенции се директно провоцирани од политички мотиви а не од стручни и

компетентни, како и против правни норми. Така, политичката волја на СДСМ комплетно да му излезе во пресрет на својот коалиционен партнер ДУИ, ама во ниеден момент не водела сметка за практичното влијание на сето ова врз непосредните процеси во високообразовната свера. А тоа, пак зборува дека веднаш ќе се случи море од ново нострифицирани дипломи, се разбира во тој дел сите ингеренции ги има министерот. Значи, многу лесно може да се претпоства што ќе значи тоа натаму рефлектирано врз сите свери на функционирање на државата. Така, останува само декларативна заложбата дека овој закон се донесува со цел да се создаде нормативно правни претпоставки за пропорционално и поефикансо остварување на високообразовната дејност. Како што само вербална е заложбата за подобрување на постојните законски решенија, кои се однесуваат за системот за финансирање на високообразовната дејност односно негова поефикасност, па така со предложениот член 16, програмата за високообразовна дејнсот, наместо Собранието на Република Македонија ја донесува Владата на предлог на Советот за високообразовна дејност, а согласност на сите акти на новоформираниот совет, наместо досегашниот фонд дава нормално министерот. Исто така,а со член 18 од предложениот закон се пропишува дека средствата за финансирање на државните универзитети, се одредуваат од буџетот на Република Македонија и од други извори. Зачи, повеќе од очигледно е дека станува збор за крајно релативизирана одредба, силно политички мотивирана, без притоа да се прецизираат начинот критериумите, постапката преку кои ќе биде утврдено што е од посебен интерес за државата.

Ќе се обидам да резимирам овој предлог закон го легализира таканаречениот тетовски универзитет преку неговото финансирање од Буџетот на Република Македонија, без претходно да се утврди планот, програмата, глобалниот квалитет на оваа институција, а досега параинституција, па оттаму навистина смешни излгедаат сите изјави и сомневања некакви за нострификација на тие дипломи изнесени во македонската јавност од министерот за образование и наука.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Анастасовски Иван.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, господине министре,

Јас за разлика од колегата Чашуле нема филозовски да пристапам кон анализирање на денешните измени и дополнувања на Законот за високо образование, само ќе кажам во кратки црти што од прилика опфаќаат овие измени и дополнувања на Законот.

На почетокот треба да се каже дека Законот за високообразование за прв пат во РМ е донесен во август 2000-та година. Тоа мислам дека некои претходни дискутанти го кажаа и сега ние пред нас имаме дополнување и измена на претходно донесениот закон за високообразование и тоа во установена форма од одприлика 46 члена. И покрај самата обемност на измените и на дополнувањата на Законот за високообразование, всушност, тие се базираат на интервенции во две битни свери од обласга на образованието. И тоа финансирањето на високото образование и признавањето на високообразовните квалификации стекнати во странство односно нострификација на дипломите.

Како прво, ќе се задржам на првиот аспект односно финансирањето на високото образование, кое практично, беше и обврска произлезена од постојниот закон за високообразование во Глава 8, член 82 каде што се вели дека се формира фонд за високообразование. Што е битно тука а се потенцира? Битно е дека и со постојниот закон, она што го рековме беше регулирано финансирањето на високото образование, но од некои лични или незнам некои други причини за него познати, претходниот министер за образование и наука не сакал да ја почитува таа одредба од законот и се ставил во улога над него, што директно посегнат по автономијата на универзитетот. Извесно беше, најзасегнати од своеглавоста на министерот во одбивањето да го формира фамозниот фонд за високообразование беа самите професори на Универзиетот. Со тоа во голема мера ги ограничуваше факултетите при распределбата на материјалните средства и директно завлегуваше во автономијата на Универзитетот. Универзитетот во тоа време упорно инсистираше за формирањето на фамозниот фонд за високообразование, при што екс министерот се што ги игнорираше сите интервенции од страна на Универзитетот. Сегашното предложено законско решение е во насока на преименување на фондот во Совет за високообразовна дејност, со децидно утврдени надлежности, со што се предвидува министерот да дава согалсност на донесените акти на Советот. Јас искрено се надевам дека конечно со стапување во сила на овој закон, на измените и дополнувањата во законот за високообразование, истиот ќе профункционира со сите свои надлежности, не само како дел од законското решение, туку и од причини што мора да се воспостават нови правила за студирање и да се изгради стратегија за развој и финансирање на високото образование, а посебно со воведувањето на кредит-трансфер системот, при што министерството за образование и наука мора да ги поддржи плановите на ректоратот и во таа насока да обезбеди повеќе средства за универзитетот. Во секој случај денес автономијата има првенствено индивидуална димензија, посебно во поглед на финансирањето. Најшироката позната дефиниција од денешно време за финансиската

автономија на универзитетот е дека тој може слободно да располага со средствата што ги добива како сопствени приходи. Фондот или советот што би требало да биде со измените и дополнувањата на законот за високото образование како најсоодветен начин на финансирањето, особено во општествените дејности, образование, наука, култура, здравство итн., е сосема нормална и стандардна процедура за европските демократски држави, особено за оние од Европската унија. Во многу европски држави органите надлежни во делот на образованието водат и некој друг ресор, како што е културата и спортот односно имаат едно министерство, како на пример, како што е тоа во Австрија, Финска, Холандија и ред други држави и сите речиси без исклучок, финансирањето во голем дел дејности се одвива токму преку вакви фондови.

Вториот аспект е во делот на признавањето на високообразовните квалификации стекнати од странство или нострификација на дипломите, кои со постојниот закон е регулирано во Глава 12, во членот 165 до членот 180, каде што таксативно е наведено за начинот, содржината и постапката за признавање на истите. Измените во овој дел од законот се во правец на усогласување со одлуката на Уставниот суд за укинување на три члена од постојниот закон. Потоа, ратификувањето на Лисабонската конвенција од страна на парламентот на Република Македонија, а посебно ратификувањето на спогодби со Република Турција, Република Албанија, и Република Бугарија. Факт е дека ова, всушност води кон подобрување на целата постапка за нострификација на дипломите, при што мора да се води сметка околу временските рокови, кои се предвидени со Лисабонската конвенција, за што јас интервенирав и на Комисиајта за образование, наука и спорт, со што ќе се отвори простор за целата постапка да помине во еден реален временски рок, а воедно да се овозможи аспирантите да дојдат до нострификација во овој рок, кој е предвиден со Лисабонската конвенција односно со измените и дополнувањата на Законот за високообразование, кои се нудат.

Она што сакам да кажам во врска со нострификација на дипломите е дека претходната Влада и покрај Законот за високообразование, каде децидно беше утврдена постапката за нострификација на дипломите, донесе одлука преку тогашниот министер за образование и наука, со која дипломите се признаваат по автоматизам, при што истата беше оценета како незаконска, а уште еднаш се покажа и волјата на екс министерот да навлегува во автономијата на Универзитетот.

Исто така, мора да се потсетиме дека скратената постапка која беше воведена од претходниот министер во целост ги исклучи факултетите од целата постапка за нострификација. Од друга страна, единствениот законски пат преку кој се доаѓаше до нострификација е прво дипломите да поминат низ стручни комисии, кои се формирани на

факултетите најсродни до наставно научната област, од која треба да се признаат високообразовните квалификации стекнати во странство.

Нострификацијата по автоматизам, која лани во мај крена многу прашина во јавноста и навиделина излегоа фалсификувани дипломи од Бугарија и од Албанија, доведе до тоа само на економскиот факултет лани во јуни беа откриени 30-тина фалсификувани дипломи, за што тогаш МВР според мои сознанија покрена околу 40 кривични пријави за издавање на лажни дипломи во странство. Не би сакал да се оддалежувам од денешната тема на дневен ред, само сакам да напоменам дека и во делот на нострифицирањето на дипломите, со измените кои се нудат со законот за високообразование, се зголемуваат и ингеренциите на информативниот центар, кој исто така е во согласност со лисабонската конвенција. Многу често се споменува терминот автономија на Универзитетот, кој од двата горенаведени аспекти или причини беше прекршен од претходната власт. И во делот на финансирањето на високотообразование и во делот на нострификација на дипломите, што јас би сугерирал сега и би сакал еден апел до Владата, барем со овие измени и дополнуваења автономијата на Универзитетот да се почитува и да се знае дека со Законот таа е гарантирана. Се надевам дека истото ќе се случи и оваа Влада ќе има разбирање околу автономијата на Универзитетот.

Овде, од еден од претходните дискутанти се спомна дека се вршат измени во членот 33 односно постојниот член 154 од Законот за високообразование, каде што се потенцира дека се правеше споредба помеѓу пензионирањето или Законот за Републички судски совет и Законот за измените и дополнувањата на Законот за високообразование, каде што се предвидува некои пензионирани професори да можат во согласност со одлуката на наставно-научниот совет на факутлетите да предаваат во период најповеќе од три години. Притоа, исто така, еден дискутант дискутираше, како и имаше некои интервјуа, дел од интервјуа на г-динот Тито Беличанец и јас би сакал во таа насока, еве како една мала реплика, бидејќи сакав и така да го искористам правото на дискусија, да одговорам дека истиот господин Тито Беличанец вели дека за да се изгради еден профил од областа или еден универзитетски професор е потребен период од 10 до 15 години. Што значи дека не може да се направи споредба со пензионирањето по Законот за републички судски совет со одредбата која се нуди во Законот за високото образование каде што од разни причини има потреба од професори кои сега се во пензија, за да ја дореализираат наставата и да отпочнат нова настава во случај некој наставен предмет на некој одреден факултет останува без професор од разни причини.

На крајот, малку би спомнал и за толку озборуваниот член 95 од измените на Законот за високо образование, со кој ќе кажам дека се врши усогласување со

амандманот 8 од Уставот на Република Македонија и Рамковниот договор потпишан во Охрид. Со измените на членот 95 од Законот за високо образование, според мое мислење не претставува ништо повеќе од тоа што секој граѓанин на РМ, си го остварува своето право на високо образование без оглед од која етничка заедница е верска или некоја друга припадност или едноставно речено измените се однесуваат во таа насока што граѓаните на Република Македонија едноставно си ги остваруваат своите права.

Мое мислење е дека ова што го правиме сега, а го правиме многу побрзо од она што допрва другите треба да го прават, како нашите соседи или незнам некои други земји е јасна определба на ЕУ. Оние кои побрзо ќе се прилагодат на Европските стандарди, побрзо ќе станат нејзини членки. Или ќе живееме во општество на конфликти или во општество во кое граѓаните ќе си ги оптимализираат своите граѓански права. Јас лично и како член на позиција давам поддршка на законот за високо образование и на измените и дополнувањата на Законот за високото образование и ќе гласам позитивно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Ќедев, реплика. Имате три минути.

САШО ЌЕДЕВ:

Мислам дека репликата ќе биде и пократка. Точно е дека една од причините за донесување на овој предлог закон беше несоодветното финансирање во предложениот закон за високо образование, кое што конкретно е направено со внесување на терминот “Совет”, наместо “Фонд” за финансирање на високото образование, при што уште еднаш влегуваме во контрадикторноста. Значи, овој совет би требало да брои 15 члена, од ки што повеќето, значи осум члена ги назначува интеруниверзитетската конференција. Значи, интеруниверзитетската конференција е доминантна во одлучувањето и изборот на Советот за финансирање, а за се зборуваме, дискутираме и ќе гласаме без мислење на универзитетската конференција. Тоа е, исто така, еден важен момент кој што треба да се има предвид.

Во однос на примената на јазиците, во однос на нострификацијата, апсолутно ги поддржуваме овие промени, сите промени кои што се принципиелни и усогласени кон прогрес на високото образование, се поддржани и од наша страна.

Уште еднаш ќе потенцирам во однос на толкувањето на Рамковниот договор и Анексот 8, беа интензивно елаборирани, да не ги злоупотребуваме овие званични документи и амандмани, бидејќи не се однеуваат овие измени и не се поддржани од Рамковниот договор и амандманот 8.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јас, вака накратко на г-динот Ќедев ќе кажам околу фондот со постојниот, сега се преиначува во совет за високо образовна дејност, а гледам дека во делот на она што јас како втор аспект го наведов нострификацијата на дипломите или признавање на дипломите од странство тука немаме некои разлики со г-динот Ќедев, така што во таа насока немам некоја потреба од реплика на господинот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Којзеклиска, реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Господинот Иван Анастасовски, како што самиот рече дека за да може да се изгради еден квалитетен универзитетски професор е потребно 10 до 15 години и ако тој број на години се спореди со бројот на годините потребни за остварување на правото на старосна пензија најмалку 40 години, сметам дека тој универзитетски професор после 15 години има можност и да стане доктор и да стане магистер и да ги заврши сите студии. Значи, не држи квалификацијата за 10 до 15 години.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-динот Положани бара збор.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Се извинувам, јас нормално дека не сакам да се впуштам во аргументацијата, која со право пратениците имаат право да го искажат тоа што мслат, но врз основа на фактите, некои работи морам да разјаснам. Значи, не е аргумент ова што господинот Ќедев го кажа дека толку члена од Универзитетската комисија па не се консултирани. Јас за волја на вистината треба да кажам дека тие не само што треба а се консултирани, туку веќе две години 8 члена од интеруниверзитетската конференција чекаат да ги земат своите надлежности во однос на овој член. Тоа што правиме ние сега, правиме тие осум члена на крај да си ги преземат своите ингеренции што и припаѓа според законот. Така што, оваа работа отишла многу подалеку, а ние правиме сега, како што реков на почетокот, само законска можност и општа можност тие членови што се дадени да профункционираат и да се операционалилзира таа нивна структура.

Благодарам.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Образованието секако е темелна придобивка на цивилизацискиот развој и се наоѓа во основите на секое модерно и развиено општество. Значењето на образованието и соработката во образованието во правец на градење и зајакнување на стабилни, миро

љубиви и демократски општества е извонредно широко прифатена придобивка особено во контекст на настаните во југоисточна Европа. Ние мораме да обрнеме посебно внимание на прифатената цел за зголемување на меѓународната компетитивност на нашето образование во рамките на европскиот систем на високо образование. Виталноста и ефикасноста на секоја цивилизација може да се вреднува само преку привлечноста на нејзината култура за други земји. Треба да го вградиме нашиот систем на високо образование во рамките на европскиот систем на образование, а истовремено тој да биде извонредно препознатлив по неговите културни и научни традиции. Политиките во високото образование мора да бидат координирани во рамките на европскиот образовен простор, ако се сака да се остварат основните цели на европскиот образовен систем како и негово промовирање во рамките на високото образование низ целиот свет. А како основни цели на овој образовен систем се следните: прифаќање на флексибилен образовен систем со споредливи степени и дипломи како и примена на диплома саплемент, со цел да се промовира можноста за вработување на европските граѓани и меѓународната компетитивност на системот на европското високо образование, прифаќање на систем кој главно се темели на два циклуси на студии до дипломски и постдипломски, влегување во вториот циклус подразбира успеш но завршување на првиот во траење од најмалку три години. А вториот циклус води кон степен магистер, или доктор на науки, воспоствување на систем на кредити како соодветно средство за промовирање на најраспространетата форма на студентска мобилност. Кредитите исто така, би можеле да бидат добиени и надвор од системот на високо образование, вклучувајќи образование преку работа и образование на возрасни доколку се тие прифатени од соодветните универзитети. Исто така, и промоција на мобилност преку надминување на сите бариери со цел на обезбедување на слободно движење и тоа за сите учесници на сегментот на високото образование. Ако се согласуваме со напред изнесените тези, тогаш неминовно по мене се поставуваат повеќе прашања. Дали одаваме целосно признание на значењето на образованието во просперитетот на земјата како сегашни, така и идни неприкосновани приоритети. Одговорот на ова прашање во секој случај би бил дека не оддаваме доволно признание и значење, недоволно е да се искаже само определбата за автономија на универзитетот туку таа автономија треба и суштински да се оствари преку обезбедување на морална и интелектуална независност наспроти политичката и економската моќ. Дали цениме дека

нашите универзитети ефикасно одговараат на потребите на индивидуата, семејството и општеството. Неповрзаноста на нашите универзитети со сегментот на општеството во кое се формираат нови вредности како што е сегментот на производството и брзото ефектуирање на новите научни достигнувања кој добро организиран  и опремен универзитет може да ги понуди, доведува до нејасен начин на имплементирање на знаењата кои се добиваат на универзитетот и нивната примена во општествениот развој.

Дали се соглассуваме со констатацијата дека универзитетите од различни земји и региони во светот на својствен начин треба да ги третира перманентно општествените и граѓанските проблеми. Ако сакаме ниверзитетот да ја оствари својата мисија како автономна институција која се наоѓа во средиштето на општеството, различно организирана зависно од географските услови и културни наследства на критичен начин да произведува, преиспитува, оценува и да ја пренесува културата преку образованието и науката, тогаш мораме да го ослободиме од дневната политика и политика на затвореност и да го сместиме во сегментот на образовните корикулуми. Дали сме убедени дека инконпорирањеето на социјалната  и граѓанската димензија во функционирање на универзитетите претставува солидна поддршка во недвојбената образовна истражувачка мисија на универзитетите, односно незаменливо средства за брзи реформи и иновативни промени во образованието воопшто. Дали сметаме дека оштествените и граѓанските обврски се централни за потребите на нашето општество како во доменот на одговорноста на универзитетите и затоа универзитетите мораат да преземат општествена и граѓанска одговорност не само во еден момент, туку континуирано како конструктивна посветеност на иднината. Институциите на власта исто така мора да бидат одговорни за високото образование и да го истакнуваат и признаваат значењето на општествената и граѓанската функција на Универзитетот.

Кои се механизмите на мониторинг имплементација вклучувајќи учество на граѓанскиот сектор и општествените организации во креирање а политиката, имплементацијата и соработката со универзитетот. Колкава е улогата на универзитетите во промовирање на демократија, човечко достоинство, социјална правда, солидарност, обезбедување толеранција, ненасилство, плурализам и недискриминација односно на целосниот респект на разликите кои што постојат помеѓу членовите на една заедница. Каков е односот на автономијата на универзитетот и неговата одговорност кон пошироката заедница во однос на неговата општествена и граѓанска мисија. Високото образование како категорија која евалуира согласно со општествениот развој несомнено бара реформи и негово прилагодување кон постигнатиот степен на развој. Оттаму и потребата за наш постојан однос кон менување на високото образование и следење на

европските стандарди во оваа сфера. Ако се има предвид сите овие видиувања кои се однесуваат на изградба на еден модерен систем на високо образование, односно издигнување на универзитетот на едно модерно рамниште на развиените европски универзитети и ако истите тие видувања претставуваат темел на една сеопфатна реформа во сферата на високото образование тогаш се надевам дека го правиме правиот исчекор. Затоа предложениот закон го разбирам како дел од пакетот на закони кои произлегуваат од Рамковниот договор и како таков ја сочинува рамката со која треба да се обезбедат посебните права на националностите кои што живеат во Република Македонија а не се во мнозинство и во овој случај станува збор за правата во сегментот на високото образование. Уште еднаш ќе споменам дека понудените промени во Законот за високо образование, ги разбирам како допрецизирање на одредени одредби од постојниот закон, освен ако се изземе делот од законот кој што се однесува на негово усогласување со одредбите од Рамковниот договор членот 23, односно промена на член 95 од постојниот закон. Затоа, овој закон треба да даде придонес во обезбедување на подобри услови во заедничкото живеење на граѓаните на Република Македонија, а кое нешто во крајна линија ќе претставува придонес и во нашите напори и кон приближување кон структурите на Европската Унија.

Затоа јас и Либерално-демократската партија ќе го поддржиме овој предлог на закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За дискусија се јави господинот Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господин претседател, господа пратеници, господин министер, имам чест можеби што ми доаѓа редот како пратеник токму да дискутирам за закон кој е многу значаен, зошто да не речам закон за кој и јас ќе го дадам мојот глас заедно со парламентарната група на ДУИ. Законот несомнено е многу значаен и ценам од почеток дека е закон кој произлегува стабилност во земјава и развој, политички развој постојан во Република Македонија. И уште еднаш повторувам да ме слушнете со внимание. Мојата констатација и на целата парламентарна група е дека овој закон е закон кој произведува стабилност во Република Македонија и политички развој постојан во земјата. Вака констатирам јас и мислам дека имам право, затоа што така ги гледам работиве од самото искуство кое што го имам во долг временски период и сето тоа што се случувало со тетовскиот универзитет, околу тетовскиот универзитет и високото образование на албанците во Република Македонија.

Дами и господа пратеници, јас да ви кажам право можеби нема да бидам тој што ќе цени на правичен начин, кога го велам ова се ослонувам на фактот дека токму денес јас очекувам сите пратеници едногласно да го поддржат овој закон. Затоа што со самиот факт што го кажав од почеток за тоа што претставува овој закон за Република Македонија и за граѓаните на оваа држава јас мислам и верувам дека е доволно. Меѓутоа, гледам дека околу овој закон сеуште има дилеми и недоумици и зошто да не речам оценувања кои што не се постојани, кои што не држат што се однесува и на тоа кога се повикуваат на квалитгет. Се дискутираше дека законот како закон се донесува за ова, за она, или за некои други прашања кои што се споменаа. Нема да навлегувам во детали да ги повторам сите, меѓутоа, ќе се обидам да го кажам тоа што ценам дека е најважно. Ви велам со полна одговорност почитувани пратеници треба да имаме почит и да ја поздравиме иницијативата на Владата на Република Македонија што имаше смелост во еден многу значаен момент, во едно многу значајно време да покрене постапка за донесување на овој закон. Уште еднаш, треба сите едногласно како пратеници, како претставници на народот да ја поздравиме оваа иницијатива на Владата. Затоа што оваа иницијатива денес што ја покренува постапката за донесување на ваков закон кој што решава еден проблем кој ги има интересите, кој ги тангира интересите на граѓаните на Република Македонија за една деценија со ред, меѓутоа и порано. Сепак, зборувам за 1994 година и оттогаш од кога функционира Тетовскиот универзитет, мислам дека е многу голем чекор и многу смел чекор. И Уште еднаш повторувам, значи на оваа Влада и ви велам, луѓето кои што ја раководат државата со предрсуди треба да знаат дека се поразени во политика и што е најфатално и тие порази кои што ги преживуваат се одразуваат многу тешко и многу лошо во интересите на граѓаните. Со жал, велам дека ова прашање сеуште се гледа со предрасуди и со жал велам дека досега поранешните влади овој проблем го гледале со предрасуди. Токму ова истово се случувало и тогаш и јас ви велам дека токму Тетовскиот универзитет бил јаболко на раздор во Македонија. Ако се решеше овој проблем порано, можеби денес Македонија и со политичкиот и со економскиот развој ќе беше за многу чекори понапред. Но, кој го спречи ова? Сега да кажам, сили кои што беа надвор од земјата? Не. Токму дебатите, оценувањата, едностраните оценувања, предрасудите, паушалните предрасуди ја донесоа оваа состојба и денес дебатираме, иако сеуште пак сме доцна, меѓутоа подобро е подоцна да дебатираме за едно прашање кое што е од витален интерес за државата , отколку никогаш да не дебатираме. Јасс бидејќи сум бил и пратеник во поранешните состави за ова прашање се има потрошено многу време токму во овој законодавен орган. Ако пресметаме математички и да го направиме сето тоа, да знаете дека само трошоците кои

што се од буџетот на Република Македонија на седниците кои што требало да се продолжуват со денови за ова прашање, јас верувам дека можеби се потрошиле повеќе од тоа што било потребно за финансирање на тетовскиот универзитет. Меѓутоа, ви велам дека овие сметки и пресметки никогаш не сме ги направиле. Сега еден од пратениците рече дека Уставот на Република Македонија е ставен во служба на тетовскиот универзитет.Ве молам зошто се даваат вакви оценувања кои што немаат основа во ниеден сегмент, во ниедна димензија, туку само за да се рече нешто и за да се фрли доле нешто кое што е во интерес на оваа држава, кое што е во интерес на овие граѓани и мислам дека тоа не е во ред. Верувајте дека не е во ред. Затоа дискусиите кои што доаѓаат околу политичките оценувања за донесувањето на овој закон од опозицијата велам со полна одговорност дека не држат. Со самиот факт дека со ова прашање долго време се занимавале институциите на оваа држава. Ова бил проблем, една неизлечива рана и сега таа рана треба да ја излечиме. Зошто се плашиме? Јас ви велам, зошто се плашиме овие прашања кои што се од капитален и заеднички интерес и некој ги дискутира на едностран начин. Па тоа ли е политика, тоа ли е заеднички интерес на граѓаните, тоа ли е заеднички интерес на државата? Не. Одговорот е, не.Тоа е лажен политички маркетинг кој што ние тука во овој мандат никако не треба да си го дозволиме тој луксуз и да правиме лажен маркетинг, затоа што на народот му е доста и преку глава од проблемите што ги имаме. Треба да бидеме во функција на решавање на проблемите, а не во функција на создавање на проблеми. Сите тие дискусии, сите тие дебати кои овој закон го интерпретираат на едностран начин и понатаму јас мислам дека го продлабочуваат еден проблем кој што води кон одржување на една состојба статус кво. Овој закон е еден голем чекор кој можеби не е во ред сега да го кажам, значи што неможе да се мери со чекор, меѓутоа е силна основа за што некој од овде рече: цементирање, јас не би рекол така, значи силна основа која што води кон релаксација на меѓуетничките односи. Ви велам дека големите дела, големи дела прават само големите луѓе. Актуелната влада не го прави ова за коалицијата, не го прави само за албанците, туку го прави за граѓаните на Република Македонија, го прави за многу поголеми интереси. Вака треба да се разбере сето прашање околу донесување на овој закон. Ако се растеретиме од тоа што е, ќе речам уште еднаш комплекс кој што постои, кој што е всаден во главата или телото на некој и останува да опстои тој комплекс што не би сакал да остане, ние ќе имаме значи прав пристап кон ова прашање и сите пратеници би го изгласале овој закон. Ќе ви кажам за да се спречи развојот на едно растение треба да му се спречи светлината и водата. За да се спречи едно општество да се развие токму треба да му се спречи образованието. Кога се работи за квалитетот и стандардите.

(Претседателот Никола Поповски излезе од салата, а со седницата претседаваше госпоѓа Лилјана Поповска).

ХИСНИ ШАКИРИ:

Зарем ние немаме толку сили, зарем немаме потенцијали во нас во оваа држава за да подигнеме и вредности во областа на образованието. Македонија има кадри кои можеби сеуште не се искористени, но што е најштетно? Реков и ќе потенцирам, од 1994 година многу дискутираа по многу прашања и им е даден толку значаен товар што и денес некој тежнее да дојде до такво тежнеење, но не треба секое прашање Парламентот да се политизира. Не треба секој закон што се донесува да се гледа од аспект кој е меѓуетнички. Грешиме ако некој цени и мисли дека овој закон се донесува само за албанците, само за официјализирање на тетовскиот универзитет, јас мислам дека греши. Овој закон се донесува во согласност со реформите и тие реформи треба ние да ги направиме. Ќе ги направиме и во тетовскиот универзитет и во Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” и во Битолскиот универзитет, и во средното образование и вoосновното образование, затоа што само со силен кадар , со нови образовани генерации ќе имаме место во Евроатланскит еинтеграции и ќе чекориме напред. Инаку, секое мислење во обратна насока мислам дека не е во интерес на државата и во интерес на сите граѓани.

Овој закон гледам дека има расположение да се усвои и ќе се усвои. Мислам дека уште еднаш како граѓанин имаме право по овој закон да имаме консензус, овој закон да го донесеме заедно и навистина тој проблем што некој го политизира да добие значење прашањето на тетовскиот универзитет да го затвориме, затоа што правиме само само исклучителна работа за која ќе не поздрават сите граѓани и ќе не поздрави секоаја генерација што доаѓа по нас.

Како пратеник и како избраник од народот ќе побарам да оставиме простор на овие институции да се занимаваат повеќе со економските проблеми. Тоа можеме да го направием самите, меѓутоа, ќе го направиме во моментот кога ќе бидеме конструктивни во нашата дебата, кога работите ќе ги гледаме на правичен начин. Треба да се растовариме од тоа што било товар на многу луѓе од минатото околу ова прашање, околу оваа институција. Кога се спомнува Тетовскито универзитет, да бидете длабоко уверени , со полна увереност го велам ова и не се плашам, овде само добиваат граѓаните, добива Македонија. Зошто тогаш толку дискутираме и се поставува дилема во овој правец, се отвораат уште дилеми кои во јавноста создаваат таква збунетост. Каде не води ова. Сеуште некој ја користи таа метода, ќе бидам малку макијавелист, методата да се биде

во центар на внимаие и да не се бираат средства и методи за да се биде во центар на внимание. Не е моментот, тука треба сите да имаме одговорност. Се согласувам, да видиме што ќе направиме околу тоа се да биде вред. Само со квалитет и само со вредности можеме да конкурираме секаде во Европа и во Светот. Тоа можат да го направат идните генерации. Ние сме во третиот милениум, дискутираме за едно прашање кое во многу цивилизирани места во светот го имаат надминато. Меѓутоа, еве ние сега дискутираме и бараме решение. Тоа решение треба да го побараме во рамкит ена нашата средина, меѓу нас, каде со еден заеднички став опозицијата и позицијата , сите што сме во власт заедно тоа ќе го направиме, бидејки сите имаме полна одговорност пред граѓаните вооj закон со консензус да го донесеме. И добро да промислиме, затоа што ако постигнеме догвоор овој закон да го донесеме со консензус, да знаете дека сме направиле голема работ аи ќе престанат сите критики и оценувања кои се во служба на една дневна политика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Исмет рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

очитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитувнаи министри,

Дефинитивно разбравме дека треба еден ден да излеземе со еден закон, кој што врз основа на она што го гледам во текстот, на одреден начин ќе биде во согласност со тоа што претставува европски тренд во високото образование. Она што за мене е од посебно значење, изгледа дека секогаш има потреба за дополнителни напори кои ги бара времето. И натаму го задржувам правото да кажам дека нашите сугестии, моите сугестии, ако не е нескромно да кажам, многу често на оваа говорница беа да донесеме закон за високо образование со кој ќе се овозможи образование за сите , независно од нивната етничка припадност, а истовремено да одиме напред во согласност со трендовите , со потребите од модерно образование. Сакам да кажам дека Министерството за образованеи и ние заедно со тоа Министерство се наоѓаме пред еденимператив да се направат обемни трансформации и реформи во високото образование и воопшто во образованието. Во оваа насока, потребна ни е голема позитивна енергија, работа, знаење и подршка и со оглед на тоа, сите треба да го дадеме сопствениот придонес во таа насока. Затоа, да не трошиме енергија околу натамошните негативни позиционирања , кои ги попречуваа товие трендови, било да е тоа во однос на тоа што значи модернизирано високо образование или пак тоа што значи можност сите да имаат по

реана шанса и подобри шанси за еманципација и образование како што тоа го бара времето.

Неколку пати се обидов да го прочитам образложението за измените на Законот и се радувам што со овој закон односносо овие измени се навлегува на посериозен начин, затоа што со самит еизмени се менуваат 46 члена. Тоа значи, поаѓајќи од тоа што не функционира како што треба, врз основа на тоа се прават измените.

Затоа, доколку кажеме дека системто за финансирање на високото образование не функционираше односно не функционир адобро и дека Фондот треба да се трансформира во Совет за образовна дејност, тогаш зошто тоа да не се прави и што има лошо во тоа. Доколку треба да одговориме со измена на Уставниот суд или друга форма што се однесвуа до признавањето на квалификациите постигнати во други земји, со самиот факт дека за одредени членови Уставниот суд има направено забелешки и ние треба да изнајдеме друго решение и да постигнеме скоро ист ефект, доколку Болоњската декларација и она што не очекува во септември во Берлин, очекува и бара пристапувањето на нашата земја да го содржи и елементот на образованието. Доколку сите ние сме за автономија на универзитетот, а во оваа автономија на универзитетите имаме одредби кои подобро го регулираат тоа , тогаш мене ми се чини дека добро е на овој начин да бидеме поафирмативни во однос на измените кои треба да се направат во Законот за високо образование.

Јас знам дека во скора иднина и во овој закон праксата не сомнено ќе покаже дека ќе има потреба од негови измени. Самиот факт што сме прифатиле да одиме заедно со оние држави во кои сакаме да влеземе, од Европската унија или други држави што во оваа област напредуваат, во тој од не треба да не чуди, доколку во иднина ќе треба пак да го измениме овој Закон за кој што говориме, затоа штопрактиката повторно ќе покаже дека ќе се соочиме со причини, со потреба од измена на она што се менува денес или се предлага да се измени денес во овој закон.

Со измените и дополнувањата на Законот за високо образование, меѓу другото, се врши интервенција и во две други области и сфери, тоа што значи финансирање и тоа што значи признавање на квалификации кои се стекнуваат во други држави. Потоа, има и прецизирања во однос на Буџетскиот систем, има измени на конституирањето на Советот за акредитација, Агенцијата за евалуација. Има доста измени во однос на изборот и мандатот на Ректорот или ректорите на универзитетите.

Лично ја подржувамодредбата со коај се кажува Ректорот да може да биде избран два пати. Има одредба со коај се предвидува финансирањето на државните универзитети во согласност со годишнит ефинансиски планови и програми на институциите на високото

образование, за кои државата има интерес. Се работи за измени кои , како што реков претходно, треба да се подржат.

Колку и да се обидуваме со овие измени да го измениме фактот, односно како што реков еднаш да се одредат членовите кои подразбираат институционализација на тетовскиот универзитет, меѓутоа, со оглед на фактот дека во одредени дискусии ова стана малку потранспарентно, се радувам што денес тука имаме отворена дебата и од страна на опозицијата и од страна на власта. Нема што ние тука да криеме. Вистина е дека со овој закон се дава реална можност да се изнајде решение и за тетовскиот универзитет. Со самиот факт дека се повикуваме на Рамковниот договор, со самиот факт дека долго време се правеа различни напори за да се реши овој проблем, дефинитивно треба да се убедиме дека ова прашање треба да се реши. И доколку со овој закон, по мое мислење се дава зелено светло за решавање на високото образование, имајќи го за основа тетовскиот универзитет, тогаш ние тука нема што веќе да се убедуваме едни други, затоа што времето понекогаш многу често самото не уверува дека тоа треба да се нарпави. Надвор од салата, разговарајќи на шега во холовите се вели - не сакам да ме разберете погрешно - дека од ВМРО-ДПМНЕ добивме Штулов универзитет додека беше во Владата, а сега од Владата на СДСМ добиваме друг универзитет. Меѓутоа, мислам дек анема ништо лошо, сериозно, нема ништо лошо да имаме универзитет. Таму каде што нашит емлади албанци се образуваат и еманципираат, тоа е само додатен аргумент и многу силен аргумент, сите ние заедно да одиме во чекор со она за што сме се определиле како опција и како држава, односно евроатлански интеграции.

Жалам што прашањето на високото образование и проблемите воопшто поврзани со образованието на мајчин јазик сме можеле многу порано да ги решиме. Се разбира, требаше да создадеме и позитивен политички амбиент за тоа во Македнија. Меѓутоа, се чини дека тие наши сугестии и тие дискусии, понекогаш жолчни расправи на оваа говорница, како да не беа соодветно разбрани. Денес гледами натаму се прават обиди да се импонира со еден речник, многу сличен на тој што го слушавме пред неколку години.

Во оваа насока, би им сугерирал на колегите да не ги насочуваат дискусиите во оваа насока, затоа што тогаш ќе излезат недоволно зрели за она што го бара и импонира времето.

Постојат некои дилеми за кои можеби при рекапитулација на сето она што ќе се дискутира околу законот, кои во моментот можеби се појавуваат кај мене. Меѓутоа, сигурно дека ќе се јават објаснувања подоцна околу тие дилеми.

Членот 46 кој се менува, членот 198 каде се говори за евалуацијата на наставата која се следи по граѓанска иницијатива, и натаму текстот останува скоро неизменет, освен

што се продолжува рокот до 2005 година. Тука останува проблемот можеби недообјаснет и можеби е тешко со законски одредби тоа да се направи во однос на дипломираните студенти на тетовскиот универзитет.

На прв поглед изгледа едноставен, но не е така. Оние кои дипломирале и кои на одреден начин се направи обид да бидат обврзани да даваат испити на ретроактивен начин, мислам дека тоа ќе претставува проблем за кој треба да се разговара откако ќе се усвои законот. Меѓутоа, тогаш ќе треба да се покаже поголема политичка волја со цел да се реши овој проблем без последици врз студентите кои ги завршиле студиите односно кои дипломирале.

Би сакал малку да бидам партиски настроен во одреден момент и вие да прифатите како структура на власта односно парламентарно мнозинство да признаете дека во овој закон кој дава зелено светло за тетовскиот универзитет да го прифатите континуитетот и работата која се правела со години во оваа насока и на оние кои во моментот немаат право на глас, немаат право на одлучување затоа што ние и покрај тоа многу често знаеме да бидеме до крај субјективни и најголемите грешки ги правиме тогаш кога не го прифаќаме континуитетот. Јас се надевам дека тоа ќе се направи и доколку целата работа заврши на позитивен начин, тогаш ќе беше добро заслугите сите да ги имаме за тоа, а во оваа насока заслугата треба да ја има и парламентарното мнозинство независно од етничкото потекло. Дури тука би рекол дека најголемата опозиција ВМРО-ДПМНЕ треба да ја има заслугата која со законот од 2000 година фактички го направи првиот чекор за да дозволи високо образование на албански јазик и сето ова да се гледа како една работа во континуитет изразувајќи само едно жалење дека работите секогаш сме ги правеле малку со задоцнување и полека.

Што се однесува до високото образование дефинитивно ќе го оставиме проблемот на тоа што значи квалитет, професионализација, луѓе кои директно се бават со оваа работа ним ќе им го оставиме ова прашање, а ние од политиката да се занимаваме со работи кои и онака ги имаме многу и кои не очекуваат во иднина.

Верувам дека го дадов својот придонес со цел одредбите од овој закон да дадат можност за реализација на она што претставува значајна цел односно да се изнајде дефинитивно решение и за тетовскиот универзитет и по донесувањето на законот ќе треба уште еднаш заедничка политичка волја за позиција и власт да го решиме тоа што претставуваше повеќегодишен проблем кој многу често не ставаше во позиција како што реков претходно на оваа говорница да предизивкаме тензии не само тука, туку и надвор.

Дефинитивно, тука да ја изнајдеме нашата волја и напор да го решиме вој проблем или и натаму да продолжиме да решаваме проблеми кои предизвикуваат антагонизми со

последици кои не ни се потребни во едно време кога треба да одиме со побрз чекор во насока на реализација на она што претставува договор односно рамковен договор како негови потписници.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Збор има господинот Ќенан Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Почитувана госпоѓо потпретседател на Собранието, дами и господа пратеници, ценети претставници на Министерството за образование и наука,

Дозволете ми на самиот почеток да истакнам дека иако најголемиот дел од проблемите на турската заедница се од сферата на основното и средното образование, сепак постоењето на високообразовни институции од сферата на заштитата на јазичниот и културниот идентитет на турската заедница кој функционира под многу тешки услови од една страна и огромните проблеми во високообразовната сфера во Република Македонија од друга страна за што зборуваат бројни досегашни анкети се доволна причина накратко да продискутирам за овој предлог-закон.

Иако генерално сум присталица законите да се носат по редовна постапка, досегашните реакции на опозицијата и досегашната парламентарна расправа покажа дека опозицијата нема некои посериозни забелешки на структурните решенија во законот, туку дека забелешките повеќето се од политичка природа и одат во насока на оневозможување или редукција на високообразовниот квантум на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Со други зборови со барањето законот да се носи по редовна постапка се отвора широк простор да се политизира сферата на високото образование, што сериозно би ги разнишал и онака кревкиот меѓуетнички амбиент. Иако лично сметам дека секој граѓанин, независно од неговата национална, конфесионална, социјална, политичка или било која друга припадност треба да има еднаков пристап кон високообразовните институции, сепак анализите покажуваат дека има огромна диспропорција во степенот на образованост кај етничките заедници, што само по себе го наметнува заклучокот дека нешто не било во ред и дека нешто не функционирало како што треба.

Од друга страна потребата од образование како неминовност да се следи чекор со современите трендови налагаше да се најдат соодветни патишта и алтернативни решенија.

Како резултат на големите диспропорции се воведоа квоти за националностите, а паралелно со тоа нагло се зголеми бројот на студенти кои своите студии ги продолжуваа во странство претежно во Турција, Албанија, Бугарија, а поголем процент и во земјите на ЕУ и пошироко.

Тоа само по себе отвори дополнителни проблеми околу нострификацијата на дипломите, еквивалентноста на истите, доколку постои договор за еквивалентно признавање на дипломите меѓу двете земји, потребата од полагање на дополнителни испити и сл. Додека сум тука, сакам да истакнам дека имаше сериозни проблеми во нострификацијата на дипломите стекнати во странство и како партија имавме серозен ангажман во разрешувањето на тие проблеми.

Користам прилика претставниците на Министерството за образование и наука да ги охрабрам да преземат посериозни чекори во таа насока.

Од друга страна несоочувањето со проблемите во образованието на етничките заедници во минатото доведе до формирање на паралелни институции, што само по себе наметна сериозни проблеми не само на меѓуетничите релации, туку и во постигнувањето на неопходните високообразовни стандарди.

Сакам да кажам дека најцелисходно решение е она кое ќе се зафати со решавањето на проблемите затоа што нивното одлагање не само што ги мултиплицира проблемите, туку неминовно ќе се наметнат во агендата на било која наредна влада и тоа во многу потешка форма.

Од тука потребата нормативно да се интервенира во регулирањето на финансирањето во високото образование е повеќе од јасно дотолку повеќе што последните неколку години поради недефинирањето на оваа област доведе до сериозни проблеми, па дури и до жестоки реакции на универзитетот кои се базираа на повредата на автономијата на универзитетот.

Како резултат на тоа сериозно се разнишаа релациите меѓу Министерството за образование и наука и универзитетот. Сето тоа резултираше со сериозни проблеми во високобразовната сфера за што сведочат последните анкети на Институтот - Отворено општество, Економскиот институт и сл.

Од тука воведувањето на ред во финансирањето на високообразовните институции, потенцирањето на автономијата на универзитетот, надминувањето на проблемите во признавањето на високообразовните квалификации стекнати во

странство, тенденциите за следењето на стандардите потребни да се вклучиме во европското образовно подрачје, т.е. пристапување кон Болоњската декларација, тенденциите за проширување на приватна високообразовна мрежа и можноста да се обезбедат средства за финансирање на високообразовни установи доколку државата има интерес за задоволување на одредени образовни потреби.

Прецизирањето на формулациите за донесувањето на одлуки за бројот на студентите кои се запишуваат на високообразовните установи, прецизното дефинирање на времетраењето на студиите и развојот на стручното образование и слично се елементи кои се содржани во Предлог-законот за високо образование и врз кои треба да се базира оваа парламентарна дебата.

Сите дискусии кои одат вон овие содржини на законот или се насочени кон политизација на оваа сфера или одат во правец на ускратување на можностите за високо образование на дел од граѓаните на Република Македонија.

Почитувани пратеници, дали некој овде го потегна прашањето за квалитетот и стандардите на високото образование, на кој начин се стекнуваат дипломите и докторските дисертации, за односите во бројните високообразовни институции, за катастрофално ниските примања на наставниот кадар, за тешките услови на студирање, за неможноста да се следат современите научни трендови преди слабата економска основа и сл.

Дали расправата за овој закон ќе ја сведеме на политичкиот дел, т.е. дали ќе се легализира овој или оној универзитет, дали дел од буџетските средства ќе се одвојат за финансирање на оваа или онаа образовна институција на етничките заедници или дебатата ќе ја пренасочиме на елементите кои дефинитивно ќе ги подобрат материјалните, техничките, просторните и другите можности на високообразовните установи, ќе им обезбеди материјална сигурност на наставниотг кадар и воведување на стандарди кои ќе значат чекор напред кон европскиот образовен систем.

За посебна пофалба е делот кој овозможува проширување на мрежата на приватните научни и образовни институции, досегашната пракса со ланецот на колеџи во Реплика Македонија кои постигнаа голем успех не доведе до идеја како заедница да направиме елаборат за приватен балкански универзитет кој ќе се одвива по исти стандарди како функционираат колеџите и од тука бараме поддршка од Министерството за образование и наука.

Од оваа говорница ја делам и загриженоста на интелектуалната елита поради сериозниот одлив на високообразовни кадри во странство што ја наметнува потребата во иднина од сеопфатна реформа на високообразовната сфера во која секој граѓанин ќе има

подеднаков пристап кон високообразовните институции за да се обезбедат соодветни стандарди, компатибилни со европските стандарди и која ќе обезбеди доволен простор и за помалите етнички заедници да се интегрираат во образовниот систем, согласно своите потреби.

На крајот сакам да истакнам дека Рамковниот договор многу работи поставува на сосема поинакви основи. Промените кои произлегуваат од тој договор во многу сфери наметнуваат сосема поинакви решенија од досегашните. Рушење на одредени стереотипи, откажување од одредени до тогаш практицирани стандарди и сл. Колку да е тешко да се прифати сепак треба да го прифатиме како модел по кој ќе ги градиме нашите идни односи. Со самиот факт, убеден сум, дека со време ќе се стеснува просторот за политизација и евтин политички маркетинг на било кој политички субјект кој тоа го практикува.

Најпосле, поддржувајќи го Предлогот за изменување и дополнување на Законот за високото образование го охрабрувам предлагачот во наредниот период перманентно да ги следи и идентификува проблемите во оваа сфера и по потреба да интервенира со решенија кои дефинитивно на високообразовната дејност ќе и обезбеди место во општеството кое тоа го заслужува.

Искрено се надевам дека со ваквите измени ќе се отвори доволен простор и ќе се обезбеди амбиент малцинските етнички заедници посериозно да се вклучат во високообразовните токови.

Благодарам на вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА.

Благодарам.

Збор има господинот Абдуладي Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници и пратенички, го поздравувам исто така и министерот за образование,

Денеска мислам дека е значајна точка на дневен ред законот за високото образование кој  можам да речам дека овие измени и дополнувања на Законот за високото образование се очекувани со години за надминување на еден проблем кој се роди и немаше политичка волја од македонската страна за решавање на овој проблем кој е многу значаен за младите албанци и за албанците воопшто.

Денеска имаше дебата за која можам да кажам дека беше конструктивна, меѓутоа имаше пратеници кои продолжија со нивната деструктивност за да минираат се што е за доброто на граѓаните и за минирање на иднината на сите граѓани на Република Македонија и за продолжување на агонијата која продолжи од 1994 година откако се основа тетовскиот универзитет.

Законот со сите предности и аномалии кои ги имаме на дневен ред создава услови во блиска иднина да ја постигнеме националната еднаквост на граѓаните на Република Македонија во областа на високото образование.

Можеби сме имале многу спротивставувања од 1994 година, кои биле со јазикот на аргументите, меѓутоа, секогаш надвладувало негативното, како што се вели во народот, ова прашање сме го пролонгирале со години и еве денеска треба сите да сме задоволни без оглед на кој ентитет му припаѓаме и без оглед на политичкјата привиниенција на која и припаѓаме.

Ова прашање е прашање кое навистина ги тангира сите граѓани. Секогаш сме разговарале и денес разговараме, меѓутоа ќе разговараме и во иднина дека е најдобро да се има работа со образовен човек затоа што образованието сигурно води во сегмент на цивилизацијата, посебно сега кога имаме претензии да бидеме членки на Европската Унија и другите структури или други организации во светот. Но, прво треба да го расчистиме нашиот двор, внатре во Македонија.

Гледам денеска пратениците, посебно на македонската опозиција по секоја цена сакаат да се спротивставаат на усвојувањето на измените на Законот за високо образование. Меѓутоа, верувам дека им е без аргументи и е со политички маркетинг затоа што секое задоцнување во усвојувањето на овој закон што е денеска на дневен ред сигурно ќе ги продолжи проблемите и ќе ја продолжи агонијата што е во умовите на некои политичари од македонската провиниенција.

Затоа, мислам дека нема место денеска ова прашање да се пролонгира за друг ден или законот да оди во две фази, каде што се предлага од ВМРО-ДПМНЕ. Туку, со сигурност очекувам и нивна поддршка. Овој закон да помине со поширок консензус и утре да немаме проблеми на терен, не за нас, туку за нив самите што се стремат да го пролонгираат и да помине во две фази, затоа што ова е неопходна потреба за албанците во Република Македонија.

Оваа работа е многу задоцнета. Не е задоцнета од албанските политички партии, било да се на власт или опозиција, туку сигурно е задоцнето од македонските политички партии што секогаш биле носители на владината коалиција. Овде еден пратеник рече дека вината била на партиите, поранешни, во коалиција или владите што биле порано и не можеле да реализираат ваков проект. Со полна одговорност кажувам дека ПДП беше една од тие што зеде учество во владината коалиција, меѓутоа не била носител на владината коалиција, како што и ДУИ сега не е носител на владината коалиција, како што и ДПА не била вчера. Проблемите, колку да сакаме да ги расчистиме тука, во Парламентот секогаш не сме биле во можност и не сме имале заеднички јазик да ги расчистиме така како би одговарало на сите граѓанит во Република Македонија.

Можам да нагласам дека ПДП денеска се чувствува многу горда, затоа што се работи за проект што го започна оваа партија уште од 1994 година, имајќи ја предвид храброста на албанските интелектуалци кои во тоа време го основаа тетовскиот универзитет. Денеска треба да им заблагодариме на сите нив кои со нивната смелост, интелект, политички и образовен го одбранија тетовскиот институт до денес и денеска да овозможиме создавање на една законска рамка за да може да се легализира тетовкиот универзитет.

Тој универзитет од тогаш немал проблеми да се институционализира, затоа што е основан во 1994 година, според тогашниот закон за насочено образование, како што беше основан и Битолскиот и Скопскиот. Меѓутоа од нечувство и отпорот што се направи од тогашната владина партија и другата партија што потоа дојде на власт, не успеавме ова прашање да го затвориме и денеска ќе разговаравме за многу други

прашања, за осовременување и за стандардите на овој универзитет. Се чудам на пратениците кои бараат од еден универзитет што штотуку ќе се основа или ќе се институционализира, затоа што тој е основан, бараат стандарди што ги имаат земјите од ЕУ или факултетите во Република Македонија. Во оваа насока имаме амандмани, како ПДП и бараме соодветно и правично опфаќање во сите институции одговорни за високо образование во Република Македонија, а исто така бараме да имаме консензус, поширок консензус и разбирање барем меѓу нас и да не мислиме дека тие кадри сме можеле да ги произведуваме немајќи наш универзитет, кадри што ќе треба да се ангажираат во тетовскиот универзитет и евентуално во другите универзитети што може да се отворат не само за албанците туку и за сите други, затоа што албанците немале можност да произведат кадри што денес ќе ги исполнат условите и стандардите што може да ги исполнат Скопскиот и Битолскиот универзитет. А, да не зборуваме за универзитетите пошироко, затоа што имало голем отпор за нашиот приод во универзитети кои постоеле во Република Македонија. После затворањето на границата и независноста на Република Македонија, албанците немале можност да студираат на високо образовни институции, затоа што Косово беше друга држава каде албанците можеа да се образуваат, да добиваат степен и звања што би можеле да ги имаме како готови кадри за тетовскиот универзитет. Затоа, во оваа насака сакам уште еднаш да ги поздравам сите тие кои имаа смелост и способност оваа институција да ја сочуваат така како што делувал овој универзитет и да кажам дека тие треба да чекаат од нас и не само од нас пратениците, туку и од целиот албански народ во Македонија за сето тоа што се прави денес да имаме и да зборуваме со некој друг јазик, со јазикот на аргументите, за што еве, ние го постигнавме тоа што беше одлучено, меѓутоа, бевме праведни во нашите барања. Другите како да разберат со време дека ова е неопходност на времето и потреба на граѓаните на Република Македонија, сигурно денеска ќе разговаравме за други прашања, за кои што сега се задоцнува.

Затоа, во оваа насока сакам да нагласам дека не е добро што има пратеници кои се спротивставуваат на идеата што како идеа за основање на универзитетот во Тетово или некој како што вели - добро е да се легализира универзитетот во Тетово па нека биде и приватна институција, ПДП и албанците секогаш се ангажирале од 1994 година, кога е основан универзитетот во Тетово тој да се легализира, да се институционализира и да влезе во системот на образованието на Република Македонија, да се финансира од Буџетот на Република Македонија. Ова прашање го има затворено Охридскиот договор. Понатаму нема дилеми во овој правец. Охридскиот договор беше компромис меѓу два ентитети, најголеми ентитети во Република Македонија, македонците

и албанците и, ако сакаме да градиме заедничка држава со заедничка иднина, со перспектива на сите граѓани во Република Македонија, мислам дека ова е единствениот начин и пат по кој може да одиме сите заедно. Друга алтернатива нема. Ако некој посакува ова што го постигнавме после потписот во Охрид да го негира, сигурно има намера политички маркетинг или во позадина има некоја друга намера што некореспондира со реалноста што постои во Република Македонија.

Затоа, во овој правец јас би сакал да потенцирам уште еднаш дека секој закон што се предлага од страна на Владата, меѓутоа да се предлага и од било кој, што авансира правни и други права како што сега во образованието, мислам дека треба да се поддржи, затоа што сите имаме желба да не се гетоизираме, туку да сме отворени, да се цивилизираме и сите заедно да стигнеме таму до каде што се решени, сме решени, во евроатланските структури и да одиме поподготвени, да одиме сите заедно затоа што во спротивност самите како Република Македонија ќе претрпиме последици.

Денеска се спомна дека сегашниот закон, во постојниот закон усвоен 2000 година дека за некој е постигнат поширок консензус од сите политички партии што тогаш биле присутни во Парламентот. Со полна одговорност кажувам дека единствено се противеше ПДП на тој закон. Секогаш ПДП бараше тетовскиот универзитет да се институционализира и секогаш се противеше на тоа да се замени со институции што ја немаат тежината на тетовскиот универзитет. Не сме биле против ниту отворањето на универзитетот на Југоисточна Европа. Тоа го кажавме тогаш, а го кажуваме и денеска. Дури, ние бевме тие кои повторно го отворивме Педагошкиот факултет во Скопје. Меѓутоа, не бевме против основање други универзитети. Меѓутоа, никогаш не сме сакале тоа да бидат институции што ќе го заменат тетовскиот универзитет.

Затоа во 2000 година ПДП не го поддржа законот за високо образование. Затоа сакам тука да ги демантирам сите оние кои велат дека имало консензус околу усвојувањето на Законот за високо образование тогаш. Ние секогаш и во секој буџет што се усвојуваше од страна на овој Парланет, се знае дека секоја година се усвојува буџет во тие можности секогаш баравме политичка волја од сите политички партии, било опозициони или од Владата, да делуваме заедно и во насока да го направиме тоа што е неопходно. Меѓутоа, не наидовме на добра политичка волја кај македонските политички субјекти и затоа имаме задоцнување во однос на ова. Дури, околу овој предлог во 1998 година имавме договор со партијата што денеска е носител на сегашната коалиција односно со СДС за реализација на проектот на тетовскиот универзитет. По изборите во 1998 година знаете дека ПДП и СДСМ не учествуваа во Владата, туку беа во опозиција. Другите сакаа да го поткопат овој наш проект што требаше да продолжи и засноваа друга

приватна институција со што се направи обид да се замени со тетовскиот универзитет. Ова не го прифативме и не го прифаќаме до крај, но не го правиме како резултат на политички маркетинг. Нема да се согласам со сите дискутанти кои велат дека некој го има злоупотребено тетовскиот универзитет за политички маркетинг. ПДП тоа го нема направено, туку таа беше консеквентна затоа што таа беше носител на активностите. Гостивар, Тетови и Дебар беа општините што го водеа овој проект и нивните градоначалници, а тие беа припадници на ПДП.

Затоа, работата што ја направивме, претходно спомнав, треба сите да се гордееме со таа работа, независно од етничката припадност, треба да се гордееме со фактот дека правиме чекор напред. Можеби има многу аномалии што ќе треба во иднина да се поправат. Меѓутоа да внимаваме, не треба тука да има политичка игра. Ова го велам од искуството што го има овој Парламент. Треба широко да ги отвориме очите, треба да бидеме одлучни затоа што денеска се воспоставува основата за легализација на тетовскиот универзитет. Треба широко да ги отвориме очите каков закон ќе усвоиме во иднина за засновање на тетовскиот универзитет. Таа работа треба да биде во согласност, треба да се вршат консултации, меѓу другото и со самата институција односно тетовскиот универзитет, затоа што луѓето таму го заслужуваат. Ние политичките партии, било од опозицијата, било од власта да ги консултираме повеќе, затоа што се тие кои ги дадоа првите жртви. Тие се оние кои се жртвуваа да стасаме до овој ден што за нас претставува еден голем ден.

Затоа треба да внимаваме, да внимаваме поради сите оние студенти кои завршија на тетовскиот универзитет, да внимаваме за оние кои се сега во прва, втора, трета година или апсолвенти. Затоа, не треба да правиме проект што ќе биде во спротивност со нашите определби. Треба да опстоиме на ова затоа што тоа произлегува од Рамковниот договор. Имаме гаранции и од меѓународниот фактор. Во Охрид, г. Пердју, претставник на САД кој го стави својот потпис на Охридскиот договор ни вети во тоа време дека ова прашање ќе се спроведе, ќе го реализираме сите заедно. Во тоа време беше присутен и г. Положани кој денеска е министер за образование.

Второ, знаете дека во однос на преамбулата на Уставот ПДП силно се спротивстави на менување на преамбулата. Меѓутоа, условите беа такви што требаше да се направи компромис. Исто така, тогаш од страна на господинот Лероа, претставникот на САД ни беше ветено дека набргу ќе ни се создадат услови за легализација на тетовскиот универзитет. И ние денеска тоа треба да го знаеме како прашање и треба да гледаме како на работа што сме ја спровеле заедно. Но не треба да се даваат политички бои, таа политичка партија го спровела или таа го одбила. Сите албански политички партии дале

свој придонес , било од позицијата или од опозицијата за реализација на оваа величенствена идеа за нас албанците во Република Македонија. Затоа, во оваа насока барам разбирање сите да покажеме разбирање и ова прашање да го искористиме за политички маркетинг и да кажеме дека проектот не може да го реализираме ако се делиме. Односно, сите заедно може да го реализираме овој проект што е неопходен за сите субјекти кои студирале или студираат на тетовскиот универзитет.

Затоа треба да внимаваме. Таму функционираат 15-16 факултети и не треба овде да дојдеме во ситуација да им наштетиме на нашите интереси, да дозволиме да се формираат само 4-5 факултети, а другите студенти да шетаат по улици, затоа што изгубиле 3-4 години на нивните студии. Затоа тука барам консензус меѓу албанците и барам разбирање од македонските политички партии да се реализира оваа идеа. Затоа што, доколку се фрагментира ова прашање, јасно кажувам дека така нема да се реши проблемот на високото образование на албанците.

На крајот сакам да истакнам дека ние, како претставници на ПДП, јас и г. Исмет Рамадани поднесовме неколку амандмани што се во функција на законот за високо образование. Тоа не се технички прашања, туку се суштествени прашања што навистина треба да се прифатат и како такви да бидат составен дел на текстот. Тоа е во духот на Рамковниот договор и не треба да дозволиме ова да не се направи а потоа времето да ја наметне потребата да правиме натамошни измени на законот за високото образование. Тоа прашање треба сега да го апсолвираме и мислам дека со амандманите што се поднесени, направени се консултации со експерти од правната област и други експерти кои работеле на овој проект, консултации со луѓе од областа на образованието и од нив имаме мислење дека со овие амандмани ќе се подобри законот во духот на Охридскиот договор. Верувам дека тие ќе бидат прифатени.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Краџоски Жарко има збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани колеги, најпрво би сакал само неколку кратки реплики проследени до г. Вејсели.

Сакам веднаш да го разубедам дека г. Вејсели не треба да гаи надеж а уште помалку да се чувствува сигурен дека за овој закон ќе гласа и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Одма во тоа ќе го разубедам, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ

апсолутно нема намера да го поддржи овој закон, поточно овие измени во него. Тука да не гаиме надеж.

Инаку, во однос на тоа што од целата дискусија можеше да се разбере на г. Вејсели, се се сведе на едно, значи дефинитивно овој закон е добар затоа што се легализира тетовскиот универзитет. Сите претходни не беа добри и затоа немаше консензус, како што кажав во периодот кога се носеше законот за високо образование од страна на тогашната пратеничка група ПДП.

И нормално е и очекувано е господинот Вејсели и ПДП како партија, нормално да бидат горди што по една толкава, да кажам макотрпна работа од нивна страна, почнувајќи од почетокот на мандатот на Собранието, или на независноста на Република Македонија едно од главните прашања беа токму тетовскиот универзитет и ништо друго.

Дури јас искрено, сега го поставувам прашањето што господинот Вејсели тврди дека таа пратеничка група кој во овој момент ја застапува ПДП, што понатаму ќе работат овие двајца пратеници и оваа пратеничка група во Собранието на Република Македонија, со оглед дека единствената цел што ја слушаме со години наназад, беше легализацијата на тетовскиот универзитет. Денеска, благодарение на парламентарното мнозинство тоа ќе се реализира, према тоа незнам што понатаму ќе работи оваа пратеничка група, можеби ќе се пренасочи на онаа најава која ја слушнавме од медиумите дека по една успешна битка одиме на второто, а тоа е иницијативата за самоопределување.

Господине Вејсели, овде од вас сега слушнав дека вие со СДСМ уште од 19943 година кога се формира прво клубот за забава а потоа таканаречен малоречански универзитет сте имале договор таа работа да ја завршите и јас само се чудам како не ја завршите во оној период кога бевте на власт заедно со СДСМ. Инаку е точно, с# почна со вас, меѓутоа и со СДСМ и с# завршува со вас исто со СДСМ. Јас не можам да сфатам каква сте вие опозиција, на некој начин сте недефинирана, кога како опозиција, велите 1998 година до 2002, ние не можевме да го реализираме тетовскиот универзитет, бидејќи бевме позоција. Денеска сте опозиција, барем така слушам го кажувате, а еве го реализирате вашето барање. Ќе завршам, према тоа дали за тоа ви помогна вашиот министер, јас би го нарекол ваш министер, со оглед на тоа што долги години беше и ваш член, и да се чувствувате како некоја позиција или парламентарно мнозинство кое благодарение со господинот Вејсели, а особено благодарение на СДСМ го реализиравте долгорочниот сон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се јавува за реплика господиот Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Вистина е дека се чувствувам горд, затоа што навистина се реализира една идеја, или е во фаза на реализација на една идеја која била на ПДП.

Што се однесува до тоа што ќе прават пратениците на ПДП, навистина е дека биле многу бучни околу легализирање на тетовскиот универзитет и тоа не сме го криеле на ниту една седница, било кога сме биле во позиција или опозиција, без оглед на нашата позиција во или надвор од власта, секогаш сме биле тие што ја ценеле работата и смелоста на интелектуалците, кои што и себеси се жртвувале за одржување на оваа институција во живот и навистина е дека во 1998 година сме имале договор и сме биле многу блиску до предлагање на закон за легализација на тетовскиот универзитет, меѓута потоа ВМРО доаѓа на власт, ова прашање се минимизира и се тежнееше кон основање на Штуловиот универзитет. Тоа решение не беше за нас сфатливо и ние јасно се спротивставивме, иако не сме против постоењето на Југоисточниот универзитет, меѓутоа, на крајот не како замена на тетовскиот унивврзитет и се здружуваме за основање на педагошкиот факултет, меѓутоа не како замена на тетовскиот универзитет. Значи, ние имаме и други активности кои сме ги ветиле на нашиот електорат и посебно ПДП ја игра улогата на коректор на позицијата помагајќи во сите проекти и прифаќајќи ги сите проекти кои што се добробит на граѓаните на Република Македонија и ќе се спротиставиме на сите тие проекти што се на штета на граѓаните воопшто во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам да се придржувате кон минутажата. Давам знак, меѓутоа гледам дека не се почитува. Јас ве молам да се придржуваме кон Деловникот.

Продолжуваме со расправа.

Збор има господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитуван министер за образовани и наука,

Сите знаеме дека образованието, посебно високото образование има определени цели, кои што се поврзани со образование, наука, култура, уметност и

техника. Создавање на човековите однесувања и нови гледишта светски и со мисија на мир, стабилност еднаквост, просперитет и меѓуетничка толеранција.

Високото образование е фактор во тежина со интеграција со Европа со коегзистенција на мирот, градење на односи кои се добри, како и почит меѓу луѓето. Пред с#, треба да се знае дека нема модерно општество ако луѓето кое го составуваат тоа општество не се образовани и немаат можност да стекнат научни и други квалификации.

Почитувани колеги, со распаѓањето на поранешна Југославија и создавањето на независна Република Македонија се оневозможи натамошно универзитетско образование на албанската младина надвор од границите на Република Македонија. На двата универзитети во Република Македонија како во Скопје и Битола, албанската младина беше дискриминирана.

Од друга страна, како резултат на егзистенцијалната потреба, не само за албанците, туку и за сите други граѓани во Република Македонија, како резултат на императивот на времето, на модерното време каде се потребни образовани луѓе кои ќе придонесат за натамошниот развој, економски, културен и социјален развој не само во Република Македонија, туку и во целиот регион и токму поради сето ова се јави таа граѓанска иницијатива на албанците за основање на тетовскиот универзитет со што албанците не само што сакаа да го решат нивниот проблем низ образованието, туку едновремено сакаа и да го збогатат образовниот систем рна Република Македонија.

И покрај тоа, за жал, статусот на оваа високообразовна институција и ден денес остана нерешен. Со усвојувањето на законот за високото образование во 2000-та година се направи еден пресврт во насока на организацијата и функционирањето на високото образование. Овој закон за мене лично претставува еден чекор напред во насока на платформата на едно високо образование. Истовремено чекор напред во насока на подобрување на општествената кохезија. По усвојувањето на овој закон со помош на странските донации, како што сите знаеме се основаше универзитетот Југоисточна европа. Овој универзитет е интегрален дел на образовниот систем во државата. И покрај тоа, за жал, и оваа институција, исто како и тетовскиот универзитет не доби финансиска поддршка од страна на државата. Доколку се има предвид фактот дека за високото образование во Република Македонија, во согласност со она што е предвидено во буџетот на Република Македонија за 2003 година се оделуваат некаде околу 7 милиони евра, а учеството на албанците во државата е многу значајно во другите области,. Од друга страна доколку се имаат предвид уставните измени посебно Рамковниот договор, со кој државата се обврзува да го финансира високото образование на средниститт кои претставуваат 20% од населението, се поставува прашањето дали

високото овразование на албанците треба и натаму да се развива, да фукционира помогнато само од донациите и други придонеси. Треба на сите да ни е јасно дека албанците ги имаат законските обврски, како даночници, царини и т.н. Затоа не е во ред некои за истото прашање да плаќаат два или повеќе пати. Тоа ни го дозволува и членот 9 од Уставот на Република Македонија што се предвидува еднаквост на граѓаните, за нивните права и слободи, независно од нивната етничка припадност, раса или пол. Во оваа насока ви го истакнувам и членот 8 од Уставот на Република Македонија.

Почитувани колеги,

Членовите, припадниците на етничките заедници кои живеат во Република Македонија со цел унапредување на развојот на нивниот идентитет во институтите на високото образование, може да го користат својот јазик. Оваа законска одредба дава можност за употреба на јазиците на сите заедници. И јас лично го гледам ова како најголемо постигнување со овој закон, со ова дефинитивно сесоздава простор за сите граѓани да го постигнат ова што го кажав пред малку.

Со предлог законот за измена и дополнување на законот за високото образование, предлагачот исто така предвидува измени и во одредени други области. Овие области во пракса не покажале резултати како што се финансирањето на високото образование како што сите знаеме, за финансирањето на високото образование со законот кој е во сила, се предвидува тоа финансирање да се спроведува преку т.н. фонд, кој фонд требаше да се заснова во рамките на образованието. Меѓутоа, тој фонд воопшто не се формираше, што предизвика негативни ефекти врз и така тешката состојба на финансирањето на високото образование. Со предлог законот за кој дебатираме, се сака да се најде решение, затоа се предлага наместо фондот да се формира совет за развој и финасирање на високото образование во Република Македонија.

Од друга страна, доколку се има предвид одлуката на Уставниот суд на Република Македонија со која се поништија три члена од Законот за високото образование кое е во сила и со кое се регулираат прашањата на квалификациите, на признавањето на квалификациите стекнати надвор. Сето ова предизвика една правна празнина, поготово кога се има предвид фактот дека значаен број на луѓе кои студирале надвор, имаат потреба да им се признаат нивните квалификации, тогаш со право можеме да констатираме дека надополнувањата во оваа област се повеќе од потребни. Во оваа насока е предвидена и можноста за признавање на квалификациите стекнати надвор од Република Македонија, да се направи преку верификација на правните услови како што е валидноста на документите од Центарот за информатика на Министерството за образование и освен тоа признавањето го прави Наставната омисија која го доставува до

Министерството за образование. После тоа министерот носи крајна одлука во однос на признавањето на дипломата.

Во оваа насока би сакал да ја истакнам потребата од билатерални договори за признавање на дипломите. Посебно би го потенцирал склучувањето на договорите со соседните земји како што е со Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Косово, Романија и т.н. Со оглед на фактот дека сум длабоко убеден дека само вака ќе придонесеме кон интеграцијата, регионалната и поширокатa интеграција.

На крај, мислам дека најголемото постигнување на овој закон е системот, фактот што се предвидува систем во согласност со Боенската декларација и која се спроведува во сите модерни држави.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на едниот Аднан, а збор има другиот Аднан, овој па Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам претседателе, господа пратеници, ценет министер за образование,

Денеска на дневен ред го имаме законот за изменување и дополнување на Законот за високо образование,

Денеска на дневен ред го имаме законот за изменување И дополнување на Законот за високо образование. Мишне важен закон несомнено и мислам дека овој закон заслужува посебно внимание. Секоја влада има право и обврска во согласност со програмата за работа на Владата да предложи ваков или сличен закон. Но едно е сигурно. Секогаш треба да се консултира со релевантни структури да се има модерен и општоприфатлив закон. Токму овој аспект не е запазен од причини што мене не ми се познати, но веројатно Владата има свои аргументи зошто вака постапува. Имено, се работи за фактот универзитетите во Република Македонија не се консултира на релација универзитет и влада. Но ова ќе го апсолвирам после. Засега би се осврнал на законот во целина што сметам дека после ова чекор напред, иако има работи не се дефинирани во град и кој не коренспондираат со реалноста и модерните принципи на високото образование, на кој се повикува овој закон. Сигурно измените со овој закон се поттикнати од потребата за имплементирање на уставните промени кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор што во принцип е во ред. Но зошто ваков закон се нсои по итна постапка, а не по редовна постапка. Ова го гледам од фактот на Комисијата за

образование и наука слушнавме од самиот секретар на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" дека тие бараат или одложување или да оди во две фази овој закон, затоа што нема сеуште мислење, односно јавно мислење во врска со сите членови вклучени во овој закон.

Исто така, ние тогаш предложивме да оди во нормална постапка за да има јавна расправа, да има јавност во овој закон, иако се тврдеше дека тоа е поради итна постапка и се гледа итноста на постапката е во тоа да се запазат роковите во агендата на Владата со имплементирање на обврските од Рамковниот договор. Но, тука сметам дека ако Владата има такви обврски, мислам дека има право и обврска со закон, односно со одлука на Владата да ги реши некои проблеми кои произлегуваат од такво договор, односно меѓупартиски договор, вклучително можеби и легализирање на тетовскиот универзитет. Со барањето мое и на опозицијата да се оди по регуларен пат, никако не треба да се смета дека се работи или дека сме против образованието на заедниците, т.е. високото образование на заедниците. Впрочем, за тоа се обврзани сите релевантни фактори кои го потпишаа Охридскиот рамковен договор и што е имплементирано во Уставот и едноставно тој функционира во периодот кога што донесувавме такви и слични закони. Но јас би се задржал на една друга димензија каде што често пати и во минатото јас потенцирав дека Охридскиот рамковен договор и Амандманот 11 од Уставот на Република Македонија, многу ригидно се пресликува во реалноста.

Имено, се работи за високото образование на другите заедници.

Во членот 23 односно во членот 95,на кој би се задржал малку повеќе се додаваат пасуси во кои што се имплементира дел од Охридскиот рамковен договор т.е. од Уставот каде што се вели дека треба да има високообразование финансирано од државата за заедниците. Тоа би било се во ред се додека не се стави таа фамозна граница од 20%, за да потоа во другиот дел се каже каде што другите заедници имаат право може да се образуваат на педагошките факултети каде се едуцираат кадри на наставници за основно и средно образование, впрочем и со закон со тоа се обврзани. Таму децидно се вели дека тие може да основаат такви факултети или групи. Впрочем, такво решение имаше и во претходниот закон тука не е направена никаква измена.

Мојата дилема е во тој правец. Како е можно за една популација, за една заедница да имаме ригидно пренесување и пресликување на законот заради тие фамозни 20%, за што рековте претходно дека е во ред, додека за другите заедници, и тоа само во дел каде што треба педагошките факултети да работат на определени групи се остава на желба на еден или на повеќе групи се остава на желба на Влада на министри, или на луѓе кои донесуваат таква одлука.

Мислам дека такво нешто не е дозволиво.Во најмала рака кога се предлагаше ваков закон овој аспект требаше да се има предвид за да сите заедници бидат во рамноправна положба. Свесен сум дека во оваа ситуација турската заедница како и други заедници во овој момент не би требало да бараат високообразование во сите свери но сигурно мораше и требаше да се реши образованието на ниво на педагошките факултети, на ниво на методики на настава на определени предмети каде што впрочем и законот ги обврзува, оние што продуцираат кадри за основно и средно образование.

Законот понатаму вели дека за заедниците можат да се формираат приватни универзитети, тоа е во ред и тоа е предвидено во законот, тоа е оној исчекор напред што е квалитетен, но овој дел кореспондира со другиот дел каде што Собранието членот 16, т.е. членот 80 од стариот закон, каде што се вели дека Собранието на РМ, донесува програма за остварување на развојот на високото образование. Сега од ингеренции на образование се префрла во ингеренции на Влада. Токму тука јас имам дилеми и прашалници за која што и во иднина и покрај дората желба на некои министерства или министри во претходните години се остава можност да може да формира такви институции.

Во минатото истиот закон постоеше и до ден денес во рамките на педагошкиот факултет во Скопје не е одделена самостојно групата на турски јазик иако во 2000 и 2001 година имаше такво писмо во кое децидно се вели дека имаат право турската заедница да формира група на турски јазик.

Но, покрај добрата намера на минстерот, покрај добрата намера на раководството на педагошкиот факултет се влезе во законскиот лавиринт каде што таа повратна спрега дојде до израз бидејќи тоа не е со закон регулирано туку се остава на можност да може тоа да се направи. Мислам дека недостаток на овој закон е токму во таа сфера што требаше, мораше, барем тој дел да се регулира на соодветен начин за да може и другите заедници барем во тие домени каде што со закон се обврзани тие, а и државата да едуцираат кадри за основни и средно образование.

Јас се надевам, убеден сум дека во добрата намера на министерот, предлагачот на законот, но не смееше да се дозволи на волјата на поедини луѓе тоа да се решава. Главниот недостаток според мене во овој закон е во другиот дел од членот 25 т.е. 95 каде што се остава на волјата на предлагачот за другите заедници да може да се формира, но тоа не мора. Се поставуваат разни ограничувања од типот тоа се бара, нема финансиски средства, нема доволен број студенти и работите се гледаат еднодимензионално.

Јас се прашувам зошто кога доаѓа ситуација да се бара од турската заедница или од другите заедници толку аналитижки, толку до танжина, се иде во некои работи, а

додека кога се бара за друга заедница едноставно се бара да се применува славото на закон.

Она што барам е ако за една заедница важи словото на законот од тожка до запирка да се применува словото на законот од точка до запирка и за другите заедници, за да градиме, како што вие често пати во последно време го зборувате мултиетничка држава каде што сите граѓани се осеќаат еднакво застапени во сите сегменти, вклучително и во високото образование, каде што нас не тангира.

Мислам дека овој дел е многу важен затоа и предлагам да оди во редовна процедура а ако Владата има обврска овој закон да го донесе во определен временски рок тоа можеше да го направи со одлука на Влада, додека овој закон заради квалиртетот на законот, заради тоа што ќе произлезат негативни последици од овој закон со неподготвување на добар закон, требаше да се остави на време на јавноста, на јавна расправа, на интеруниверзитетската управа да донесе заклучоци или мислења во врска со овој закон, па да видиме во тој период дали овој закон навистина е во ред, дали има нешто што навистина треба да се надмине, да се промени, некои членови да се додадат некои членови да се отфрлат.

Мојата замлница е овој закон, тоа го кажав и на Комисијата да оди во редовна процедура, да се допрецизира, да се доработи и сигурно тогаш ќе имаме многу добар, квалитетен закон за високо образование вклучително и овој дел што се однесува за другите заедници во Република Македонија. И за нив словото на законот важи од точка до запирка, а да не изгледа важењето на законот само еднодимензионално, само на релација меѓу македонците и албанците. Тоа е едната работа што сакам да ја кажам.

Другата работа е во врска со квалитетот, кој често пати се напоменува. Треба дас имаме квалитетно високо образование, треба да имаме квалитет кој ќе произлегува од самата држава, што самата држава ќе финансира, вклучително и етничките заедници и можноста да имаме приватни универзитети каде што ќе дојде до израз конкуренцијата. Тоа сигурно е така и така треба да биде.

Уште нешто би сакал да напоменам. Токму оваа Влада во изминатиот период, вложувањето, беспарицата, кои се елементи за науката ги преполови. Јас се прашувам ако науката не е основен сегмент во високото образование, а вие добро знаете дека нашите високошколски установи, факултетите не се занимаваат само со предавања, само со настава, со едукација, се занимаваат со научно истражувачка дејност. Впрочем, такви се институциите, така се спрегнати работите. Немањето средства во овој домен јас се прашувам како ќе може да се развива науката која ќе биде основа за напредување на идните млади луѓе, за создавање на високостручни кадри кои впрочем во иднина ќе треба

да ги заземат своите места во ваквите високошколски установи без разлика дали тие се приватни, државни или нешто меѓу или се финансирани од меѓународните заедници.

Мислам дека би требало Министерството за образование т.е. Влдата длабоко да размисли во овој дел, финансирањето што се однесува за науката а убеден сум дека науката и образованието, особено високото образование е јака спрега кој едини со други се надополнуваат. Ако во таа свера не се направи нешто повеќе или поголем исчекор, или исчекор да се подобри финансиската ситуација на научните работници кои впрочем ќе едуцираат добар кадар во високото образование, мислам дека квалитетот на образованието секој ден се повеќе ќе опаѓа и плановите и програмите кои што се вметнати тука за запирање на одлив на мозоци од Република Македонија нема да вроди со плод, бидејќи немањето на пари, а се се врти дека само со пари, со инвестиции во сите свери на живеење, вклучително и во наука и во образование и во економија ќе вродат плод на долги стази. Сигурно, вложувањето нема да има ефекти на кратки стази, но ние, барем јас така верував, не сакам да верувам поинаку, дека законите посебно за високо образование и за образование во други свери не се прават на кратки стази и не би требало да се прават на кратки стази, туку ваквите закони би требало да одат во редовна постапка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагам пауза а да продолжиме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 14,05 часот)

(по пауза)

(седницата продолжи со работа во 15,15 часот.)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор г-ѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, почтувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

На почетокот на моето излагање би сакала да се осврнам на она што е суштинско во денешната расправа а тоа е образованието во Република Македонија. Мислам дека тоа е тема за која што треба да имаме сите сериозен пристап.

Образованието е главен столб. Основан развој на една држава во секаков поглед и може би е тешко заради условите во кои што се наоѓа нашата држава да се прифати ваквата клучна улога на образовниот процес, па затоа би сакала да потенцирам дека она што го добиваме како продукт на образованието е најмоќното орудие со кое што може да

располага една дрджава, а тоа е знаењето. Ако ние гледајќи низ призмата на дневно политичките интереси го заборавиме фактот дека нас ни се потребни овеќе луѓе со високо образование токму заради третманот што знаењето треба да го има ние никокогаш нема а се отргнеме од состојбата во која што денеска се наоѓа нашата држава. Не можам да прифатам дека за некого е поприфатливо да има отворени проблеми во образованието, за да ги користи како партиски маркетинг отколку да чувствува потреба и обврска кон оваа држава да ги создава сите предуслови за нејзин непречен развој. Сите треба да бидеме свесни дека секоја политизација на проблемите со кои се соочува образованието нанесува само штета отколку корист. Третманот на образованието во најразвиените земји е апсолвиран веќе подолго време. Сојред некои податоци знаењето создава две третини, па дури и повеќе од бруто домашниот производ на најразвиените земји. Оттука мислам дека слободно можеме да констирам дека инвестицијата во образованието е најисплатлива, најмалку ризична, најсигурно, а условите за тоа треба да ги обезбедиме преку високообразовните институции чие функционирање се уредува со Законот за високото образование.

Токму заради тоа што од донесувањето на овој закон до денеска се утврдени голем број непрецизности, одредени делови од законот воопшто не профункционира денеска на дневен ред ни се предложени измени и дополнувања на Законот за вијсоко образование кои што се токму по таа функција.Функција да допрецизираат одредени решенија на овој закон и да го направат пофункционален.

Генерално можеме да ги сврзиме во три категории и тоа:

Измени и дополнувања кои се однесуваа на функционирањето на високообразовната дејност;

Условите за основање и почеток со работа на високообразовните институции

Прецизирање на постапката за нострификација на дипломите стекнати во странство.

Проблемите во секој од овие сегменти имаат длабока предисторија. Со Законот за високообразование кој беше изгласан во претходниот парламентарен состав беше предвидено да се формира фонд за високообразовна дејност со кој ќе управува управен одбор и кој меѓу другото требаше да ги утврди критериумите за финансирање на дејноста на универзитетите и високообразовните установи, одлуки за одржување на постојната опрема и набавка на нова како и за одобрување на средства за набавка на стручна литература, инвестициони зафати итн. Со еден збор тој фонд требаше да одлучува заклучните прашања кои обезбедуваат нормално функционирање на високообразовната дејност. Да го креира столбот на високото образование во РМ.

Тој фонд кој требаше да се формира најдоцна 6 месеци по донесување на законот во јули 2000-та година за жал не профункционира и со тоа се создаде вистински хаос во високото образование. Кои се причините? Дали е тоа неусогласеност со буџетскиот и финансискиот систем на државата, или е нешто друго, не велам дека не е важно, но тврдам со сигурност дека фактот што многу порано не е најдено решение за ваквата состојба на некого му одеше од рака повеќе отколку да најде решение за ваков проблем. Особено во таа насока зборува предлогот за изменување и дополнување на законот што беше предложен 2001 година од претходниот состав, со кој што беше предвидено не само да се укине фондот, меѓутоа решенија кои беа во насока на одземање на автономијата на универзитетот.

За сметка на тоа, денеска се предлага формирање на совет за развој и финансирање на високото образование со јасни и прецизни надлежности, кои од претходните дискутанти веќе беа потенцирани и не би сакала да се задржувам подолго на нив.

Проблемите кои се јавуваат околу признавањето на високообразовните квалификации стекнати во странство исто така многу се зборуваше во јавноста. Бројот на нострифицирани дипломи кои потоа се покажани како фалсификувани не е незначителен, ниту пак мислам дека е конечен. Процедурата обично се одолговлекуваме да речеме од непознати причини. Укинувањето на членовите од законот кои го регулираат овој сегмент од страна на Уставниот суд само дополнително ја влоши ситуацијата создавајќи правен вакум.

Со новите членови што се додаваат се врши допрецизирање на начинот на нострификација на дипломите.

Проширувањето на ингеренциите на информативниот центар во смисла на утврдување на валидноста на оригиналните документи со воведување рокови за завршување на постапката и мерки што ќе се преземат доколку таа не е испочитувана и се воведува одредба со која стручната комисија која е должна да ги верифицира дипломите стекнати во странство, во држави со кои што нашата држава има ратификувано меѓународни билатерални договори задолжително мора да побара мислење од информативниот центар што практично ги сведува на минимум можностите за фалсификување на дипломи.

Друга позитивна страна на предложените измени на законот е тоа што вкупниот број на студенти кои што се запишуваат на факултетите не може да биде поголем од бројот на студенти утврден со акредитацијата на високообразовната институција со што ќе се оневозможи досегашната пракса за примање студенти без да се води сметка за

просторниот капацитет со кој располага установата, бројот на наставниците со кој располага установата итн. Што практично досега се случуваше еден професор да држи предавање на 200 студенти во невозможни услови итн.

Она што би сакала да го издвојам е тоа што конечно со овој закон се поправа неправдата кон помладите асистенти кои што со законот од 200-тата година го добија статусот на невработени.

Имено, со тоа практично изгубивме можност, изгубивме давање на стимул на младите потенцијални талентирани кадри да се задржуваат на факултетите имајќи предвид посебно тоа што платата сигурно не е дополнителен стимул во образованието. На тој начин, практично придонесовме повеќе како држава за извезување на талентираниот млад кадар надвор од државата.

Токму заради ваквата состојб со помладите асистенти со г-динот Макрадули веќе подолго време подготвувавме закон, предлог решенија за надминување на ситуацијата и сега само можам да констатирам и да се заблагодарам на министерството и на Владата што ги имаше предвид и нашите препораки и ги вгради во овој закон.

На крајот би сакала да го потенцирам слендово.

Бидејќи расправата доби и поинаков тек денеска отколку она што би требало да го има би сакала да потенцирам дека секој од нас би требало да му биде од примарен интерес да има што поголем број високообразовани луѓе и во таа смисла отворање на поголеми можности за прифаќање на што поголем број средношколци во високообразовните институции.

Образованите млади луѓе се носители на новите и прогресивните идеи. Посамостојни се во размислувањата. Не можат лесно да подлегнат на злоупотреби и манипулации, не само политички туку и од друг аспект.Не гледам како некој би можел да има корист ако и најмал процент од македонската популација има слаби можности за студирање токму заради аргументите што ги кажав на почтокот. Се согласувам потполно дека она со што би требало сите да бидеме согласни или загрижени е квалитетот на образованието, меѓутоа, дозволете ми да консттирам каков и да е законот за високообразование, дури и да е совршен квалитетот на образованието не можеме да го обезбедиме само со помош на закон. Квалитетот на образовниот процес зависи од секој инволвиран во тој процес. И какви ќе бидат контролните механизми на квалитетот во образованието, зависат од други механизми а не само од закон. Затоа мислам дека сме со право сите вознемирени и загрижени од објавените анкети и на Сорос и на Унеско. Морам да кажам дека не се согласувам со тврдењето дека само наставниците се тие кои

што се виновни на некој начин за такви резултати. Тие се само една алка од целиот систем и затоа не ми оди во прилог третманот што сега го имаме кон образованието.

Значи ако се обидуваме да размислуваме рационално и прагматички, без разлика дали сме позиција или сме опозиција,треба нашите позиции, посебно кон образованието да ги градиме тргнувајќи од одговорот на прашањето: Што Македонија како држава губи, а што добива со измените што се предвидуваат денес на дневен ред или воопшто како стратегија во образованието. Ние постојано тврдиме дека наш национален интерес е интеграција во Европската Унија и за ова прашање, за среќа имаме политички консензус. Меѓутоа, дозолете ми да забележам, за да влеземе во Европа да почнеме и европски да размислуваме, а нашиот најголем успех ќе биде ако успееме токму тоа да го постигнеме. Ако успееме да создадеме клима која нема да овозможи радикалните и популистички барања да имаат одзив кај граѓаните. Кога нема да ни биде важно дали некој граѓанин припаѓа на оваа или онаа заедница.

Затоа, денес треба да тргнеме од позицијата дали измените што овде се предлагаат ја доближуваат Македонија кон европскиот образовен систем или не. Пратеничката група на СДСМ е убедена во потврдниот одговор на ова прашање и затоа ќе гласа за овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Лилјана Поповска не ја гледам во салата.

Со тоа листата на пријавени дискутанти е исцрпена.

Сега се пријави за збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, г.министре, колеги пратеници,

Дозволете и јас да земам учество во расправата по овој закон. Иако цел ден денес дебатираме, мислам дека овој закон заслужува посеопфатна дебата, заслужува некои работи да ги истакнеме и да ги разјасниме и доколку можеме да помогнеме, би било добро, доколку не, останува тоа што е веќе поднесено.

Уште на почетокот како пратеничка група од повеќето дискутанти што земаа збор јасно произлезе ставот дека овие измени на Законот за високото образование како пратеничка група нема да ги прифатиме, поточно нема да гласаме позитивно и од дискутантите што зборуваа беа изнесени причините зошто тоа се прави.

За нас е најспорен членот 95, односно членот 23 од измените на Законот, а кој се однесува на членот 95 од стариот закон. Член кој навистина предизвикува дилема и фактички не определи, што значи не сме во дилема, значи нема да гласаме “за” не

само заради тој член туку и заради некои други, меѓутоа, ова е основниот поради кој не можеме да дадеме позитивен сигнал.

Морам да констатирам и една и една друга работа. Високото образование на Република Македонија својот прв закон го дочека десет години по формирањето на независна Република Македонија. Еден долг период кога се чекаше и се подготвуваше и се успеа да се собере храброст, така што претходната влада и тогашното парламентарно мнозинство успеа да донесе, после толку години, еден закон и сега зачудува фактот, ако десет години се чекаше да се донесе еден закон, многу брзо се влезе во промени на тој закон. Покрај причините што ги наведе министерот како основна причина и главна причина сметам дека лежи токму во членот 95 или главната причина лежи во проблемот во таканаречениот тетовски универзитет, поточно да се најде формула како тој универзитет да стане легитимен. Токму заради тоа, нашите резерви ги искажавме. Тука многу од дискутантите не поврзуваа и нас дека и ние како партија сме потписници на Рамковниот договор, дека во Рамковниот договор има такви одредби за правото на упоребата на јазиците во високото образование на заедниците, оние кои се над 20% им го дава тоа право, така што не било сватливо и јасно зошто тоа го критикуваме.

Меѓутоа, мораме да расчистиме една работа. Во Рамковниот договор употребата на јазиците, а кога се зборува за финансирање, тоа се кажува во точката 6 став 2 од Рамковниот договор каде се вели дека таквото финансирање треба да се регулира со посебна спогодба или посебни спогодби. Ние сваќаме дека тоа посебна спогодба не е со закон, туку е некоја спогодба што може да ја направи Владата со Универзитетот или факултетите. Тоа така го сваќаме. Нормално, можеме да полемизираме, секој има право да мисли онака како што мисли. Инаку, сите други обврски кои ги кажува Рамковниот договор по овој основ, имплементирани и се со Амандманот ВИИИ од Уставот и мислам дека членот 83 ги опфаќа сите тие обврски.

Кога станува збор за членот 83, тоа е делот каде што се спомнува финансирасњето на високото образование и токму тој член разработува како и што се финансира. Меѓутоа, зачудува фактот, зборувам од правна терминологија, а тоа го зборував и на ЗПК, зошто сега кога во членот 95 исклучува станува збор за правото на употреба на јазиците на заедниците, мораше во ставот 2 на истиот член во последните пасуси да се додаде дека “финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование и на јазикот на кој зборуваат најмалку 20% од населението во Републоика Македонија”. Зошто мораше да се каже во овој член а не во членот 83, кога веќе има глава каде што се зборува што се финансира и како

се финансира. Тука на некој начин сметаме дека на мала врата се протнуваат одредени одредби за да се забошути работата. Она што во неколку изјави го слушавме и од вас како министер дека токму преку овој член Тетовскиот Универзитет конечно ќе биде легализиран. На мое директно прашање во ЗПК не добив таков одговор, ми кажавте дека тоа значи финансирање на јавни потреби и врз основа на нив ќе се види дали Тетовскиот универзитет ќе биде легализиран или не.

Меѓутоа, од дискусиите кои доаѓаат и од парламентарното мнозинство, особено од пратениците на заедниците јасно провеа ставот, дури одредени пратеници се чуствуваа многу горди, затоа што после една долга битка извојуваа победа и се чуствуваат горди, а гордоста е само заради тоа што Тетовскиот универзитет ќе се легализира. Така и тие се чуствуваат, значи не сме биле сами и аргументите или опасноста која ја гледавме на некој начин има основ. Што ќе стане доколку тоа влезе во практика и доколку се оствари, а сигурен сум дека ќе се оствари. Значи, ќе дојдеме до легализација на Тетовскиот универзитет. Што ќе се случи? Во истиот момент во Република Македонија, во подрачјето на Тетово или директно во самиот град Тетово веќе ќе имаме два универзитети. Едниот е таканареченот Штулов универзитет и другиот би бил Тетовскиот универзитет, а во цела Македонија во овој момент има два државни универзитети и тоа во Скопје и во Битола.

Од друга страна, ако го прочитаме ставот 6 и 7 на истиот член 95 или 23, каде се вели: “Кога наставата се изведува на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, согласно ставовите 2 и 3, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет и наставата се изведува на македонски јазик и најмалку на уште два наставни предмети..” Потоа во последниот став се вели: “На државние високообразовни установи универзитетите во рамките на утврдените конкурсни услови за запишување студенти во прва година на студиите обезбедуваат соодветен и правичен пристап на граѓаите кои припаѓаат на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија преку дополнителни квоти утврдени од Владата. Тоа е некоја одредба која и сега важеше. Практично, што значи тоа? При постоење на два универзитети во Тетово даваме квоти и во другите универзитети на останатите два универзитета. (уфрлување со зборовите “на заедниците”). Добро, за заедниците и зборувам, зедниците имаат право во Тетовскиот универзитет, не зборувам само за албанската, меѓутоа, албанската е доминантна и затоа повеќе ја апострофирам. Сега доаѓа до

тој проблем на нерамноправна застапеност. Значи, ако тоа била волјата, ако тоа бил договорот, немојте да го правдате со обврските од Рамковниот договор. Ние и како партија кажавме за тоа, а тука слушнавме од еден пратеник дека многу поодамна имало некаков политички договор меѓу тогашната владеачка но не доминантна партија, ПДПи СДСМ, значи овој проект требало да се реализира, што сега јасно укажува дека политичката волја и на оваа Влада со друга коалициона структура е исто така да се реализира овој проект и тука одговорноста треба да припадне на оние што се договорија така да направат. Значи немојте да се повикувате на Рамковниот договор и уставните амандмани, затоа што тоа не држи. Исклучиво држи вашата политичка волја и договорот кој што сте го изградиле. Заради тоа ние нема да учествуваме во онаа поддршка која некои од пратениците ја очекуваат.

Значи, суштината на овој закон е дека токму по изгласувањето една работа која што толку години провејуваше конечно ќе биде симната од дневен ред. Дали тоа ќе биде добро или лошо ќе покаже времето. Меѓутоа, ние сме уверени дека на овој начин, со оглед на тоа што списоците на желбите кога произлегуваат од барањето на заедниците немаат крај , постојано се јавува нешто ново и ново и обично е бесконечно и без крај, ова треба да биде некое крупно решение за да не убеди во некоја нова увертира, за потоа повторно да бараме некои договори, да се повикуваме на некои рамковни договори и тн.

На крајот, морам да се извнам на господинот министер. Еве, ја користам оваа прилика за тоа. Во една реплика кажав дека министерот бил од ПДП, јас се извинувам, значи не е точно, министерот е од ДУИ и го корегирам тој став, така што уште еднаш се извинувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон. Предожен е да оди во една фаза и неговата потреба од донесување се поткрепува со повеќе образложенија, меѓу кои е ефикасното финансирање на високообразовната дејност, поради тоа што тој сегмент не профункционира по стариот закон, понатаму со правниот вакум во уредувањето на начинот на признавање на високообразовните квалификации стекнати во странство, со надминувње на непрецизностите и

недореченостите во законот и со потребата за следење на европските процеси во образованието.

Сите овие образложенија ги прифаќам како потребни и добри образложенија, ја уважувам потребата за регулирање на овие прашања. Меѓутоа, ги слушав внимателно дискусиите и би можела да кажам дека не можам да прифатам дека сите овие прашања кои се наведени се регулираат во законот, кои законот навистина ги регулира, се материја што може да се подведе под закон што е мал по обем и несложен. Напротив, сметам дека се работи за извонредно значајни сегменти во високото образование кои директно ги определуваат нивото и критериумите во образованието, со директно влијание врз квалитетот на високото образование.

Инаку, слушајќи ги дискусиите, најмногу време се посвети на членот со кој се предвидува можноста за легализирање на таканаречениот до сега Тетовски универзитет и тука се слушнаа најмногу полемики околу оваа потреба или факт кој што некој се обиде да го оспорува. Јас лично не би навлегла во тие дискусии и одбивам да бидам сватена како човек кој се обидува да го политизира ова прашање. Јас сметам дека нашата Влада, уште со формирањето на оваа коалиција, влезе во градење на иднината на Република Македонија на еден поинаков начин, свртена кон иднината и донесувањето на ваква одредба во Законот за високо образование, со кој што би се регулирало и ова прашање, верувам дека е поттикнато од политичката волја да се инвестира во образованието на заедниците, особено во случајот се работи за образованието во албанската заедница, поради тоа што се смета дека тоа е инвестиција во мирот и просперитетот на оваа земја и инвестиција во изградба на поголема меѓуетничка доверба. Јас сметам дека добрата волја на Владата и добрата намера воопшто не треба да се спори и апсолутно верувам дека побудите се такви. Затоа, околу тој член воопшто не би спорела, околу таа потреба. Тоа е од политичка одлука, политичка волја и политичка проценка. Дали сме биле или не сме биле во право ќе може да се процени по одредено време, откако ќе се видат ефектите од ова што сега мислиме дека го правиме со добра намера.

Инаку, јас би сакала да го кажам мојот личен став за образованието и за образованите луѓе. Секогаш сум за повеќе образование. Дури, мислам дека би вредело да се размисли и за проширувње на можностите за примени студенти на поединечни факултети и универзитети, затоа што секогаш е подобро младите луѓе да се школуваат отколку да остануваат по улиците, со оглед на ситуацијаата со која сега се соочуваме или пак да одат на школување во некои други земји, каде што за жал се подложни на различни уцени од секаков вид. Лично сум убедена дека многу

полесно ќе се разбереме и ќе соработуваме со образовани луѓе отколку со неуки луѓе. Се разбира, нешто што мене секогаш ме плаши тоа се полу учени луѓе, или полу образовани луѓе или луѓе кои што сметаат  дека се образовани, или она што е можеби уште полошо луѓе што сметаат дека се образовани за се.Тука можеби би сакала малку самокритички и кон нас политичарите, или луѓе кои се занимаваме со политика, дека понекогаш, можеби е една специфика на политичарите да мислиме дека сме способни за се и знаеме се, па се откажуваме од мислење на стручни лица кои би можеле стручно да не подучат  да ни дадат совет, да ни помогнат да донесеме подобри закони кои во крајна линија пак ќе се однесуваат на сите нас. Токму овде е мојата главна забелешка за овој закон, имено за начинот како се носи и за неговото носење во една фаза. Навистина, ама навистина искрено не гледам ни една добра причина зошто овој закон треба да се донесе во една фаза набрзина, среде лето, кога целиот стручен кадар на кој е посветен овој закон, тоа е кремот на нашата интелектуална елита во државата, тоа се професорите, асистентите, студентите, се наоѓаат на одмори, или не се на своите работни места. Мислам дека е по малку некоректно кон сите тие луѓе, кон целната група за која е наменет овој закон, што го поминуваме и очигледно е дека така и ќе заврши, набрзина, во една фаза, без да си дозволиме задоволство да ги слушнеме нивните мислења, да вградиме одредени сугестии во законот и да го подобриме овој закон, затоа што мислам дека добро високо образование е добро за сите нас.

Дозволете ми да спомнам неколку забелешки кои ме ставаат во дилема, а се однесуваат на некои членови од законот.

Она што ја сможам да забележам како човек,не од Универзитетот, но како читач и толкувач на законот е дека на некој начин како да се намалуваат критериумите за основање на универзитет.

Во член 7 кој се однесвуа на поранешниот член 36 се симнува бројот на неопходни факултети за таа цел. Имено стои дека доволно е да има  5 акредитирани факултети и високи стручни школи од кои најмалку 3 факултети. Во старото решение односот бил 7 вкупно високо стручни школиод кои најмалку 5 факултети. Не гледам зошто ова се прави .

Второ, во членот 8 што се однесвуа на стариот член 46, се менува односот на неопходниот минимум на наставниците. Имено за прва и втора година се предвидува да има најмалку по 3 наставници во наставно-научните звања и по 3 соработници , одделно за секоја студиска програма. Порано имало 5 плус 5, со полно работно време. Ова посебно го нагласувам. Има одредена разлика , на едно

место се работи за студиска програма, на друго , на ниво на факултет. Меѓутоа, јасно е дека со овој нов закон се овозможува повеќе да иам професори кои ќе шетаат, условно кажано, од факултет на факултет и не сум многу убедена дека на тој начин ќе придонесеме за подобро образование. Значи моја генерална забелешка би била, имам впечаток дека со ваквите одредби ќе се намалат критериумите за оснвоање и за работа на универзитетите Следната моја забелешка е еден вид централизација на Универзитетот, на високото образование, што на некој начин сметам дека може да зафати во неговата автономија. Тоа го поткрепувам со членовите 11, 12 и 13, во кои Ректорот добива доста сила над Сенатот. Имено тој се издигнува над Сенатот, дури дотаму што има можност избраните декани да ги разреши од таа избрана позиција. Исто така се продолжува мандатот на ректорот со можност да биде двапати едноподруго избран, со што може да се случи да се дојде до една крутост на институцијата и повторно сето тоа да биде во прилог на поголема централизација на Универзитетот. Ние се наоѓаме во некој процес на децентрализација и мислам дека овие насоки не одат во тој дух.

Понатаму, забележувам дека има членови што мене лично не ми се сосема јасни прифатливи, а се однесуваат на нострификација на дипломите.

Нострификација на дипломи е многу важно прашање затоа што врз база на тие дипломи луѓето ќе се вработуваат, ќе заземаат одредени  работни места ќе работат во јавна администрација и на други места. Имено сите ние можеме да бидеме корисници на услугите кои ќе имаат квалитетни илине квалитетни , условно кажано, дипломи. Таа проблематика е регулирана во повеќе членови, во членот 34, 35 и 36 , со неколку потчленови.

Јас лично не  можам да разберам кој се може да признае дипломи и дали може да се случи, евентуално , некоја високо образовна институција која дополнително сега ќе се основа, дали може таа ретроградно да ги признае дипломите кои до тогаш системто не ги признавал и дипломите кои биле стекнати врз некоја неофицијална програма и непроверена неконтролирана од државата. Мислам дека тоа е многу  важно прашање и мене лично во овој закон не ми е тоа сосема јасно наведено.

И уште една четвртта забелешка. Имено забележав доста непрецизни формулации во повеќе членови. Тука имам забелешка на техничката страна на законот. Некои формулации се прилично нејасни, двозначни и даваат можност за различно толкување. Тоа не е добро затоа што после може да произведе забуни кои понатаму  можат да ескалираат. Тука пред се мислам на членот 36, што се однесвуа

на членот 168-а и членот 39 што се однесува на членот 180-а, каде што , практично, фалат зборчиња за да се добие мислата на речениците. Јас би молела овој закон, барем пред печатење да оди на некое лекторско пеглање затоа што веројатно тоа е некоај техничка грешка при подготовка на материјалот, меѓутоа не може да се добие мислата на тие членови.

Посебно не е сосема јасен членот 23 што се однесвуа на стариот член 95 каде што на крајот не е сосема јасно, таму каде што пишува за основање на високо образовни институции, што се ќе финансира државата.

Кажав на почетокот, можеби се работи за мое читање, и како таков го изнесувам. Затоа велам, ќе бев многу по задоволна и многу по спокојна, до колку овој закон поминеше широка јавна расправа и до колку од мнозинството лица на кој тоа им е наменето, слушнев дека се задоволни, или евентуално да се сменеа определени одредби.

Инаку она што можеме да го видиме сите, 46 члена се менуваат. Тој закон во никој случај не е мал , по обем, ниту пак не важен посодржина. Меѓутоа , ситуацијата е таква што тој , еве, е предложен во ваква форма. Мене не ми останува ништо друго освен да му се обратам на минситерот, до колку има шанса уште еднаш да се размисли и законот да се донесе во нормална процедура, за да може добрите идеи и желби да се претворат во еден , навистина добар закон од кој ќе бидеме сите задоволни.

И на крајот само би сакала да кажам бидејки во некои дискусии имаше формулации дека се оди на политички маркетинг од некого или на политизација. Јас би сакала да нагласам дека се оградувам од таква оценка затоа што јас не ги знам туѓите мотиви за дискусија, но ги знам своите лични и не е добро забелешките на законот и барањето да се подобри во некоја смисла, да се сваќаат на тој начин. Јас едноставно чувствувам обврска кон граѓаните , за да имам сериозен приод. Мислам дека тоа е наша заедничка желба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да ве информирам сите дека нема закон кој Собранието, пред објавување, не го лекторира, така што од тој агол да не создадеме погрешен впечаток. Сите закони пред објавување ги лекторираме.

Реплика на госпоѓа Поповска има господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас всушност користам можност за реплика, а да дадам еден коментар, посебно тоа што и пратеничката Поповска се залага овој закон да оди во две фази. Тоа заправо е и едно од главните барања и на опозицијата.

Искрено да ви кажам јас не познавам закон во оваа држава кој што најдолго, нај опсежно и нај темелно не се анализирал и не се подготвувал во рамките на законските регулативи. Законот за високо образование, како што сами утврдивме 13 години се анализира. Јас само, како професор на универзитет, сум прочитал две три верзии, а и во самото образлагање на министерот се вели дека се извршени одредени измени и дополнувања кои се покажаа како неефикасни и непродуктивни во Законот кој е донесен во 2000 година. Земете го само Фондот за високо образование. За Фондот за високо образование кој не успеа да заживее имаме две години расправии и дискусии. Ако гледаме формално точно е, овој закон се носи по скратена постапка. Но ако гледаме суштински, мислам дека овој закон , од сите аспекти, од сите повиканис труктури е анализиран и ова е резултатот. Јас не гледам дека има потреба од двостепена постапка за донесвуање на овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за госпоѓата Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислам дека сите разбираме што значи процедура за донесување на еден закон. Овој закон , токму оваа содржина се носи сега, има своја процедура и сосема е јасно дека ова е носење во една фаза, а не може да се смета, наназат гледано со години дека се дискутирало за одредена материја. Точно, се дискутирало , меѓутоа токму овие формулации во овој закон сега се предложени. Така што јасно е на што мислам.

Од друга страна јас лично воопшто не го сметав за грев во некој свој став да се согласам и со ставот на опозицијата. Впрочем сите ние сме граѓани на ова земја со различни гледања на многу прашања и не гледам ништо лошо во тоа , во некоја точка и да не се согласам сосема со моите колеги од коалицијата. Впрочем ние во ЛДП имаме право на свое сопствено мислење, на свои сопствен став. Се разбира со ова на никој начин не се нарушува , верувам, заедничката заложба за изградба на оние цели кои ги зацртавме како коалиција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејки никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесвување на закон за изменвување и дополнвување на Законот за високото образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 66 гласале за, 1 воздржан и 10 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Имате и допис од ВМРО-ДПМНЕ. Според Деловникот по тоа немаме расправа.

Процедурално за збор се јавува господинот Трајановски.

Господине Трајановски процедурално можевте да се јавите порано односно можевте во дискусијата да соопштите. Вака правиме преседан.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам на дадениот збор.

Претседателе, ние дадовме и допис, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ со што го замолуваме предлагачот на законот да го повлече од понатамошна процедура во овој закон. Тоа значи Предлогот на закон да не го гледаме сега, откако го изгласаме Предлгоот за донесување на закон, со оглед на тоа што станува збор за сложен и обемен закон, за системски закон, имајки ги предвид и дискусиите, би замолиле предлагачот да го повлече овој закон, значи да не се гледа сега Предлогот на закон, туку да се гледа во следна фаза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Инаку, тоа е писмено доставено. Ако предлагачот имаше намера можеше да го повлече. Всушност и за тоа се изјаснуваме во моментот.

Процедурално за збор се јавува господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Да ја искористам можноста да гокажам ставот на пратеничката група на ЛДП, што впрочем беше изнесено или од страна на дискутантите кои се обратија од името на пратеничката гхрупа.

Пратеничката група на ЛДП ќе гласа овој закон да оди во една фаза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со гласање.

Дали Собранието се согласува на оваа седница да го претресеме и Предлог законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 79 пратеници, 67 пратеници гласале за, 1 воздржан и 11 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлгото на законот.

Пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани поднесоа амандмани на член 2 за внесување нов став 1 пред ставот 1 и за менување на воведната реченица во постојниот став 1, на член 4 за внесување нов став 1 пред ставот 1 и за менвуање воведната реченица во постојниот став 1, на член 8 став 1 и член 19 став 2, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандмани на член 1 став 2 и на член 35 кој се однесвуа на новиот член 168 став 7, со кој сесогласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот  на Предлогот на законот.

Пратенциите Марија Којзаклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Аднан Јашари, Коце Трајановски и Сашо Кедев поднесоа амандман за бришење на член 23 по кој Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менвуање на член 1, за менвуање на член 2, за менување на член 4 и член 19  и за менување на член 31.

Во меѓувреме Владата го повлече амандманот за менување на член 1 и истовремено поднесе нов текст на амандман за менување на член 1. Сите овие амандмани се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Значи, амандманот е поднесен од Марија Којзаклиска, Ѓорѓи Оровчанец,  Коце Трајановски , Сашко Кедев и Аднан Ќахил.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 1, на член 5, за менување на насловот на новиот член 30-а и на новиот член 30-а, член 8 став 2, на член 9, за менување на став 2 на член 10, член 15, член 18 кој се однесува на

членот 83 став 3, членот 19 кој се однесува на членот 84 став 2, на членот 22 за менување на став 2, за менвуање на членот 28, на член 31 за додавање нов став 2 по ставот 1, на член 34 во воведната реченица пред новиот член 165, на членот 37 кој се однесува на членот 178, на членот 38 став 2, на член 39 во новиот член 180-а став 3, на член 42 став 1 и 3 и на член 44 во новиот член 191-а со кој се согласил претставникот на Владата.

Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Минуваме на гласање по амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за внесување нов став 1 пред ставот 1 и за менување на воведната реченица во постојниот став 1, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас мислам амандманот кој што е предложен од наша страна, нема врска со ништо друго, освен со хармонизирање и усогласување на овие предодредби од законот со амандманот 6 од Уставот на Република Македонија. И заради запознавање на пратениците за тоа за што се работи во овој амандман, има врска со членовите на Советот на акредитирање, каде за членови на Советот за акредитација се состои од 15 членови, од кои девет доаѓаат од редовите на професорите, кои произлегуваат од интеруниверзитетската конференција и со пропорционалноста на бројот на факултети, високите училишта кои постојат во Република Македонија. Овде не бараме ништо друго, освен хармонизирање, усогласување со амандманот 6 од членот на Уставот, каде пред се, ќе треба да се има предвид принципот на правично и соодветно застапување на сите заедници кои живеат во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бара збор министерот за образование.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Мислам дека има врска со првиот амандман вториот четвртиот што е предложен од пратеничката група на ПДП од двајцата пратеници и им должам објаснување. Имено, тие предлагаат со сите овие амандмани, освен со едниот, значи со четвртиот, во склоп на стручните и високограѓанските структури на високообразовни институции во Одборот за акредитација, со другиот амандман во Агенцијата за евоулација и со третиот во Советот за финансирање и развој на високообразовната дејност, да се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните на сите заедници. Ние со амандмани од Владата, исто така, цениме дека е потребно во некоја смисла да се преслика таа потреба, бидејќи се работи за високостручни тела и академски структури, каде што универзитетите со своите членови придонесуваат кон нивниот состав и сме предложиле амандмани, значи, да го чуваме ова ниво на стручност, компетентност и на академичност на овие структури, предлагаме амандмани каде што сигурно во сите овие институции ќе бидат застапени сите универзитети, и во едната и во другата и во третата. Со тоа мислам дека се задоволува тоа што е идејата и на самите предлагачи и мислам дека се постигнува и едното и се одржува критериумот, кој е карактеристичен за овие тела. Затоа, мислам дека идејата од пратениците е содржана во владините амандмани и мислам дека со таквиот начин ние можеме подобро да придонесуваме и кон застапеноста на високообразовните институции, а во исто време да ги одржуваме нормите и стандардите кои што се соодветни за една таква дејност. Благодарам

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Абдулади.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Сигурно дека неможам да се согласам со ова образложение на министерот за образование, затоа што ние амандманите ги поднесовме дури од 9 јули 2003 година и на 15 јули 2003 година, Владата се обиде да го омекне ставот или да се најде некој излез да не го спомне правичното застапување на населението. Ние со ова се соочивме во Министерството за култура, каде министерот исто така со еден амандман кој се однесуваше на телата кои ги формира министерот за прашања од

потреба на министерот за култура, тој го прифати нашиот амандман да се има предвид начелото за правична и адекватна застапеност на заедниците во овие тела кои ги формира. Во тоа јас не гледам ништо лочо, доколку ова биде прифатено и од министерот за образование, затоа што утре, на пример, не знаеме колку универзитети ќе има во Македонија, но дали ќе има повеќе макдонски или албански, исто така не знаеме. Нашата цел е дека Одборот за акредитација, во него, треба да се изрази структурата на населението кое живее во Република Македонија. Доколку одиме со образкложение дека во овие високоакадемски тела не може да се повикуваме во име на заедниците, што е погрешно, затоа што ние се ангажираме и во МАНУ, а да влезат што повеќе албанци, со цел да се постигне таа национална и граѓанска еднаквост. Јас никогаш нема да се чувствувам еднаков, доколку ова не се определи со закон и да се остави само на политичката волоја. Знам дека сега можам да добијам одговор дека еве во Владата има и политички албански партии и дека Владата ги одредува овие членови и дека од таму ќе произлезат предлози за албански членови, меѓутоа, мислам дека се ќе биде појасно, доколку сето ова се определи со закон, а ние многу закони, кои поминале во овој Парламент, секогаш сме го поставувале ова начело на правична застапеност на албанците во институциите на системот. Затоа,, јас мислам дека нема ништо лошо во тоа со оглед на фактот дека министерот за култура прифати еден таков амандман. Нема ништо лошо и министерот за образование да прифати еден таков амандман, затоа што со тоа не се нарушува суштината на соодветниот член, туку само се додава на тоа дека ќе постои тоа начело, ќе следи тоа начело и ќе претставува обврска во Одборот за акредитација, но и во другите тела, како што е Агенцијата за евоулација, да може да биде претставена структурата на населението. Фактички, ова е суштината на Рамковниот договор во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 66 пратеници, за гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за внесување на нов став 1 пред ставот 1 и за менување на воведната реченица во постојниот став 1, поднесен од пратениците Вејсели и Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Господин Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Поради истата причина, амандманот не се прифаќа затоа што е уредено со амандман на Влада на соодветен и на правичен начин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас ќе се повторам, затоа што се зборува за истото прашање. Затоа, мислам дека образложението што го дадов за првиот амандман, вреди и за вториот амандман, бидејќи и овој е за соодветна и правична застапеност на заедниците кои живеат во Република Македонија. Меѓутоа, се зборува за Агенцијата за еваулација. Значи, таму е Одборот за акредитација, овде е за еваулација. Ова се моите образложенија и за овој амандман се истите како и во претходниот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1, поднесен од пратениците Вејсели и Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор господинот Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа. Имено, ако треба образложение и во врска со тоа што кажа госпоѓа Поповска дека е врзано за тој член, не е намерата преку намалување на редовно вработени професори за снижување на стандардот, туку

напротив мислам дека со оставање простор за поквалитетни кадри можат да бидат во разни високи институции образовни, ќе се создаде можност и на размена на искуства, а не по секоја цена да се има пет доктори на науки, без разлика на нивниот квалитет. Тоа е едно. Во тој склоп, затоа, не доаѓа предвид сега и тоа да се намали да велиме не вработени, туку ангажирани. Мислам дека тоа е веќе сосема неприфатливо.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Со овој амандман, со кој интервенираме во членот 8, алинеја 1, не ја исклучуваме можноста, значи првата можност дека ема да има вработени квалитетни професори, туку на одреден начин бараме да се продолжи и да се каже и ангажирани. Да се каже или ангажирани, освен оние кои се во работен однос, затоа што треба да прифатиме една работа дека денес од цивилизираниот свет повеќе од прифатливо е да се ангажираат и професори, кои на одреден начин имаат и авторитет, но се познати, така што многу модерни универзитети ова го практикуваат многу често. Затоа и наша цел е на одреден начин да се даде можност во универзитетите тука, ова се однесува на сите универзитети да се даде оваа можност да се ангажираат и професори кои заслужуваат и би било полезно да одржуваат предавања во тие универзитети. Мислам дека тука не би требало да има никаков проблем, затоа што ние тука не го нарушуваме правото на оние кои се вработени или пак не ги контестираме нивните квалитети, туку треба да прифатиме дека секогаш има професори и академици, кои би биле добредојдени и да бидат ангажирани во универзитетите. Тоа и беше нашата цел за што сакавме да се прифати овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Положани бара збор.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Во тој случај можеби има и простор да се повлече амандманот од господата, затоа што веројатно во прашање е недоразбирање. Имено, со законот е предвидено тројца редовно вработени доктори на науки, што не значи дека само тие тројца тука

ќе работат во однос и на тоа што порано тука биле пет, а и во однос на другите што можат да се ангажираат, кои мора да бидат пак доктори на науки и можат да бидат ангажирани дополнително и како визитинг професори, како што и рече господинот Исмет Рамадани. Значи, се работи за основање , мора да има тројца, за да не ни се случи да имаме факултет со ниеден професор вработен. Мислам дека тоа е основата, а тоа не ја исклучува можноста за над тие три, да се ангажираат и други лица кои што со основниот закон веќе се и предвидени.Ако добро разбрав, има основа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Или да ни се случи обратното, на три универзитети истите професори да се. На еден вработени, а на други ангажирани, тоа е опасноста од овој амандман..

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Со моето образложение ќе се обидам да го поддржам господинот Рамадани во правото што го има со овој амандман.

Видете, овде не се зборува, земајќи ги предвид универзитетите во Скопје и Битола кои постојат 50 години, зборуваме за конкретно прашање и треба да сме отворени. Зборуваме за тоа дека утре ќе се донесе законот за основање на тетовскиот универзитет што е неопходност, потреба за високо образование. Сега, ако се основаат факултетите, а има потреба од тоа, не велиме да се отстрани зборот “вработени”, туку да се додаде “или ангажирани”, затоа што може да се случи, бидејќи немаме универзитетско искуство од 50 години, вие знаете дека кадри со звање меѓу албанците можеле да студираат во други центри во бивша Југославија и по независноста имаме многу малку кадри поради отпорот на постоечките универзитети во поранешна Југославија. Има лошо во тоа, доколку се остави можност или простор да се ангажираат и да имаат приоритет вработените, меѓутоа, доколку на некој факултет има двајца, нема трет, тогаш што ќе правиме, ќе позајмуваме кадри?

Веќе 13 години водиме политичка битка за создавање на универзитет на албански јазик, сега треба да дозволиме на универзитетите да предаваат професори со друг јазик, македонски и др. Со ова не се нарушува концептот на членот 4, туку само дава можност доколку не можат да се најдат вработени, да има можност да се

ангажираат на одредено време професори кои нема да бидат вработени во соодветните институции за кои зборуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема повеќе пријавени.

На моите колеги од ПДП би им советувал да  не истакнуваат премногу важни забелешки зашто Парламентот ги одбива, ќе бидете во ситуација да не можете да го гласате законот зо толку важни забелешки кои не ви се прифатени.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 4 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2, поднесен од пратениците Вејсели и Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПВОСКИ:

Кој друг бара збор?

Има збор господинот Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Ние имавме оправдание зошто инсистираме за правична и соодветна застапеност на националните заедници. Нема што да додадам освен тоа што намерата беше добра затоа што на некој начин со органите на универзитетите кои одлучуваат сакавме на некој начин да ја направиме таа врска која е потребна со правична и соодветна застапеност само заради тоа да се создаде што покохезивно тело за прашањата кои се во врска со универзитетите или со високото образование, затоа што самиот совет се формира и се предлага од Владата, во овој случај 1+6, претседател и 6 члена и 8 члена од редовите на професорите од универзитетската конференција. Гласањето во интеруниверзитетската конференција е со тајно гласање. Можеби не треба да сме скептични до крај ако се создаде добро распложение, но еве луѓе сме и понекогаш убедувањата од наука преминуваат во

политика, па може да се случи одлуките кои ќе се донесат на тој совет дури и изборот со тајно гласање на овие осум други професори од редовите на универзитетите или од редовите на интеруниверзитетската конференција да не доведат во позиција како што често пати се случува само затоа што немало одредба за почитување на соодветна и правична застапеност.

Јас мислам дека е потребно овде да се размисли повеќе и како министер и како Влада бидејќи ова не се барања кои го расипуваат редот, структурата, содржината на крај на законот. Тоа што е наше мислење нека остане мислење и предлог и нека одлучи Парламентот односно колегите за епилогот и гласањето на овој амандман.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Сигурно има потреба за објаснување. Имено, поради фактот што и господинот Рамадани спомна дека професорите што ги предлага интеруниверзитетската конференција се избираат со тајно гласање каде што има можнст за надгласување. Инаку во практиката и сега се претставуваат сите универзитети на таа институција, но за да тоа во принцип биде следено ние дадовме амандман каде што ќе мора да се претставуваат сите универзитети. Така што идеата на пратениците е содржана, а застапеноста сигурно преку друг механизам за делот што го претставува Владата, или што ги предлага Владата сигурно преку друг механизам ќе се реализира. Така што постигната е таа цел и потреба за објаснување што двајцата пратеници ги предлагаат и има инструмент за таа работа. Затоа амандманот не се прифаќа, а се уредува преку амандман кој што е предложен од Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 3 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 23 поднесен од пратениците Марија Којзаклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Аднан Ќахил, Коце Трајановски, Сашко Кедев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 2 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Дали некој бара збор по текстот на законот. (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија законот се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Господинот Исмет Рамадани бара процедурално.

Поништете го гласањето.

Господине Рамадани повелете, само сакам да ве предупредам сите дека тоа е правило кое важеше во претходниот Деловник. Во овој Деловник не постои. Го применуваме по инерција.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас сакав на одреден начин да Ви одговорам бидејќи пред малку при презентирањето на нашите амандмани како да сакавте да создадете ситуација дека поради доставувањето на нашите амандмани може да создадеме чувство дека можеме, или не можеме да гласаме за овој закон. Ние го направивме тоа што го направивме и при сите наши образложенија се убедивме колку што можевме меѓусебно. Меѓутоа, едно е вистина дека и во текот на дискусијата и во текот на

нашата работа ние мораме јасно да кажеме јавно независно дека нашите амандмани не беа прифатени дека сме за овој закон и дека ќе гласаме за законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го повторуваме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници. За гласале 68 пратеници и 2 пратеника гласале против.

Ве молам да извршиме гласање на припадниците на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

Се гласа со кревање на рака.

Кој е за молам да крене рака. (22 пратеници креваат рака).

Дали има некој против. (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој).

Гласале 22 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за високо образование, со Предлог на закон, поднесен од Јани Макрадули и Славица Грковска.**

Господинот Јани Макрадули бара збор процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе почитувани колешки и колеги пратеници, претставници од Владата, почитувани министри, денеска слушнавме доста дискусии поврзани со предложените и сега усвоени измени во Законот за високо образование, но некако најмалку внимание им се посвети на измените во законот кои нудат нови перспективи и шанси за задржување на младите и стручни кадри. Затоа што како што рече господинот Шакири, овие измени нудат и стабилност и развој. Јас сум убеден дека образованието е најголем двигател на развојот на една земја. Денеска ситуацијата и факт е дека Европа се стреми кон општества базирани на знаење. Во досегашниот закон, односно после измените во 2000 година се изолира една мала група на стручен кадар, помлади асистенти и помлади лектори кои немаа право да засноваат работен однос и на тој начин се создаде една вештачка барикада за

најквалитетните студенти, практично терајќи ги нив да се качат во возот наречен “желба” кој води кон европските и светските универзитети и компании.

Една од заложбите на нашата партија е зачувување на стручните и млади луѓе во нашата земја и во тој дух беа и предложените измени од пратеничката Славица Грковска и јас. За тоа сум благодарен на Владата и пред сé на министерот кој најде разбирање за овој проблем и понуди решение со кое ќе се регулира статусот на стотина млади и стручни кадри, се даде еден “покомотен” период во кој младите кадри ќе можат да се посветат на наставниот процес и ќе можат да се посветат на научната работа. Од тие причини уште еднаш заблагодарувајќи се на Владата и пред се на министерот, во име на предлагачите го повлекувам предлогот за донесување и дополнување на Законот за високо образование.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Законот е повлечен од предлагачот.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за воената академија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот Џ на Уставот на Република Македонија овој закон исто така се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор. (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за воена академија.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Амандмани нема поднесено.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на Република Македонија законот се  донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници. Сите гласале за.

Ги молам припадниците на заедниците да гласаат со кревање на рака.

Кој е за законот, ве молам да крене рака. (18 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

На седницата присуствуваат 18 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

За предлогот гласаа сите 18 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за воена академија.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за амнестија, со Предлог на закон.**

Господинот Бучковски е претставник на Владата по тој закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор г. Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитуван господин министер, дами и господа пратеници,

Мислам дека ова спаѓа во доменот на законите кој е навистина квалитетен, а ова го кажувам од практични, но и од морални причини. За разлика од други институции кои носат акти на помилување, или на амнестии без да консултираат да кажеме и поширока група на пратеници и поширока група на избирачи. Овој предлог на закон за амнестија содржи една практична компонента, а тоа е дека се однесува на 2 члена од Кривичниот законик, членот 214 и членот 217. Едниот е за неодзивање на позив и одбегнување на воена служба. И вториот е самоволно оддалечување и бегство од вооружените сили. Зошто ја гледам практичноста за примена на овој закон? Од две причини. Прво, што лично сметам дека од 1992 година па до денеска навистина се сторени, мислам дека и министерот тука ги кажа, колку, во кој изминат период дури и по етничка припадност одбегнување на отслужување на воениот рок, или самоволно одалечување и бегство од вооружените сили. Со овој акт на хуманост пред се, но и акт на милост се покажува една голема солидарност, меѓутоа и една поголема обврска во понатамошното служење на воениот рок. И во таа смисла одредбите, законот е краток, јасен, содржаен, мислиме дека правиме една голема праведност спрема сите граѓани на Република Македонија, посебно што во членот 2 ја регулира неможноста лицата помеѓу 27 и 30 години доколку сакаат можат да го остварат таквото право со служење во воениот рок.

И она што посебно сакам да го потенцирам, му благодарам на министерот за правда што на Законодавно-правната комисија го прифати мојот амандман и тој е составен дел на Предлог на законот, дека упатството за спроведување на ваквиот закон нема да биде веднаш, туку во рок од 3 дена. Тоа е од практични причини, бидејќи истото упатство поради службените потреби пред се на јавниот обвинител, меѓутоа и на лицата одговорни во казнено-поправните установи треба навистина да се изработи квалитетно, стручно и со образложение истото веднаш да почне да се применува. Од тие причини можам да искажам навистина задоволство и во целост го поддржувам Предлогот на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Господине претседателе, господа министри, колеги пратеници,

Секој закон за амнестија по било која основа е контрадикторен, бидејќи секогаш постои привилегирана страна. Во конкретниот случај привилегирани се граѓаните кои не го отслужиле воениот рок по било кој основ по кој сториле кривично дело и тоа по два основа. Прво, неодзивање на позив и одбегнување на воена служба. Второ, самоволно одалечување и бегство од вооружените сили. Со амнестијата значи се запираат кривичните постапки по горе споменатите основи, а во исто време се ослободуваат од гонење и потполно се ослободуваат од извршување на казна затвор граѓаните на Република Македонија со навршени 30 години старост и тоа во период од 1992 година до денот на влегување во сила на овој закон. Исто така, и против лицата помеѓу 27 и 30 години нема да се поведе кривична постапка по горе споменатите основи.

Со оваа амнестија всушност овие граѓани се ослободуваат од кривична одговорност, а некои и од трајно извршување на воената обврска која се состои од регрутна обврска, обврска за служење на воен рок и обврска на служење во резервен состав. Со овој закон за амнестија воените обврзници кои се опфатени со законот не ги исполнуваа основните права и должности на граѓаните во одбраната на Републиката, а тоа е како што напомнав пред малку, правото на извршување на воената обврска. Сметам дека од другите права и должности во одбраната како што се да учествуваат во цивилната заштита, да извршуваат работни обврски и да извршуваат материјални обврски, не се и не смеат да бидат ослободени. Ова го потенцирам, за да не се свати ослободувањето од една обврска да значи и ослободување од другите обврски. Исто така, лебди и прашањето, дали со Законот за амнестија на амнестираните им се ре гулира обврската за служење на воен рок во смисла на Законот за одбрана и дали истите по автоматизам ќе бидат преведени во резервниот состав со статус резервен воен обврзник со сите права и должности.

Колеги пратеници, сега би се задржал на статистичките податоци за воените обврзници кои се опфатени со амнестијата, но не изразени во бројки, туку во проценти. Според податоците добиени од Министерството за одбрана во период од 1992 година заклучно со почетокот на 2003 година вкупно се процесуирани 2773 кривични пријави на лица со навршени 30 години старост. Според националната припадност 55,3% се албанци, 28,7% се македонци, 7,7% се роми, 4,3% се турци, 1,2% се срби и 2,2% се други лица. Во однос на лицата на возраст помеѓу 27 и 30

години за кои сеуште не се процесуирани кривичните пријави, нивниот број изнесува 12359 и истите досега ја одбегнувале воената обврска и службата во Армија на Република Македонија.

По национална структура состојбата е следната: албанци 62,5%, македонци 26,3%, роми 3,9%, турци 3,5%, срби 0,8%, бошњаци 0,4%, власи 0,07% и останати 2,1%.

Гледајќи го процентот на застапеност по национална структура не можам, а да не дадам свој коментар кој ќе дојде уште повеќе до израз ако во процентите се земат и параметрите во смисла по број на жители во Република Македонија и тоа по заедници.

Многу често од говорницата бараме одредени права, пред се мислам од Охридскиот договор, неговата имплементација дури понекогаш го злоупотребуваме и ја злоупотребуваме говорницата. Јас лично го почитувам она што е потпишано, без разлика дали се согласувам со се, но Охридскиот договор го сваќам како права и обврски, а не само потенцирање и барање на правата без да се потенцираат и обврските. Тоа се однесува на сите обврски, а да не заборавиме дека една од основните права и должности на граѓаните, без разлика на која заедница припаѓаат, е одбраната на Републиката.

Затоа, сите оние што ќе бидат амнестирани да не се однесуваат еуфорично, туку напротив да ја поднаведнат главата и да размислат со сета сериозност што државата прави за нив, а оние кои чесно си го отслужиле, го служат или ќе го служат воениот рок да одат со кренати глави, бидејќи еден дел од обврските за одбраната на Републиката ја исполниле или ќе ја исполнат.

Пратениците од ЛДП донесувањето на законот за амнестија како израз на добра волја во функција на почитување на цивилизациските и хуманите аспекти на современото демократско општество го поддржува со што се отвора предуслов за промени на односот на граѓаните кон општеството. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Апостолов.

Има збор господинот Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Денес, покрај другите законски проекти пред пратениците на Собранието на Република Македонија на дневен ред е поставен и Предлогот за донесување на законот за амнестија, со Предлог-закон, закон кој според својата природа и карактер претставува особен изераз на добра волја и длабок хуман гест на државата со што државата практично покажа дека ќе превземе чекори за покажување на милост кон определена категорија на граѓани т.е. државјани на Република Македонија, а кои се огрешиле кон позитивните законски прописи од областа на одбраната на Република Македонија, а истовремено отфрлајќи од себе огромен терен кој го носи од времето на осамостојувањето, па до денес, товар кој е врзан за определена категорија граѓани кои од различни причини одбиле да исполнат определени обврски спрема државата, а нивното однесување претставува извршување на определени кривични дела, што се определени со Кривичниот закон на Република Македонија.

За што всушност се работи и во што се состои суштината на овој закон односно кои се причините за неговото донесување.

Основната цел и задача со донесувањето на овој закон е да се обезбеди правен основ, правна рамка за разрешување на прашањето т.е. проблемот на регрутите кои се државјани на Република Македонија, а кои од различни причини не служеле воен рок во Армијата на Република Македонија или не се јавиле на поканата за воена вежба или самоволно се оддалечиле од единиците на Армијата на Република Македонија иако имале обврска за тоа, така што надлежните државни органи имаат поведено кривична постапка против овие лица за сторени кривични дела поврзани со нивните обврски од областа на одбраната.

Во овој момент би сакал да потенцирам дека во Република Македонија постои категорија на граѓани - воени обврзници кои од различни причини од разчлични мотиви во периодот од 1992 година или поточно од осамостојувањето на Република Македонија, па до денес, ги немаат исполнето со закон утврдените обврски од областа на одбраната. Тоа особено беше присутно и карактеристично во периодот на раздружувањето на бившата СФРЈ, а кое беше проследено со крвавите војни во Словенија, Хрватска, особено во Босна и Херцеговина каде последиците од тоа раздружување беа најекстремно и најжестоко манифестирани.

Таквата состојба на бившите простори на СФРЈ едноставно создадоа амбиент на отпор спрема војната, апатија кон се она што значи војска и милитаризација, а со тоа се создадоа претпоставки во Република Македонија за одбивање, отпор кај дел од воени обврзници за исполнување на нивната обврска согласно Законот за народна одбрана. Но, мораме да кажеме дека покрај овие причини предизвикани од

психозите на војната, која ја образложив, има и таква категорија на воени обврзници кои својата обврска кон Република Македонија ја немаат исполнето од други мотиви пред се објективни т.е. се работи за граѓани на Република Македонија воени обврзници кои во потрага по работа или подобри услови за живот имаат отидено во странство т.е. се надвор од територијата на Република Македонија или едноставно кажано се работи за таканаречени економски емигранти.

Значи, тука мотив за одбивање или за нејавување за регулирање на воените обврски нема или ако го има тој мотив тој е од економска природа или од фактичката неможност да дојде во Република Македонија заради регулирање на долгот кон татковината.

Ова се, ако можеме така да ги наречеме, објективни моменти за неисполнување на обврските утврдени со Законот за одбрана што не значи дека нема и други мотиви кои се мотивирани од политички причини и доколку добро се изанализираат ќе се постави прашањето и за лојалноста на определена категорија на воени обврзници чија основна цел и мотив е разбивањето или намалувањето на одбранбениот систем и одбранбената моќ на Република Македонија.

Имено, според податоците добиени од Министерството за одбрана, а кои се изнесени во образложението во овој предлог-закон, со нивна внимателна анализа се добива јасна слика за сторителите на кривични дела од областа на одбраната и тоа како по возраст така и по национална структура.

Од презентираните податоци се гледа дека надлежните органи имаат поднесено вкупно 2.773 кривични пријави против лица кои не го отслужиле воениот рок, лица кои ги одбегнале воените вежби и кои самостојно се оддалечиле од вооружените сили на Армијата на Република Македонија.

Овие кривични приави се поднесуваат на лица кои навршиле 30 годишна старост, а кои согласно позитивните законски прописи од областа на одбраната сносат кривична одговорност за овие кривични дела.

Што се однесува до воените обврзници од 27 до 30 години има поднесено 12.359 кривични пријави кои  сеуште не се процесуирани кои исто така ја одбегнале воената обврска и служењето во Армијата на Република Македонија. Притоа, според изнесените податоци, од поднесените и процесуирани 2.773 кривични пријави некои се веќе завршени, некои се во тек кои допрва, согласно Предлог-законот треба да добиат своја разрешница.

Гледано од аспект на националната припадност на сторителите на кривично дело по член 214, 217, 341 и 344 од  Законот се гледа дека 798 се македонци, 1.543

албанци, срби 34, турци 214, роми 63 и тн. За сите овие граѓани на Република Макеоднија т.е. воени обврзници има поднесено кривични пријави додека во однос на оние сторители на наведените кривични дела, а за кои нема поднесено кривични пријави, според статистичките податоци за национална структура е следната. Македонци 3.260, албанци 7.730, значи двојно повеќе од македонците, турци 438, роми 486 и тн., што значи повторно доминантни во неисполнувањето на обврските за служење во Армијата на Република Македонија се албанците.

Се поставува прашањето зошто вака голема апстиненција е присутна токму кај воените обврзници од албанска националност, кои се причините за тоа и дали ако се има во предвид континуираното избегнување за служење во АРМ од 1992 година до денес можеме да ја доведеме во прашање и лојалноста на албанците кон Република Македонија.

Лично сметам дека мотивите се различни, но сепак на вистината треба да и се погледа во очи затоа што голем број од воените обврзници албанци се нелојални и се против демократска, просперитетна, економски развиена и територијално целовита Македонија, а доказ за тоа се и голем број на млади албанци кои зедоа учество на страната на агресорите и терористите кои изврија класичен воен напад врз Македонија од протекторатот Косово.

Но, сепак за да добиеме поцелосна слика за сите овие дилеми сметам дека Министерството за одбрана требаше да даде поцелосни податоци како што се:

Прво, колку апстиненти има по години т.е. колку апстинирале во 1992 година, колку во 1993, 1994 и тн., а колку апстинирале во времето на воените дејствија од 2001 година и каква е апстиненцијата по нациоална структура. Сметам, доколку ги имавме овие податоци ќе имавме точна претстава за тоа зошто и од кои причини определени воени оврзници апстинирале без притоа да имаме дилеми дали некој навистина не можел да ја исполни обврската спрема татковината или не сакал од други причини или мотиви. Битно е да се има податоци за тоа дали воените обврзници во времето на повикот биле во земјата или биле во странство.

Значи, доколку ресорното министерство ги презентираше овие податоци ќе имавме јасна претстава за целокупната ситуација за и околу дилемата за лојалноста односно нелојалноста на воените обврзници од определена национална припадност.

Но, ненавлегувајќи подлабоко во мотивите и независно од причините поради кои голем број на граѓани на Република Македонија - воени обврзници ја немаат регулирано воената обврска поради што се најдоа на удар на одредбите од Кривичниот закон на Република Македонија, државата сепак реши да направи голем

исчекор и хуман гест поради што се одлучи да предложи закон со кој сите наши граѓани кои се опфатени со овој закон едноставно да ги амнестира, т.е. да бидат ослободени од кривично гонење и евентуално казнување. Фактички, со овој закон се ослободуваат од гонење, се запираат кривичните постапки и потполно се ослободуваат од извршување казна затвор граѓани на Република Македонија со навршени 30 години старост, а за кои постои основано сомневање дека во периодот од 1992 година па до влегувањето во сила на овој закон сториле кривични дела според член 214, 217, 341 и 344 од Кривичниот закон на Република Македонија.

Исто така против лицата на возраст од 27 до 30 години, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не се јавиле на поканата или избегнале воени вежби или се оддалечиле од вооружените сили против нив нема да се поведува кривична постапка. Притоа, со овој закон се определуваат и органите кои ќе ја спроведуваат постигнатата постапка согласно овој закон.

Основно прашање, т.е. основна дилема која се поставува со донесувањето на овој закон е прашањето за целисходноста од донесувањето на овој закон,т.е. дали донесувањето на законот и неговата стриктна примена нема да значат стимулирање на избегнување за исполнување на воената обврска и дали тоа нема во иднина да стане пракса.

Со оглед на тоа дека овој предлог-закон е лимитиран со точно опредлен рок на делување и се однесува на точно определени субјекти, се надевам дека сепак тој ќе има позитивно влијание и одек меѓу идните регрути и ќе значи хармонизација на меѓуетничките односи затоа што претпоставка е дека сите недоразбирања се разрешени со Рамковниот договор кој е инкорпориран во Уставот на Република Македонија во форма на амандмани така што лојалноста кон Република Македонија нема да биде доведена од ниту еден воен обврзник независно од неговата национална припадност, во прашање.

Исто така се надевам дека во иднина нема да има потреба од нов закон за амнестија, а сето тоа заради правната држава и правната сигурност. Значи, во иднина казнена политика мора да има, обврските спрема државата во делот на одбраната треба да се исполнуваат односно извршуваат без исклучок независно и на околностите и на националната припадност на воените обврзници доколку сакаме Македонија да ја видиме како правна држава, демократска, економски просперитетна и што е најважно војнички способна за одбрана на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет.

Сосема на крај сакам да споменам дека нема понудено решение за воените обврзници кои во овој момент се на возраст од 27 до 30 години т.е. дали тие ќе се упатуваат во Армијата на Република Македонија или не, па од сите овие причини и дилеми ќе гласам воздржано за донесувањето на овој закон за амнестија. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа беше последната дискусија за денес.

Господинот Томиќ бара реплика и со репликата ќе завршиме.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Само накратко појаснување, убаво е што овие двајца дискутанти од ЛДП и ВМРО прочитаа некои показатели, меѓутоа, добро е правилно да ги прочитаат.

Како прво ако станува збор, беше спомната бројка од 12.359 станува збор за лица за кои постапката не е процесуирана, што значи дека тоа не значи доколку не се донесе ваков закон нема да се поведе одреден обвинителен акт или предлог. Тоа е една ситуација.

Втора ситуација, бидејќи беа спомнати бројки и букви јас ќе кажам нешто многу практично од онаа дејност што ја обавував пред да бидам пратеник дека постои огромен број на лица кои се спомнати во овие бројки, а кои воопшто не добиле покана за служење на воениот рок, а против истите не само што се има поведено постапка, туку имаат и правосилни пресуди, а лицата не ни знаат. Тоа е практичниот дел на законот.

Трета работа, за оние лица од 27 до 30 години погледајте го членот 2 од Предлог-законот каде им се дава можност доколку сакаат да го служат воениот рок за оние лица господине Тасев немојте да се секирате, кои не го отслужиле воениот рок на 30 години, покрај правото да ја бранат земјата, сносат и соодветни последици. Имено, постојат дејности односно професии кои кажуваат дека доколку лицето нема служено воен рок не може да се бави со некоја дејност, а вие знаете за што зборувам.

Од тие причини предлагам навистина сите заедно законот да го изгласаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Томиќ само да ви кажам дека сум предупреден од координаторот на ВМРО-ДПМНЕ кога ќе ја изговорите партијата погрешно од нивната регистрација да ве предупредам на тоа. Значи, тие не се ВМРО, туку ВМРО-ДПМНЕ.

Сега тие не реагираа, но јас ќе реагирам.

Господинот Тасев има реплика.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Сосема на кратко, значи немаме дилеми, не гледам во што беше репликата кога се согласуваме по сите прашања и по сите податоци кои беа изнесени. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, сесијата ја продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот).